Универзитет „*Св. Кирил и Методиј*“ - Скопје
Филзофски факултет - Институт за историја

# Создавањето и улогата на Варшавскиот пакт во периодот на Студената војна

**- магистерски труд -**

Ментор:
Проф. д-р Маргарита Пешевска
Редовен професор, Институт за Историја

Кандидат:
Вангел Аџиовски
(индекс бр. 3668/09)

Скопје, април 2013 година

*Овој труд го посветувам на мојата покојна мајка Антула Аџиовска*
*и им се заблагодарувам на безрезервната подршка на Симеон Николовски*
*и на моето семејство, сопругата Наталија и синот Антонио...*

## Содржина:

Апстракт ..... 4
Abstract ..... 5
Користени кратенки ..... 6
Преглед на табели и слики ..... 7

*Вовед* ..... 8

*Глава I*: *Меѓународната ситуација по Втората светска војна и Формирањето на Организацијата на Варшавскиот договор* ..... 12
I.1. Воено-политичките договори и сојузи од филозофско-правен и историски аспект ..... 12
I.2. Ситуацијата во Светот по завршувањето на Втората светска војна и почетокот на Студената војна ..... 14

*Глава II*: *Создавањето на Варшавскиот пакт - причини и повод* ..... 23
II.1. Советизацијата на земјите од Источна Европа и нивните први економски и воени поврзувања со Советскиот сојуз ..... 23
II.2. Создавањето на Организацијата на Варшавскиот договор ..... 27

*Глава III*: *Структура и дејствувањето на Варшавскиот пакт* ..... 32
III.1. Правната структура и целите на Варшавскиот договор ..... 32
III.2. Политичката организација и нејзиното дејствување ..... 37
III.3. Воената организација и нејзиното функционирање ..... 50

*Глава IV*: *Воената доктрина, воените сили и планови и нуклеарното вооружување на Варшавскиот пакт* ..... 58
IV.1. Воената доктрина на Варшавскиот пакт ..... 58
IV.2. Воените сили и нивните заедничките вежби ..... 63
IV.3. Воените планови и стратешките правци ..... 67
IV.3.1. Западниот стратешки правец ..... 69
IV.3.2. Југозападниот стратешки правец ..... 71
IV.4. Стратешкото вооружување и воено-техничката опрема ..... 72

*Глава V: Воените интервенции на СССР и на земјите-членки на Варшавскиот пакт* ..... 81
V.1. Советската воена интервенција во Унгарија во 1956 година ..... 81
V.2. Интервенцијата на земјите-членки на Варшавскиот пакт во Чехословачка во 1968 година ..... 86

*Глава VI*: *Земјите-дисиденти во Варшавскиот пакт: Албанија и Романија* ...... 93
VI.1. Албанија ........ 93
VI.1. Романија ........ 98

*Глава VII*: *Односите помеѓу Варшавскиот пакт и НАТО-пактот, соодносот на воените сили и преговорите (САД-СССР) за разоружување и ограничување на нуклеарното вооружување* ........ 102
VII.1. Општо за односите помеѓу НАТО и Варшавскиот пакт ........ 102
VII.2. Соодносот на воените силите на НАТО и Варшавскиот пакт........ 104
VII.2.1. Општиот соодност на воените сили ........ 104
VII.2.2. Копнените сили ........ 106
VII.2.3. Воздухопловните сили ........ 113
VII.2.4. Поморските сили ........ 116
VII.2.5. Нуклеарното вооружување ........ 118
VII.3. Преговорите за разоружување и ограничување на вооружувањето ........ 125
VII.3. 1. Првите преговори и состаноци за разоружување ........ 125
VII.3.2. Периодот на детантот и преговорите за ограничување на стратешкото вооружување – САЛТ, СТАРТ и СОРТ ........ 129
VII.3.3. Останатите договори помеѓу САД и СССР за ограничување на вооружувањето ........142

*Глава VIII*: *Распуштањето на Варшавскиот пакт и крајот на Студената војна - почетокот на транзицијата во земјите од Источна Европа* ........ 143

*Глава IX*: *Значењето и улогата на Варшавскиот пакт во меѓународните односи и Студената војна во втората половина на XX век* ........ 150
IX.1. Значењето и улогата на Варшавскиот пакт ........ 150
IX.2. Студената војна како историски процес ........ 155

*Заклучок* ........ 159

Извори и литература ........ 168
Прилози ........ 173

## Апстракт

Во овој труд ќе бидат изложени: причините за создавањето, делувањето, улогата и значењето, како и причините за распуштањето на Организацијата на Варшавскиот договор во периодот на Студената војна. Варшавскиот пакт или Договорот за пријателство, соработка и взаемна помош бил основан на 14 мај 1955 г. од страна на СССР, Бугарија, Чехословачка, Германската Демократска Република, Унгарија, Романија, Полска и Албанија, како одговор на повторното наоружување на Сојузна Република Германија и нејзиниот прием во НАТО. Овој воено-политички сојуз бил производ на Студената војна и формално-правно го легимитирал советското воено присуство во земјите-членки на пактот. Албанија од 1962 г. не учествувала во работата на пактот, а во 1968 г. еднострано го откажала. Романија во текот на постоењето на пактот, водела независна и самостојна политика од СССР и другите членки на пактот. Главен политички орган на пактот бил Политичко-консултативниот комитет (ПКК). Воената структура ја сочинувале: Обединети вооружени сили (ОВС) - составени од воени сили на сите членки, Обединета команда на чело со Главен командант (маршал на СССР) и при него Штабот на вооружените сили. Обединетите вооружени сили биле предводени од советските воени сили стационирани во земјите-членки, а во Обединетата команда раководна улога имале советски офицери. Во 1968 г. земјите-членки на пактот, освен Романија, учествувале во воената инвазија врз Чехословачка во уривањето на т.н. „Прашката пролет“. По падот на комунистичките режими во Источна Европа кон крајот на 80-тите години, на состанокот во Прага на 1 јули 1991 г. било донесено решение за распуштање на Варшавскиот пакт. Од 1991 до 1994 г., советските трупи постепено се повлекле од сите поранешни земји-членки на пактот.

**Клучни зборови:**

Варшавски пакт, Варшавски договор, НАТО, Студена војна, блокови, блоковска поделба, воено-политички сојуз, Политичко-консултативен комитет, ПКК, состаноци на ПКК, Обединети вооружени сили, ОВС, Обединета команда, воени вежби, маневри, трка во вооружување, нуклеарно вооружување, соодност на воени сили, преговори за разоружување, САЛТ, воена интервенција, Прашка пролет, Унгарска револуција, суперсили, СССР, САД.

# Abstract

In this paper will be on display: the reasons for the creation, action, role and significance, as well as the reasons for the dissolution of the Warsaw Treaty Organization in the Cold War period. Warsaw Pact or Treaty of Friendship, Cooperation and Mutual Assistance was founded on May $14^{th}$, 1955 by the USSR, Bulgaria, Czechoslovakia, German Democratic Republic, Hungary, Romania, Poland and Albania, as a response to the re-arming of Federal Republic of Germany and its admission to NATO. This military-political alliance was a product of the Cold War and formally and legally endorsed the Soviet military presence in the member countries of the Pact. Albania stopped participating in the work of the Pact in 1962, and in 1968 unilaterally canceled its membership. Romania, during the existence of the Pact, led an independent policy from the USSR and the other members of the Pact. The main political body of the Pact was the Political Consultative Committee (PCC). The military structure was constituted by: Unified Armed Forces (UAF) - composed of military forces from all member countries, Combined Command headed by Supreme Commander (First Deputy Minister of Defense of the Soviet Union) and within a Headquarters of the Armed Forces. Soviet military forces stationed in the member countries led the Unified Armed Forces, and in the Combined Command, Soviet officers had the managerial role. In 1968 the member countries of the Pact, except Romania, participated in a military invasion of Czechoslovakia in the collapse of the so-called "Prague Spring." After the fall of communist regimes in Eastern Europe in the late 80's, on July $1^{st}$, 1991, at a meeting in Prague, a decision was reached to dissolve the Warsaw Pact. From 1991 to 1994, Soviet troops gradually withdrew from all former member countries of the Pact.



**Keywords:**

Warsaw Pact, Warsaw Treaty, NATO, Cold War, blocks, block division, military-political alliances, Political-Consultative Committee, PCC, Unified Armed Forces, UAF, Combined Command, military exercises, maneuvers, arms race, nuclear arms, ratio of military forces, disarmament negotiations, SALT, military intervention, the Prague Spring, Hungarian Revolution.

## Користени кратенки:

**СССР** - Сојуз на Советските Социјалистички Републики

**САД** - Соединетите Американски Држави

**ГДР** - Германската Демократска Република

**ЧССР** - Чехословачката Социјалистичка Република

**СРГ** - Сојузна Република Германија

**ООН** - Организација на Обединетите Нации

**СЕВ** - Совет за взаемна економска помош

**ПКК** - Политичко-консултативен комитет

**ОВС** - Обединети вооружени сили

**ФВД** - Фронт на воени дејства

**ГСВГ** - Група на советски војски во Германската Демократска Република

**КПСС** - Комунистичка партија на Советскиот Сојуз

**КП** - Комунистичка партија

**НАТО** - **NATO** (The North Atlantic Treaty Organization) - Северноатлантска организација

**ЕОЗ** - Европска одбрамбена заедница

**ИКБП** - Интерконтинентални крстосувачки балистички проектили

**ПИКБП** - Поморски интерконтинентални крстосувачки балистички проектили

**МИРВ** - **MIRV** (Multiple independently targetable reentry vehicles) - Подвижни интерконтинентални проектили со повеќе независни боеви глави

**МаРВ** - **MaRV** (The maneuverable reentry vehicle) - Наведувани подвижни интерконтинентални проектили со повеќе боеви глави

**САЛТ** - **SALT** (Strategic Arms Limitation Talks) - Договор за ограничување на стратешкото вооружување

**СТАРТ** - **START** (Strategic Arms Reduction Treaty) - Договор за намалување на стратешкото вооружување

**ЕПУ - EPU** (European payments union) - Европска платежна унија

**ООЕЦ - OEEC** (Organisation for European Economic Cooperation) - Организација за европска економска соработка

**ММФ** - Меѓународен монетарен фонд

**ГАТТ** - **GATT** (The General Agreement on Tariffs and Trade) - Општа спогодба за царини и трговија

**ММФ - IMF** (International Monetary Fund) - Меѓународен монетарен фонд

## Преглед на табели и слики:

### а) Табели:

**Табела 1**. Број на советски нуклеарни проектили во периодот 1963-1978 г. ------------- 76
**Табела 2**. Вкупните стратешки нуклеарни сили на Советскиот Сојуз во 1978/79 г. ----- 78
**Табела 3**. Стратешките нуклеарни сили на СССР во 1981 г. --------------------------------- 78
**Табела 4**. Соодносот на копнените сили на НАТО и Варшавскиот пакт
на централното европско боиште во 1976/77 г. ---------------------------------- 108
**Табела 5**. Број на луѓе во вооружените сили на НАТО и Варшавскиот пакт ----------- 111
**Табела 6**. Воздухопловните сили на НАТО и Варшавскиот пакт во Европа ------------ 114
**Табела 7**. Поморските сили на НАТО и Варшавскиот пакт на Европското
боиште во почетокот на 80-тите години ------------------------------------------- 117
**Табела 8**. Поморските авијациски сили на НАТО и Варшавскиот пакт
на Европското боиште во почетокот на 80-тите години ------------------------ 117
**Табела 9**. Нуклеарното вооружување од среден домет во Европа според
податоците на лидерите на САД и СССР -
Реган и Брежнев во ноември 1981 год. -------------------------------------------- 120
**Табела 10**. Порастот на бројот на нуклеарните подморници, како и
балистичките проектили и боевите глави на подморниците
во периодот на Студената војна -------------------------------------------------- 121
**Табела 11**. Стратешките нуклеарни сили на САД и СССР
и нивниот соодност во 1981 година ---------------------------------------------- 122

### б) Слики:

**Слика 1.** Европа по Втората светска војна ------------------------------------------------------ 22
**Слика 2.** Од лево кон десно: Главните команданти на ОВС на Варшавскиот пакт:
Конев, Гречко, Јакубовски, Куликов и Лушев ----------------------------------------- 57
**Слика 3.** Воената вежба на Варшавскиот пакт „Родопи“- Бугарија, 1967 г. -------------- 65
**Слика 4.** Морнаричка пешадија за време на воената вежба „Штит 82“ во Бугарија ---- 66
**Слика 5.** Западниот стратешки правец ----------------------------------------------------------- 69
**Слика 6.** Југозападниот стратешки правец ------------------------------------------------------ 71
**Слика 7.** Команданти на Варшавскиот пакт за време на една воена вежба ------------ 79
**Слика 8.** Бројот на војници на членките на НАТО и Варшавскиот пакт во 1973 г. ----- 107
**Слика 9.** Слика 9. Разговор помеѓу Леонид Брежнев и Ричард Никсон
во Вашингтон - 1973 г. ----------------------------------------------------------------- 131
**Слика 10.** Редослед на лансирањето на MINUTEMAN III (МИРВ) ------------------------ 137
**Слика 11.** Лидерите на земјите-членки на Варшавскиот пакт на состанокот на ПКК
во Берлин (ГДР) на 29 мај 1987 г. ------------------------------------------------ 153

# Вовед

Крајот на Втората светска војна, покрај поразот на силите на Оската, Италија, Јапонија и во прв ред на нацистичка Германија, донесе и продлабочување на разликите помеѓу членките на Антихитлеровската коалиција, односно помеѓу Соединетите Американски Држави (САД) и Велика Британија, од една страна и Советскиот Сојуз (СССР), од друга страна. Во прв план, противречностите помеѓу поранешните сојузници биле од идеолошки карактер, односно капиталистичкиот Запад, устроен врз принципите на либералната демократија (предводен од САД, Велика Британија и Франција), наспроти социјалистичкиот еднопартиски систем во Советскиот Сојуз, предводен од страна на владеачката комунистичка партија.

Уште во првите години по војната се видело дека ситуацијата во светот и во Европа коренито се променила. Во Европа недовербата била сé поголема, бидејќи одделните земји се развивале во различни насоки. Во земјите по влијание на Советскиот Сојуз во Источна Европа: Полска, Чехословачка, советската окупациона зона во Источна Германија (од 1949 год. - Германска Демократска Република), Унгарија, Романија, Бугарија, Албанија и Југославија (до 1948 год.) била отстранета (во повеќето земји со советска помош и асистенција) политичката опозиција и бил воспоставен еднопартиски политички систем и државна планска економија. Во западноевропските земји продолжила да суштествува парламентарната либерална демократија т.е. повеќепартиски систем и пазарна економија. Во Западна Европа истовремено течеле процеси на политичко разединување, особено во Италија и Франција, каде имало силни политички движења на политичката левица и силни комунистички партии.

Напнатоста растела и во окупираните германски територии, каде падот на нацистичка Германија и потребата од пополнување на појавениот вакуум во власта, довело до прекин на воената соработка. Целите на сојузниците биле премногу различни. Черчил се обидувал да не дозволи супериорност на Советскиот Сојуз во Источна и Централна Европа, а од друга страна Сталин сакал да добие територии како сатисфакција за советските воени победи и страдањата на рускиот народ. Во почетокот, новиот претседател Хари Труман се обидувал да ја продолжи политиката на својот претходник и да го одржува

меѓусебното разбирање меѓу сојузниците, но на крајот на првиот мандат исчезнала и најмалата трага од хармонијата во меѓусебните односи од воеснoто време. Соединетите Американски Држави и Советскиот Сојуз, двата периферни гиганти, се нашле еден против друг во самото срце на Европа.

Токму во такви услови, со распадот на Антихитлеровската коалиција во 1946-1947 год., започнал периодот на Студената војна. Тоа е повоениот период на Студената војна, кој подразбира отворено спротивставување помеѓу две групи држави: таканаречениот капиталистички блок на западните земји, наспроти таканаречениот социјалистички блок на земјите на *„народната демократија“* од Источна Европа. Односно, Соединетите Држави и нејзините сојузници, од една и Советскиот Сојуз и неговите сојузници, од друга страна.

Односите меѓу двете суперсили се развивале во правец, опасен по светскиот мир. Соединетите Држави и земјите од Западна Европа се здружувале против Советскиот Сојуз, кој заради сопствената безбедност формирал заштитни зони околу своите граници, при што се влегол во непосредна соработка и сојуз со државите во кои по завршувањето на војната се создале просоветски влади. На овој начин светот бил поделен на два, меѓусебно идеолошки спротивставени табори, кои започнале да создаваат планови за системи за заедничка безбедност, од кои, подоцна ќе произлезат идните воени блокови НАТО и Варшавскиот пакт.

Студената војна се́ повеќе се заканувала со ескалација, такашто потребата од вооружување била неминовна. Уште од самиот почеток било поставено прашањето за создавање на атомско оружје. Како што е познато во 1945 год. Соединетите Американски Држави била единствената држава која поседува атомско оружје, кое и практично било употребено над јапонските градови Хирошима и Нагасаки, при што разурнувањата и човечките жртви биле застрашувачки. Во текот на понатамошните советски обиди било создадено атомско, а потоа и термо-нуклеарно оружје. Нуклеарниот потенцијал бил огромен, но огромните резерви на ова смртоносно оружје не носеле никаква полза, а трошоците за нивното производство и складирање се зголемувале. Сето тоа имало огромни последици врз економиите на двете нуклеарни сили (САД и СССР), а посебно негативно се одразило врз советската економија.

Во денешно време, во нашата историска литература, со оглед на крајот на Студената војна и распаѓањето на поранешниот Источен блок, а со тоа

постоењето единствено на Северноатлантскиот пакт (НАТО), скоро воопшто и да не се обработува подетално суштината на причините за создавањето на Варшавски пакт и неговата воена и политичка организација. Така, во периодот на моите студии, за овој период наидував на понова историска литература, во која, во прв план, се обработува историјата и организацијата на НАТО пактот. Тоа најверојатно се должи на денешниот тренд, со оглед на заложбите на нашата земја, впрочем како и на речиси сите поранешни социјалистички земји, за зачленување во НАТО пактот како рамноправни и полноправни членки.

Токму затоа, а секако во консултација со мојот ментор проф. д-р Маргарита Пешевска, се водев во изборот на темата за овој магистерски труд. Од истите причини, користената литература при изработката на трудот, во поголем дел ќе биде од странски автори (западноевропски и источновропски) издадена во периодот пред 1990 год. т.е. од периодот на Студената војна и постоењето на двата воено-политички блока НАТО и Варшавскиот договор.

Предмет на истражување на магистерскиот труд ќе биде создавањето, функционирањето, улогата и значењето на Организацијата на Варшавскиот договор во рамките на светските историски процеси по Втората светска војна, односно во периодот на Студената војна и блоковската поделеност на светот. Посебно внимание ќе биде посветено на историските предуслови за појавата на блоковската биполаризација и формирањето на двата меѓусебно спротивни воено-политички блокови: НАТО и Варшавскиот пакт со посебен осврт на причините и поводот за создавањето на Варшавскиот пакт. Ќе бидат обработени односите помеѓу двата блока, како и меѓусебниот соодност на силите, поточно соодносот на воените сили и средства, конвенционалното вооружување и посебно стратешкото нуклеарно вооружување, за што ќе бидат прикажани и споредбени табели. Во тој контекст, во посебно подглавје (VII.3) ќе бидат разработени преговорите за разоружување и ограничување на вооружувањето помеѓу предводниците на двата блока - САД и СССР. Исто така, ќе биде истражувано и анализирано функционирањето на политичката и воената организација на Варшавскиот пакт, како и воено-политичката соработка и односите помеѓу неговите земјите-членки. Не би можело да се разработи темата на овој труд, а да не се опфатат земјите-дисиденти во пактот (Албанија и Романија) и воените инетрвенции во Унгарија и Чехословачка на СССР, односно на здружените сили на земјите-членки на пактот. Потоа ќе бидат

изложени причините поради кои дошло до распуштање на Варшавскиот пакт во контекст на тогашната политичка ситуација во Европа и светот. На крај ќе бидат објаснети последиците од распадот на СССР и советскиот блок врз земјите од Источна Европа и целата меѓународна заедница и почетокот на транзицијата на општествено-политичките и економските системи во источноевропските земји.

Предметот на истражување на овој труд ќе биде формулиран во неколку правци, односно периоди:

- Причините за почетокот на Студената војна по завршувањето на Втората светска војна и формирањето на Варшавскиот пакт;
- Политичката и воената организација на Варшавскиот пакт, неговите воени планови и стратешки правци, вооружувањето на земјите-членки на пактот, заедничките вежби и воено-политичката соработка;
- Воените интервенции на силите на СССР, односно здружените сили на Варшавскиот пакт во други земји-членки - Унгарија, односно Чехосоловачка.
- Дејствувањето на земјите-дисиденти во Варшавскиот пакт, независно од СССР и другите земји-членки, како и причините поради кои дошло до раскин со Албанија и до водењето на една независна политика на Романија;
- Односите на Варшавскиот пакт со НАТО, соодносот на вооружувањето, воено-техничките средства и воените сили, како и меѓусебната трка во нуклеарното вооружување;
- Воопшто за улогата и значењето на Варшавскиот пакт во меѓународните односи во периодот на Студената војна;
- Првите знаци на економско истоштување на СССР, поради големите издатоци во трката во вооружување со економски посилните САД и поради неефикасниот социјалистички економски систем со централно планирање на производството;
- Почетокот на *„Перестројката" и „Гласноста"* во Советскиот Сојуз и демократските промени во целиот Источен блок, распуштањето на Варшавскиот пакт, а со тоа и конечниот крај на Студената војна;

За што поуспешна изработка на магистерскиот труд ќе биде спроведено истражување на објавената и необјавената изворна документација со непосредно користење на историските извори, ќе биде користена соодветна литература, издадена за време и по истражуваниот период, како и електронски извори и литература достапна на интернет сајтови.

## Глава I

## Меѓународната ситуација по Втората светска војна и формирањето на Организацијата на Варшавскиот договор

### I.1. Воено-политичките договори и сојузи од филозофско-правен и историски аспект

Постојат повеќе филозофско-правни гледишта за поимот сојуз помеѓу две или повеќе земји, односно државно-правни субјекти. Очигледно е дека авторите се сложуваат во тоа дека воено-политичките сојузи се засноваат врз заклучувањето на меѓународен договор, најчесто помеѓу држави, а во во принцип, право да склучуваат меѓународни договори имаат потполно суверени држави. Најчесто се сретнуваат следните називи на меѓународните договори: *договори*, кои се најсвечени и најважни спогодби (најчесто политички), *конвенции* - помалку важни или повеќе специјални (технички) спогодби, *пактови* се посебно свечени политички договори, *спогодби* - најчесто економски, но и политички договори, потоа *аранжмани*, *протоколи*, *декларации*, *компромиси*, *статути*, *капитулации* итн.[1]

Што се однесува до историскиот развој на меѓународните договори, првиот договор во историјата, кој е сочуван, е арбитражниот компромис помеѓу сумерските градови-држави Лагош и Ума од пред повеќе од 3000 години, пред нашата ера. Потоа постојат сочувани договори од Стариот Египет, Стара Грција, Стариот Рим, па низ целата останата историја, сè до денешни денови.[2] Низ целиот историски развој на меѓународните договори се провлекува еден факт, а тоа е начелото на почитување на заклучените меѓународни договори, кое со развојот на меѓународното право претставувало општа институција на меѓународните договори. Но, од друга страна, истовремено имало и примери на прекршување и непочитување на договорните обврски. Може да се каже дека прекршувањето на договорните обврски својот врв го достигнало воочи Втората светска војна во практиката на земјите од Силите на оската[3].

---

[1] Bartoš, Milan, *Međunarodno javno pravo - ugovorno pravo*, Beograd 1986, 84-85.
[2] Повеќе за историјатот на меѓународните договори, види: Ibid., 73-78.
[3] Таков еклантантен пример е прекршувањето на договорот Рибентроп-Молотов од 1939 год., со нападот на нацистичка Германија на СССР (м.б.).

Општа практика на повеќето од меѓународните договори била да се склучуваат помеѓу две или повеќе пријателски или непријателски расположени земји, од привремени или далекурочни економски, воени, стратешки или од гео-политички интереси, а истото може да се каже дека важело и за договорите за сојузи. Во повеќето случаи, договорите за воено-политички сојузи ги потпишувале суверени земји, односни нивните влади и челници, кои имале заеднички интереси, како од економски и воен, така и од политички аспект. Но, сепак постоеле и примери кога неколку помалку моќни земји во економски, воен и политички поглед, влегувале во сојуз со една или повеќе економски развиени или воено моќни држави, под притисок и влијание на последните, но честопати и под директна воена закана. Факторите кои влијаеле на тоа, како државите ги одбирале или биле принудени да ги одберат своите сојузници, директно го одредувале развојот на меѓународниот систем во целина.

Неспособноста или неуспехот да се сфати и процени потеклото на сојузите може да има тешки последици за самата држава и за резултатите од нејзините идни војни и воено-политички цели и намери. Таков е примерот со Француско-пруската војна, кога Франција ѝ објавила војна на Прусија, откако била убедена дека Австрија ќе го стори истото, но таа (Австрија) под влијание на дипломатијата на фон Бизмарк останала неутрална.[4] На крајот војната завршила со победа на Прусите, а прускиот крал Вилхелм I се прогласил за германски император, со што бил создаден Вториот Рајх. Истата погрешна гео-стратешка проценка важи и за Германците во периодот пред Првата светска војна, кога не ја земале во предвид можноста за стапување во сојузи на Русија со Франција и Велика Британија, врз основа на кои подоцна била создадена Антантата, која и ќе стане победнички сојуз на земји во Првата светска војна.[5]

Како резултат на овие погрешни процени, во време на Студената војна, суперсилите САД и СССР и нивните сојузници усвоија низа принципи и насоки во создавањето на нивните сојузи и во своите надворешни политики. Според повеќето теоретичари во основата на создавањето на сојузите лежи балансот на моќта, но постојат и мислења (на пр. Стивен Волт) дека земјите влегуваат во сојузи за да создадат баланс против заканите, а не само против моќта.[6] Во тој

---

[4] Волт, Стивен М., *Потеклото на сојузите*, Скопје 2009, 2.
[5] За други примери на такви погрешни стратешки проценки, види: Ibid.
[6] Ibid., 5.

контекст, од овие теоретичари, САД и неговиот сојуз НАТО пактот би биле сфатени како сојуз на баланс против советската закана, а СССР и неговиот Варшавски пакт, во прв ред, како идеолошки сојуз. Историјата покажа дека САД и НАТО пактот на левичарските и марксистичките движења во светот гледале како на комунистичка, односно советска закана против нив самите.

Според тие сфаќања дека земјите се балансираат против закани, САД создале и одржувале глобален сојуз, кој му конкурирал на идеолошки обоениот СССР и неговите сојузници. Од друга страна, советскиот блок бил создаден за зачувување на социјалистичкото уредување во земјите на Источна Европа, додека иделошките разединувања како советско-кинескиот раздор ја зголемиле советската изолација[7] и го намалиле неговото влијание во комунистичкиот свет.

## I.2. Ситуацијата во светот по завршувањето на Втората светска војна и почетокот на Студената војна

Можеме да кажеме дека Советскиот Сојуз по завршувањето на Втората светска војна ја засилил својата позиција во однос на периодот пред започнувањето на истата. Имено, Хитлер го нападнал СССР на 22 јуни 1941 год. како што самиот имал кажано *„за да ја спаси Европа од болшевичката опасност, која треба да се отфрли во Азија каде ѝ е местото“*[8], но на крајот од војната единиците на Црвената армија го зазеле дури и Берлин и под нејзина окупација се наоѓала цела Источна Европа и голем дел од Балканскиот полуостров. Покрај тоа што играл одлучувачка улога за поразот на нацистичка Германија, Советскиот Сојуз израснал во најголема европска воена сила, а под негово влијание комунистичките партии одиграле значајна улога во движењата на отпорот во повеќето европски земји под германска окупација.

Корените на Студената војна и блоковската биполаризација во светски рамки, кои траеле низ речиси целата втора половина на 20 век, можат да се бараат уште во периодот веднаш по завршувањето на Втората светска војна и одржувањето на Потсдамската конференција во 1945 год. и Мировниот договор од Париз во 1946 год., со кои беа одредени границите на повоена Европа, но и

[7] Ibid., 6.
[8] Лакер, Волтер, *Историја Европе : 1945-1992*, Београд : Clio, 33.

била санкционирана поделбата на поразена Германија од страна на четирите земји-победнички Велика Британија, Франција, САД и СССР.

Со приближувањето на крајот на Втората светска војна сé повеќе се наметнувала потребата од разгледување на прашањето за повоениот свет. На една страна растеле желбите на сојузниците, а од друга стана растеле и меѓусебните спротивставени стојалишта во врска со уредувањето на односите во идната меѓународна заедница. Тоа набрзо ќе произведе различни пристапи во решавањето на последиците од војната и во воспоставувањето на нови меѓународни односи.

Така се појавиле два пристапи, еден поглед застапувале САД и западноевропските држави, а на друга страна се наоѓал Советскиот Сојуз. Како слабеела и опаѓала воената моќ на силите на Оската, разликите, помеѓу сојузниците се зголемувале. Со цел решавање на проблемите натрупани со војната, била свикана Конференцијата во Јалта. Во Јалта се разговарало за разни прашања, на пример за ангажирањето на СССР во војна против Јапонија, за Организацијата на Обединетите Нации (ООН)[9], воената отштета од Германија[10], за француското учество во окупацијата на Германија. Некои прашања останале отворени, а за повеќето сепак бил постигнат договор, што немало големо значење бидејќи требало да се види на кој начин договорите ќе бидат толкувани и спроведувани.[11] Меѓутоа, ситуацијата почнала да се усложнува по завршувањето на конференцијата. Двете страни изнесувале сé повеќе меѓусебни приговори, што влијаело на продлабочувањето на спротивставените стојалишта.

Конференцијата во Потсдам, одржана во втората половина на 1945 год., била свикана поради решавање на насобраните проблеми. На неа повторно било поставено прашањето за Германија, при што било истакнато дека Германија би требало да биде поделена на повеќе помали држави. Бидејќи, по окупацијата Германија била многу послаба отколку што се очекувало, на конференцијата се наметнало и прашањето како да таа да се сочува од „потполен крах“. И Советите биле попустливи во своите ставови на оваа

---

[9] Со залагање на Советите (Сталин) постојаните членки на Советот за безбедност добиле право на вето, види: Kenedi, Pol, *Uspon i pad velikih sila sila : Ekonomska promena i ratovanje od 1500. do 2000. godine*, Podgorica-Beograd 1999, 441.

[10] Советите спомнувале износ од 20 милијарди американски долари. Лакер, Волтер, op. cit.,135.

[11] Ibid.

конференција, бидејќи биле свесни дека идната германска држава ќе биде во можност да ја исплати воената отштета (за која СССР веќе истакнал барање), само доколку германската индустрија биде обновена. Сепак, и на оваа конференција се продлабочил јазот помеѓу СССР и Западот. Дефинитивно може да се каже дека конференцијата била неуспешна и била вовед во распадот на победничката воена коалиција.[12]

Конечно, Антихитлеровската воена коалиција се распаднала неколку месеци по наведената конференција. Распадот на воената алијанса бил предмет на многу расправи и критики. Така, постоеле мислења дека алијансата со повеќе државничка мудрост би можела да се сочува. Меѓутоа, гледано наназад, нејзиниот распад веројатно можел да се одложи, но не и да се избегне. Изградбата на пријателски односи врз веќе спомenатата недоверба, посебно изразена од страна на Сталин, понатаму не била возможна, иако на СССР му одговарало и понатаму да ја прима економската помош која му била потребна. Но, на Сталин му било повеќе потребно да оствари геостратешки и политички придобивки. Секако, како причини за распадот на коалицијата, треба да се земат во предвид и различните идеологии и општествени системи.

Пред сé, доктрината врз која се потпирал Советскиот Сојуз била онаа од Аугсбуршкиот мир (1555 год.) „*cuius region, eius religio*" (чија е земјата, негова е религијата),[13] такашто Советите се залагале, и воено, и политички, за победа на комунистичките партии во земјите под негово влијание. Значи, распадот на алијансата бил само прашање на време, што ќе покажат и настаните кои надоаѓале. Расколот помеѓу поранешните сојузници бил очигледен, но истовремено постоел страв од нов светски воен судир. Новите односи и стуацијата, посебно во Европа, од една страна, ги наметнале САД како предводник на Западот во воена, политичка и економска смисла, а од друга страна СССР како главен поттикнувач и потпомагач на комунистичките преземања на власта во Источна Европа. Поради таа ситуација и ширењето на советското влијание во светот, Франција ги променила своите ставови и почнала да соработува со Соединетите Држави и Велика Британија, посебно на стопански и воено-политички план.

---

[12] Ibid.,136-139.
[13] Ibid., 645.

Во желбата да ја зајакне сигурноста на СССР и истовремено да го прошири влијанието и границите на соицијализмот, Сталин упорно настојувал на што поголемо зафаќање на територии и што подлабоко навлегување во Европа. Во таквата ситуација капиталистичките земји гледале во СССР голема сила, која е подготвена да се придржува кон правилата на играта и заедно со нив да ги дели резултатите од победата. Според експертот за меѓународните политички односи во XX век - Радован Вукадиновиќ, *„идеолошките разлики и класните интереси на двете страни биле ставени во втор план, додека остварувањето на големодржавните идеи станало главна цел на дејствувањето, не само на западните земји, туку и на Советскиот Сојуз.“*[14]

Во март 1946 година во Универзитетот во американскиот град Фултон, Мисури, поранешниот британски премиер Винстон Черчил, во присуство на американскиот претседател, го одржал познатиот говор. Тој прогласил тревога поради советскиот експансионизам, опишувајќи го тоа како „железна завеса“ која се спуштила од Шчечин на Балтичкото Море до Трст на Јадранот. Во овој свој говор Винстон Черчил рекол: *„Од Шчечин на Балтичкото Море до Трст на Јадранското Море преку континентот се спушта 'железна завеса' “. Зад таа линија лежат сите главни градови на старите држави на Централна и Источна Европа. Варшава, Берлин, Прага, Виена, Будимпешта, Белград, Букурешт и Софија... во она што морам да го наречам советска сфера...*“.[15] Во истиот говор Черчил дал и идејна основа за создавање на еден сојуз на западните земји кога рекол дека: *„доколку западните демократи застанат заедно во блиска поврзаност кон принципите на Повелбата на ООН, нивното влијание во остварувањето на тие принципи ќе биде огромно и никој нема да се осуди да ги вознемири*“.[16]

Советите веќе наметнале прокомунистички влади во сите окупирани земји од страна на Црвената армија, како и во советската зона во Германија. Советската влада т.е. Сталин го квалификувал говорот на Черчил како повик на војна против Советскиот Сојуз, со што, може да се каже, започнала т.н. Студена војна. Несогласувањата меѓу поранешните сојузници се продлабочувале,

---

[14] Vukadinović, Dr. Radovan, *Odnosi među evropskim socijalističkim državama : SEV i Varšavski ugovor*, Zagreb 1970, 36-37.

[15] Види: Гедис, Џон Луис, *Хладни рат : ми данас знамо*, Београд : Clio, 2003, 40 и Лакер, Волтер, op. cit., 63.

[16] *Свет после Другог светског рата*. Том 1, Београд : Слобода,1975, 394.

такашто СССР својата окупациона зона во Германија, во политички и економски поглед, ја одделил од другите три на Западните сили,[17] кои пак, своите зони започнале да ги обединуваат во една капиталистичка држава со повеќепартиски политички систем - Сојузна Република Германија (СРГ).[18]

Се јавила потреба за подлабока економска интеграција, и тоа од двете страни на *„железната завеса"*. Земјите на *Бенелукс* (Белгија, Холандија и Луксембург) формирале царинска унија (1944/1948 год.), која подоцна во 1958 год. прераснала во економска унија, што ќе влијае врз натамошните европски интеграции. На светско ниво сé поголема улога добивала ООН, како и трите економски организации кои имале за цел да ги уредуваат и координираат акциите на светскиот стопанско-финансиски систем, барем во неговиот капиталистички дел. Тие организации биле:

- **Меѓународниот монетарен фонд (ММФ; IMF)** како меѓународна финансиска организација од универзален карактер и специјализирана агенција на ООН со седиште во Вашингтон. ММФ бил основан во јули 1944 год., а стапил во сила во декември 1945 година,[19]
- **Светската банка,** формирана во 1944 год. и
- **Општата спогодба за царини и трговија (ГАТТ; GATT),** создадена - 1947 г.

Во првите години на повоениот период, советските претензии се прошириле и на Средоземното море и Дарданелите (Грција и Труција). Во тој период, во Грчката граѓанска војна комунистичките партизани биле помагани од страна на Сталин и СССР. Од друга страна, Британците воено и финансиски ги помагале грчката кралска влада и владините сили, како и Труција. Но, поради тешката економска криза по војната Велика Британија таа помош ја ускратила. Поради опасноста од проширување на советското влијание на Грција и Труција, американскиот претседател Хари Труман во 1947 год. побарал и добил од Конгресот, 400 милиони долари за економска помош на овие две земји.[20] Според Труман, економската помош била наменета за подршка на слободните народи во нивното спротивставување на вооруженото малцинство, подржано однадвор. Овој негов политички потег е познат како *„Труманова доктрина"*.

---

[17] Kenedi, Pol, op. cit., 424.
[18] Повеќе за историските процеси кои се одвиваа во германските окупациски зони во првите години по војната, види кај: Лакер, Волтер, op. cit., 110 - 123.
[19] Гедис, Луис Џон, op. cit., 280.
[20] Пешевска, Маргарита, *Меѓународните односи по Втората светска војна*, Скопје, 1999, 39.

По завршувањето на Втората светска војна, речиси сите земји во Европа, повеќе или помалку, биле во ситуација на економски колапс со разорена инфраструктура и уништено стопанство. Токму затоа САД го изложиле „*Маршаловиот план*", кој бил економски програм за американска финансиска помош на европските земји со цел реконструкција на европското стопанство, предложен од државниот секретар на САД - Џорџ Маршал во својот говор на Универзитетот во Харвард во јуни 1947 година. Планот под официјален наслов *Програма за економска обнова* бил подготвен на состанокот на европските земји-учеснички во обновата и САД, одржан на 5 јуни 1947 година. Програмата за обнова на европските стопанства, кои биле уништени во Втората светска војна, ја прифатиле 16 земји од Западна Европа, САД и Канада. Американскиот Конгрес во април 1948 год. го усвоил *Актот за економска соработка*, со кој бил одобрени средства за „*Маршаловиот план*". Со средствата управувал Одборот за економска соработка, кој бил раководен од крупниот бизнисмен, републиканецот Пол Г. Хофман.[21]

Врз основа на „*Маршаловиот план*", за координација и администрација во исполнувањето на условите кои ги поставил планот била создадена **Организацијата за европска економска соработка** (**ООЕЦ**; англ. **OEEC**). Основни цели на ОЕЕЦ биле: олеснување на развојот преку укинување на трговските ограничувања, размена на нужните стопански, трговски и финанскиски информации, меѓусебни спогодби кои го олеснуваат регулирањето на сметките поврзани со размената и соработка во рамките на Европската платежна унија.[22] Од страна на членките на ООЕЦ во 1950 год. била формирана **Европската платежна унија (ЕПУ;** англ. **EPU)**, која овозможила развој на размената и трговијата помеѓу земјите-членки на ОЕЕЦ.

Помеѓу јули 1948 и јуни 1951 год. американската помош за западноевропските економии, во рамките на „*Маршаловиот план*", изнесувала над 13 милијарди долари на годишни рати, од кои во најголем дел како подарок. Главни корисници биле: Велика Британија, Франција, Италија, СР Германија и Холандија. Планот предвидувал финансиска помош и за земјите на Источна Европа и СССР, но под услов да изршат одредени реформи и да се

---

[21] Повеќе за „*Маршаловиот план*" види: Ibid., 34-37.
[22] *Organisation for European Economic Co-operation*, available at: http://www.oecd.org/general/organisationforeuropeaneconomicco-operation.htm (access. 25 february 2013)

врши инспекциска контрола како се трошат парите. Но, советската делегација, предводена од Вјачеслав Молотов[23], на состанокот во Париз не ги прифатила условите од планот. Потоа, под притисок на СССР, земјите од Источна Европа ја одбиле финансиската помош со *„Маршаловиот план“*. Во 1949 год., како одговор на *„Маршаловиот план“*, СССР го изнел т.н. *„Молотов план“*. Од него, подоцна, произлегол **Советот за взаемна економска помош (СЕВ)** во кој влегле социјалистичките земји од Источна Европа, под советска доминација. Повеќе за СЕВ ќе биде изложено во Глава II.

На крајот на 40-тите години се создала идеолошка бариера помеѓу двата спротивставени блока. Како поттик за тоа послужил и *Состанокот на комунистичките и работничките партии*, кој се одржал во 1947 год. со цел оценување на повоената политичка ситуација во светот. На него бил упатен повик за борба против светската империјалистичка доминација. Тоа било уште еден потстрек за САД и западните земјите да дејствуваат во правец на создавање на еден воен одбрамбен сојуз пред „комунистичката опасност“.

Следната фаза бил Бриселскиот пакт, потпишан на 17 март 1948 год. од страна на Велика Британија, Франција, Белгија, Холандија и Луксембург, што всушност се смета за претходница на Северноатлантскиот пакт. Во договорот била нагласена потребата на земјите од Западна Европа за меѓусебна соработка на воен план.[24] Бидејќи овој сојуз бил формиран без присуство на САД, Американците се ангажирале околу давањето воена помош на овие земји со намера, понатаму и самите САД да влезат во овој регионален сојуз.

Така, Конгресот на САД на 11 јуни 1948 год. ја прифатил Резолуцијата, предложена од сенаторот Артур Вандерберг[25], со која се барало САД да се поврзе со земјите од Западна Европа заради заедничка одбрана. Во истиот документ, им се препорачувало на САД да се приклучат кон регионалниот систем за европска безбедност. Вандерберг успеал да го убеди Конгресот да даде воена помош на Бриселскиот пакт и дозволил на САД да пристапат кон европскиот безбедносен систем. Врз основа на оваа Резолуција бил донесен закон, според кој САД започнале преговори со западноевропските држави за создавање на Северноатлантскиот сојуз. Нацрт-текстот за сојузот бил

[23] Советски политичар и дипломат, министер за надворешни работи во периодот 1939-1949 год.
[24] Пешевска, Маргарита, op. cit., 42.
[25] Артур Ванденберг (1884 - 1951) бил републикански сенатор во Сенатот на САД од сојузната држава Мичиген и учествувал во создавањето на ООН (м.б.).

изработен од претставниците на седум земји-основачи и тоа: САД, Канада, Франција, Велика Британија и трите земји на Бенелукс. Сепак, најголемиот дел од текстот бил составен од претставникот на САД - Дин Ачесон, кој дошол на местото на Џорџ Маршал, кој поднел оставка во јануари 1949 година.[26]

Конечно на 4 април 1949 год. во Вашингтон 12 држави (САД, Канада, В. Британија, Франција, земјите на Бенелукс, Италија, Данска, Норвешка, Исланд и Португалија) го потпишале **Северноатлантскиот договор - НАТО**.[27] Во согласност со договорните документи, создавањето на НАТО се објаснува со потребата од колективна одбрана од заканата од комунистичката агресија, која надвиснала над западните земји. Во февруари 1952 год. кон пактот се приклучиле Грција и Турција, а во 1955 год. и СР Германија. Структурата на НАТО се состоела од свој цивилен (политички) и воен дел и тоа:

- највисок политички орган, со седиште во Париз, бил **Советот на НАТО**, кој се состоел од министрите за надворешни работи, за финансии и за одбрана на земјите-учеснички, Генерален секретар на НАТО под чие раководство се наоѓале 18 одделенија, потоа неколку советодавни органи, 25 комитети од различни области и штаб на меѓународни експерти.
- највисоко воено тело, со седиште во Вашингтон, бил **Воениот комитет** во кој влегувале командантите на штабовите на членките и нивните заменици.[28]

НАТО пактот бил склучен на неограничено време, такашто по изминувањето на период од 10 години можел да се продолжи, а по 20 години секоја земја-членка можела да се откаже. Пактот имал четири заеднички команди и тоа: Команда за Централна, за Северна и за Јужна Европа, како и Команда за Атлантикот. НАТО, покрај внатрешните несогласувања (како француското повлекување од пактот во 1966 год.), сепак му послужил на Западот како средство за притисок врз СССР и неговите сојузници, како и врз други општествени левичарски или просоветски движења во Европа и светот. Се разбира, во воената доктрина и командувањето, доминатна и раководна улога имале американските офицери. Воени бази на САД, односно НАТО, во најголем број биле изградени на територијата на СР Германија.[29]

---

[26] Пешевска, Маргарита, op. cit., 41-42.
[27] Лакер, Волтер, *Историја Европе*..., 160.
[28] Пешевска, Маргарита, op. cit., 43.
[29] Ibid.

Конфронтацијата помеѓу САД и СССР не била ограничена само на една идеолошка реторика. Имено, Пентагон, уште од 1945 год. започнал со развивање конкретни планови, со утврден рок на нивна реализација, за нанесување на нуклеарни удари врз повеќе цели во СССР. САД и Западниот блок не се решиле на ваков чекор, поради стравот од можниот одговор на СССР, првично со конвенционално, а од 1949 год. и со нуклеарно оружје.[30]

Да заклучиме, по завршувањето на Втората светска војна, Европа била поделена (слика 1) на западен - капиталистички и источен - социјалистички дел. Политиката на недоверба, вооружување и меѓусебни обвинувања на двете спротивставни страни довело до Студената војна, која подолг период ќе ги обременува светските меѓународни односи. Западниот блок се потпирал на политичка и воена соработка со САД и зависел од неговата економска и финансиска помош со т.н. „*Маршалов план*“, а од друга страна Источниот блок бил под економско (СЕВ) и воено-политичко влијание на СССР.



**Слика 1. Европа по Втората светска војна**

[30] Сулакшин, С.С. (науч. ред.) и др., *История России : Учебник для учителя*, Москва : Научный эксперт, 2012, Глава 25, 3.

# Глава II

## *Создавањето на Варшавскиот пакт - причини и повод*

### II.1. Советизацијата на земјите од Источна Европа и нивните први економски и воени поврзувања со Советскиот Сојуз

По завршувањето на Втората светска војна, Советскиот Сојуз бил присутен со својата силна армија во земјите на Источна и Централна Европа, како и на Балканот. Со тоа СССР се нашол во една многу поволна меѓународна ситуација и многу посилен на воен и политички план во меѓународните односи, отколку пред војната. Меѓудругото, положбата на Советскиот Сојуз значајно се подобрила со военото присуство на Црвената армија во Источна и Централна Европа на подрачјето, од Балтичкото море на север, па до Бугарија на југ, па сé до советските окупациски зони во Германија и Австрија на запад. Веќе со првите заладувања на односите со западните земји, СССР почувствувал потреба од осигурување на своите западни граници.

Политичката нестабилност на светот (по победата над нацистичка Германија) и нагласениот антагонизам помеѓу двата општествено-политички и економски системи, послужиле за биполаризацијата во светски рамки: западниот капиталистички блок на чело со САД и социјалистичките земји во Европа под патронат на СССР. Во таквите околоности на свое влијание во Источна и Централна Европа, СССР инсистирал со земјите на т.н. народна демократија да бидат потпишани двострани меѓународни *договори за пријателство, соработка и взаемна помош*,[31] кои требало да бидат основа за идниот сојуз на СССР со овие земји.

Уште за време за војната, на 12 декември 1943 год. Советскиот Сојуз потпишал таков договор и со чехословачката емигрантска влада[32] во Лондон. Слични договори СССР потпишал со Југославија и Полска во април 1945 година. Овие три договори, всушност, биле потпишани врз основата на тогаш популарната идеја на словенството, а не врз основа на градење на исти

[31] За потпишување на споменатите договри инсистирал Сталин. Види: Vukadinović, Dr. Radovan, op. cit., 192.
[32] Го потпишала под притисок на КП на Чехословачка. Ibid., 192-193.

општествено-политички уредувања.[33] Во периодот февруари-март 1948 год., 20-годишни *договори за пријателство, соработка и взаемна помош*, Советскиот Сојуз потпишал и со Романија, Унгарија и Бугарија.[34] Сите овие договори ја претставувале основата за идниот советски концепт на сојуз, односно, коалиционен систем со земјите во Источна и Централна Европа. Во сите овие земји секоја друга политичка опозиција на просоветските комунистички или работнички партии била постепено отстранувана[35].

Целите на овие договори се сведувале на:

- на сестрано развивање на пријателски односи помеѓу земјите од социјалистичкиот блок,
- на заедничко зацрвстување на мирот и сигурноста во целиот свет,
- на развивање на сестрана и братска взаемна помош и
- на развивање на најширока економска и културна соработка помеѓу социјалистичките држави.[36]

Врз основа на тоа, се тврдело дека секоја социјалистичка земја воедно добила и нови меѓународни функции, кои се огледуваат во: функцијата на братското пријателство, искрената соработка и несебичната взаемна помош. Во повоениот период 1945 - 1949 год., една од главните својства на односите на земјите од советскиот блок, било непостоењето на мултилатерална политичка, воена или економска организирана соработка. Првите договори, кои СССР ги склучил со земјите од Источна Европа имале прилично ограничен делокруг, а не се ни помислувало на некаква мултилатерално воено поврзување. Дури со формирањето на Комунистичкото информбиро, како идеолошки инструмент, се создало тело со задача да ги поврзе комунистичките и работничките партии од Источна Европа, како и италијанската и француската од Западот. Тој потег на совтското раководство да ги приближи тие партии кон СССР и да му овозможи полесна контрола над нив. Информбирото, на почетокот, немал некои посебни овластувања, а поважна улога добил како главно средство во пропагандните напади врз Југославија по судирот Сталин - Тито во 1948 година. [37]

---

[33] Ibid., 193.

[34] Ibid.

[35] Во повеќето источноевропски земји со советска помош. Поопширно види: Гедис, Луис Џон, op. cit., 67-71 (погл. V) и Лакер, Волтер, op. cit., 99-110 (погл. *Совјетизација Источне Европе*).

[36] Vukadinović, Dr. Radovan, op. cit., 28.

[37] Ibid., 29-30.

Покрај овие формално-правни и политички поврзувања, поволната повоена ситуација му овозможувала на Советскиот Сојуз да ја контролира и да влијае врз воената состојба во земјите на Источна и Централна Европа. Имено, значителни советски воени трупи биле стационирани во Романија, Полска, Унгарија и во советската окупациона зона во Германија. Советските воени сили активно учествувале во формирањето на армиите на овие земји, преку нивно вооружување со советско оружје и воена опрема, како и со испраќање на советски високи офицери и воени експерти во нивните армии.[38]

Споменатите двострани договори, на воен план биле гаранција во случај на напад од „*Германија или некоја друга држава во сојуз со неа*", но поради поделбата на Германија и нејзината катастрофална состојба по војната, таква опасност не постоела. Силните советски трупи во источноевропските земји (советската зона во Германија, Полска, Унгарија и Романија) пружале доволна гаранција за стабилноста на комунистичките системи во овие земји.[39] Со склучувањето на 20-годишните двострани договори со земјите од неговата сфера на влијание, Советскиот Сојуз ги задолжил овие земји да не склучуваат договори со советските противници и да се консултират со советската влада за сите важни меѓународни прашања. Подоцна, истата 1948 год., источноевропските држави и меѓусебно потпишале двострани договори за воено, политичко, економско и културно взаемно обврзување.

Првите чекори кон единствена воена организација биле направени на советувањето на генералните секретари и воените министри на земјите од советскиот блок, одржано во Москва од 9 до 12 јануари 1951 година. На тој состанок, Сталин наложил да се создадат вооружени сили на земјите од советскиот блок (со бројност од 3 милиони војници) и **Воено-координационен комитет** на чело со Н. Булганин[40] како претседател. Задача на Воено-координациониот комитет била снабдување на социјалистичките армии со неопходното вооружување и специјализација на производството на оружје во источноевропските земји.[41]

---

[38] Ibid., 193.
[39] Ibid., 31.
[40] Николај Булганин (1895-1975) бил истакнат советски политичар и воен деец - Маршал на Советскиот Сојуз. Тој бил министер за одбрана (1953-1955) и Премиер на СССР (1955-1958).
[41] *Варшавски договор*, aviable at: http://www.decommunization.org/Communism/Bulgaria/Warsaw pact.htm (access. 11 August 2012).

Паралелно со веќе спомнатите воени поврзувања со земјите од неговата сфера, СССР и на економско поле влијаел во тие земји. Развитокот на социјалистичките земји по Втората светска војна се одликувал и со тоа што секоја земја го пренесувала советскиот социјалистички модел со централно планирање во сопствениот стопански развиток. Меѓутоа, тоа довело до неекономично работење, кое било прикривано со недостатокот на механизам за формирање на цените и административно водење на стопанството.[42] Така, во источноевропските земји се граделе мегаломански металуршки центри (во прв ред железари и челичани) со што овие земји станувале зависни од советските суровиини. Во овие земји, исто така, започнало производство на машини и алати, кои однапред биле усогласени според потребите на Советскиот Сојуз и другите социјалистички земји.

Како што беше спомнато СЕВ бил основан во 1949 год. како одговор на американскиот „*Маршалов план*" за економска обнова на западноевропските земји и претставувал процес на економска интеграција околу СССР во склопот на меѓународната поделба на трудот. Во него биле присилени да се придружат сите советски земји-сателити од Источна Европа.[43] Воедно преку СЕВ се усогласувале економските планови на земјите на т.н. „*народна демократија*", како меѓусебно, така и со стопанските потреби на СССР. Но, економски слабиот СССР не можел да ги следи развиените Соединети Држави и нивната економска политика на давање помош на западноевропските земји, па затоа своето влијание го остварувал со помош на својата воена моќ и преку сталиновата политика на „цврста рака", при што секое различно мислење било отстранувано. Исто така, преку ова тело, СССР ги „врзувал" овие земји за себе и создал предуслови за развој на единствено мислење со кое овие земји се спротивставувале на Западот. Формирањето на економската организација на СССР и неговите сојузници - СЕВ, може да се каже дека воедно било и првото заедничко организирање на советскиот блок, со што земјите од Источна Европа се групирале околу СССР.

[42] Пешевска, Маргарита, op. cit., 38.
[43] Kenedi, Pol, op. cit., 423-424.

## II.2. Создавањето на Организацијата на Варшавскиот договор

По избувнувањето на Корејската војна, САД започнале со притисок за повторно вооружување на СР Германија и нејзино вклучување во НАТО. Меѓутоа, ваквиот предлог наишол на отпор кај Французите, кои од друга страна излегле со контра-план[44] за создавање на една наднационална Европската одбрамбена заедница (ЕОЗ), во која би се интегрирале германските воени сили заедно со силите на другите западноевропски земји (Франција, Италија, СРГ, Белгија, Холандија и Луксембург). Француската идеја била дека со овој план би се обезбедила соодветна контрола врз повторната германска милитаризација, односно би се спречило обновувањето на една национална и независна германска армија.[45] Договорот за ЕОЗ бил потпишан на 27 мај 1952 година. Меѓутоа, овој план (за вклучување на СРГ во ЕОЗ) бил одбиен токму од оние што и го предложиле, од самите Французи. Имено, францускиот парламент на 30 август 1954 год. го одбил овој план. Интересно е тоа што против планот гласале деголистите и комунистите.[46] Првите поради стравувањата од повторното вооружување на Германија, а вторите поради врзувањето на Франција со капиталистичките САД.

Во 50-тите години лидерите на западните земји отворено го нагласувале одбрамбениот карактер на НАТО и, поаѓајќи од тоа, СССР презел некои дипломатски чекори. Во почетокот на 1954 год., СССР предложил да се склучи договор за колективна безбедност во Европа. Притоа се предлагало европските земји да се повлечат од учество во сојузи чии одредби се во спротивност со колективната безбедност на Европа.[47] На 31 март 1954 год. и во јули, истата година, владата на СССР испратила нота до САД, Велика Британија и Франција во која предлагала да се разгледа прашањето за учество на Советскиот Сојуз во Атлантскиот пакт. Во возвратената нота предлогот на Советскиот Сојуз било одбиен под изговор дека влегувањето на СССР во НАТО би го изменила карактерот на самиот пакт.

Влегувањето на СРГ во НАТО и нејзиното повторно вооружување било потврдено на Лондонската конференција во септември 1954 год. на која САД, В.

[44] Идејата била на францускиот премиер Рене Плевен. Гедис, Луис Џон, op. cit., 184-185.
[45] Лакер, Волтер, op. cit., 119.
[46] Ibid., 164-165.
[47] Пешевска, Маргарита, op. cit., 44.

Британија и Франција решиле да го прекинат окупациониот режим во СР Германија и Бриселскиот пакт да биде дополнет со Италија и СРГ со што била создадена т.н. Западноевропска унија[48]. Исто така, во Париз било одлучено СРГ да биде примена во Западноевропската унија и во НАТО, а тоа всушност водело кон создавање на германски вооружени сили. Одлуките од Лондон биле прифатени и потврдени со Парисkите спогодби на 21 октомври, истата година.[49]

За да ги одврати западните земји од спроведување на Парисkите акти, СССР во тој период истапил и со низа предлози за заедничко разоружување на двете спротивставени страни. Првите советски предлози се однесувале на генерално и потполно уништување на атомското и нуклеарното оружје и намалуварње на оружените сили на петте големите за една третина. Со советскиот план, кој би се одвивал во две фази, се предлагало од неговото прифаќање до почетокот на 1956 год. да се замрзнат сите воени сили, конвенционалното оружје, како и трошоците за вооружување на нивото од 31 декември 1954 год. на петте големи држави. Веќе во почетокот на 1956 год. големите земји би ги смалиле своите воени сили на следното ниво: САД, СССР и НР Кина на 1.500.000, а Франција и Велика Британија на 650.000 војници. На овие чекори, подоцна, би се надоврзала забрана за нуклеарни проби, како и постепено затворање на базите на странска територија, а сите земји би се одрекле од секаква употреба на нуклеарно оружје. Советите предложиле во меѓупериодот, додека трае исполнувањето на овој план, нуклеарното оружје да се употребува само за извршување на одлуките на Советот за безбедност на ООН. Исполнувањето на втората фаза би значело прекинување со производство на нуклеарното оружје, би била забранета неговата употреба и би биле уништени сите нуклеарни залихи, така што кон крајот на 1957 год. никој не би поседувал нуклеарно оружје.[50]

Советскиот предлог-план за разоружување не бил прифатен од Западот, каде бил сфатен како обид на СССР да се добие во време за негово понатамошно вооружување. Имено, доколку се прифатеше советскиот предлог за замрзнување на воените ефективи, СССР на подрачјето на Источна Европа

---

[48] Повеќе за развитокот на европската идеја и европските интеграции види: Лакер, Волтер, op. cit., 157-168; а од советски историски аспект види: Уткин, Анатолий Иванович, *Доктрины атлантизма и европейская интеграция*, Москва 1979, 73-134 (гл. Втора).
[49] Лакер, Волтер, op. cit., 119-120.
[50] Vukadinović, Dr. Radovan, op. cit., 208.

би имал 28 дивизии или заедно со неговите сојузници 69 дивизии или 1.250.000 војници, додека од друга страна силите на НАТО во Западна Европа би биле далеку послаби т.е. САД и западноевропските земји би располагале со вкупно 16 дивизии или 240.000 војници.[51] Токму поради тоа, како и поради тоа што не успеале обидите СР Германија да се вклучи во Европската одбрамбена заедница, било тешко да се претпостави дека САД ќе го прифатат советскиот предлог. САД биле упорни во тоа да се продолжи со процесите на засилување на НАТО и поврзување на западноевропските воени ефективи.

По смртта на Сталин во 1953 год., дошло до промени во советското раководство, а на местото прв секретар на КПСС бил избран Никита Хрушчов[52], подоцна и Претседател на Президиумот на Врховниот совет на СССР. Новото раководство имало потешкотии со одржувањето на квалитетни односи и поврзаност со земјите од социјалистичкиот блок. Поради тоа, требало да бара нови начини на организација во неговата сфера на влијание. Исто така, преку овој сојуз требало да се надмине апатијата присутна кај раководствата на социјалистичките земји, поради апсолутна доминација на СССР и Сталин, посебно по режираните судски процеси и ликвидации на оние кои се спротивставиле на Сталиновата волја.[53]

Во меѓувреме, до 1954 год. завршила советизацијата на армиите на земјите од Источна Европа, на кои им биле наметнати советски воени правила и прописи, а на нивно чело се наоѓале советски офицери. На тоа се противеле активните учесници во отпорот за време на војната, кои потоа биле отстранувани од своите функции. Тоа имало негативно влијание врз единството на армиите на источноевропските земји. Затоа советското раководство со една нова организација требало да обезбеди безрезервна подршка на овие земји за неговата политика.[54] На средбата во Москва, од 29 ноември до 2 декември 1954 год., комунистичките лидери на СССР, Албанија, Бугарија, Германската Демократска Република (ГДР), Полска, Романија, Унгарија и Чехословачка

[51] Ibid., 209.
[52] Никита Хрушчов (1894-1971) бил советски државник и Прв секретар на КПСС од 1953 до 1964 г., Претседател на Советот на министрите на СССР од 1958 до 1964 г.На XX Конгрес на КПСС, во февруари 1956 г., ги подложил на критика методите на власта на Сталин, како и „култот кон личноста на Сталин“. Со тоа започнал периодот на „десталинизација“ во СССР и Источниот блок. Ги ослободил политичките затвореници, осудени во време на Сталин и започнал да врши контрола над органите за државна безбедност. Во 1964 г. бил сменет од сите функции (м.б.)
[53] Пешевска Маргарита, op. cit., 44.
[54] Ibid., 45.

изјавиле дека доколку Париските спогодби од октомври 1954 год. за статусот на СР Германија бидат ратификувани, тие ќе преземат заеднички мерки околу организација на сопствени вооружени сили и други мерки, неопходни за зачувување на одбрамбената способност. Имајќи ја во предвид целата сложеност на политичката ситуација во Европа, во март 1955 год., владите на спомнатите социјалистички земји одржале консултации во врска со склучување на меѓусебен *договор за пријателство, соработка и взаемна помош.*

Веќе на 9 мај 1955 год., советските обиди, конечно пропаднале, кога во согласност со Париската спогодба во НАТО била примена СР Германија со што ѝ се дозволувало, спротивно на договорите од Јалта и Потсдам, да формира сопствени вооружени сили, чиј број ќе изнесува 500.000 луѓе и да се вооружат со сите видови на современа оружје, со исклучок на нуклеарното, хемиското и бактериолошкото оружје.[55] Токму овој чекор на Западот, во периодот кога НАТО пактот (формиран 1949 год.), како воен сојуз на западните земји, постоел веќе цели шест години, била последната „капка што ќе ја прелие чашата", односно, ќе доведе до воено и политичко здружување на социјалистичките источноевропски земји од советскиот блок во еден официјален сојуз т.е. пакт.

Како одговор на тој потег на Западот, од страна на владите на осумте земји од социјалистичкиот блок: НР Албанија[56], НР Бугарија, Чехословачката република[57], ГДР, НР Унгарија, НР Полска, НР Романија[58] и СССР, на 14 мај 1955 год., во главниот град на Полска – Варшава, бил потпишан повеќестран сојуз, познат како *Договор за пријателство, соработка и взаемна помош.*

Имено, во постојните услови на зголемена меѓународна конфронтација владините делегации на осумте источноевропски земји и набљудувачите од НР Кина се собрале на 11 мај 1955 год. во Варшава. Генерален секретар на состанокот бил претставникот на земјата домаќин - Полска. Пред самото започнување на конференцијата во последните прелиминарни консултации на министрите за одбрана се прецизирала конечната содржина на нацрт-проект документите. Сите делегации биле предводени од претседателите на владите и во нив задолжително биле вклучени и министрите за внатрешни работи и за одбрана на земјите-учеснички. Во својство на набљудувач присуствувал и

[55] За повторното вооружување на СР Германија: Гедис, Луис Џон, op. cit., 183-185.
[56] Со Уставот од 1976 год. - Народна Социјалистичка Република Албанија (м.б.).
[57] од 1960 год. - Чехословачка социјалистичка република (ЧССР) - (м.б.).
[58] Со Уставот од 1965 год. - Социјалистичка Република Романија (м.б.).

заменик-премиерот и министерот за одбрана на НР Кина - Пенг Дехуај, кој притоа изјавил дека неговата земја ќе ги подржи сите одлуки донесени на овој состанок и додал: *„доколку европскиот мир биде загрозен, кинеската влада и 600-милионскиот кинески народ сигурно ќе застанат заедно со нашите братски земји и народи во борбата против таа агресивна војна до конечната победа.“*[59] Нацрт-проектот бил прифатен едногласно од претставниците на сите земји-учеснички на четвртото заседание на 13 мај 1955 год., на кое претседавач бил советскиот премиер Булганин. Основните цели на Договорот прокламирале осигурување на безбедноста на земјите учеснички и одржување на мирот во Европа. Во документите се нагласувало дека организацијата има строго одбрамбен и регионален карактер, со цел преземање на неопходни мерки за осигурување на безбедноста, суверенитетот и територијалниот интегритет на земјите-членки и воопшто, одржувањето на мирот на европскиот континент.

Согласно со одредбите на договорот, структурата на организацијата се состоела од свој политички и воен дел. Главен политички орган на пактот бил Политичко-консултатитвниот комитет, а биле создадени и Постојана комисија за надворешно-политички прашања, Обединет секретеријат и други органи. Со официјалниот документ, биле потврдени одлуките од Нацрт-договорот, па така, за обезбедување на ефикасна одбрана од евентуална агресија било донесено специјално решение, односно бил потпишан Протоколот за формирање на Обединети вооружени сили (ОВС) и негова Обединета команда. Обединетата команда ја сочинувале Главниот командант и неговите заменици - министрите за одбрана на државите-членки.[60] При Главниот командант бил создаден Штаб на вооружените сили со седиште во Москва.[61] Главни команданти на ОВС по правило биле маршали на Советскиот Сојуз. Во согласност со решението на Варшавскиот состанок за создавање на Обединета команда било предвидено командувањето на ОВС на териториите на државите-членки да биде врз основа на одделни спогодби со тие земји. Во рамките на Варшавскиот дгововор дејствувале и Воен совет, Комитет на министрите за одбрана на земјите-членки, како и други воено-технички тела.

---

[59] Lüthi, Lorenz M., *The People's Republic of China and the Warsaw Pact Organization, 1955-63*, In: „Cold War History“ (November 2007), Vol. 7, No. 4, 480.
[60] Vukadinović, Dr. Radovan, op. cit., 215.
[61] „Варшавский договор“, *Большая Советская Энциклопедия*. третье издание, Т.4, Москва : Государствнноенаучное издательство Большая советская энциклопедия, 1971, 315.

# Глава III

# Структурата и дејствувањето на Варшавскиот пакт

## III.1. Правната структура и целите на Варшавскиот договор

Како што беше кажано, вклучувањето на СРГ во НАТО пактот бил непосреден повод за состанокот на источноевропските земји во Варшава, под патронат на СССР, кој бил санкциониран со потпишувањето на официјален договор за воено-политички сојуз. Официјално, Варшавскиот договор, кој бил потпишан на 14 мај 1955 год., стапил во правна сила на 5 јуни, истата година.

Целите на Варшавскиот договор со кој социјалистичкиот блок на земјите од Источна Европа формирал воено-политичка организација, се сведуваат, најпрво, на *„потребата од преземање мерки со цел осигурување на својата безбедност во интерес на мирот во Европа“*.[62]

Во источноевропската политичко-правна литература за Варшавскиот договор, посебно се истакнува дека формирањето на организација на осумте земји од социјалистичкиот блок не била израз на настојувањата - тие држави да се затворат во еден нов воено-политички блок, со цел да се создаде одделен систем на европската безбедност. Во врска со тоа можеме да ги истакнеме член 2 од Договорот, кој ја нагласува подготвеноста на државите - потписнички да учествуваат во сите мирољубиви акции, кои имаат за цел одржување на мирот и безбедноста, а исто така и во член 9 се истакнува неопходноста да се потпомага обединувањето на напорите на сите мирољубиви земји. Според истиот член 9, Варшавскиот договор формално-правно бил поставен како отворена организација и за други држави, при што се истакнува дека иницијатива за пристапување во организацијата може да потекне и од земји кои изразиле желба за тоа, а со согласност на останатите членки на сојузот. Притоа, општествено-политичкото уредување на земјата што бараат членство во Варшавскиот договор, не може да биде пречка за прием[63].

Од формално-правно гледиште, внатрешната структура на Варшавскиот договор бил во согласност со основните одредби на Организацијата на

---

[62] Види ги Преамбулите на Договорот во *Прилози 1 и 2* на овој труд. *Treaty of friendship, co-operation and mutual assistance* и *Договор о дружбе, сотрудничестве и взаимной помощи*.
[63] Види ги следните членовите од Договорот во *Прилози 1 и 2*: Article 2, 9 и Статья 2, 9.

Обединетите Нации, посебно со чл. 1 на Повелбата на ОН, во кој се определуваат задачите за организација на полето на преземање на ефикасни колективни мерки за осигурување на мирот. Покрај тоа во Повелбата на ОН се истакнуваат и правата на сите членки на ОН: со член 51 од Повелбата - дека имаат право на индивидуална и колективна безбедност во случај на воена агресија врз нив, со член 53 од Повелбата - дека имаат право да потпишуваат регионални спогодби и да создаваат регионални организации, кои треба да одговараат на пропишаните норми во гл. VIII на Повелбата на ОН.[64] Во тој контекст говори и член 4 од Варшавскиот договор, според кој *„во случај на вооружен напад во Европа една или повеќе држави-потписнички на Договорот од страна на било која држава или група на држави, секоја држава - членка на Договорот, остварувајќи го правото на индивидуална или колективна самоодбрана во согласност со член 51 од Повелбата на ООН, ќе пружи итна помош на државата или државите, подложени на таков напад, самостојно или во договор со другите држави-потписнички на Договорот, со сите средства, што ги смета за неопходни, вклучително и употреба на оружените сили. Државите-потписнички на Договорот веднаш ќе се консултираат за заедничките мерки. кои треба да се преземат со цел воспоставување и одржување на меѓународниот мир и безбедност.*

*За мерките преземени врз основа на овој член, ќе биде известен Советот за безбедност во согласност со Повелбата на ОН. Овие мерки ќе бидат прекинати кога Советот за безбедност ќе преземе активности потребни за обнова и одржување на меѓународниот мир и безбедност.*"[65]

Треба да се напоменат разликите помеѓу НАТО и Варшавскиот договор, кои посебно ги истакнувала советската страна, во контекст на конкретното применување на инструментот за заедничка одбрана и взаемна вооружена помош во случај на вооружен напад на една или повеќе држави-потписнички. Според член 5 од Договорот за Северноатлантскиот пакт под агресор може да се сметаат државите - агресори, но и „други сили", што може да се подразбере дека НАТО својот воен механизам може да го придвижи и за решавање на внатрешните прашања на државите-потписнички. Додека од текстот на Варшавскиот договор може да се извлече заклучок дека воениот механизам на

[64] Подетално кај: Petković, Ranko, *Dvadeset godina Ujedinjenih nacija*, Beograd : Sedma sila, 1965.
[65] *Прилози 1 и 2*: Article 2, 9 и Статья 2, 9.

оваа воено-политичка организација може да се употреби, единствено, во случај на надворешен напад врз една или повеќе држави-потписнички на Договорот, а од друга страна употреба на вооружена сила за решавање на внатрешни прашања на државите-потписнички, воопшто не е предвидена. Тоа било во согласност со начелата на Договорот, кои го истакнуваат почитувањето на независноста, суверенитетот и немешањето во внатрешните работи.[66]

Исто така, советските автори ја нагласуваат разликата (и како специфично) во однос на НАТО и тоа што Варшавскиот договор предвидува неговите земјите-членки да се консултираат во случај на вооружен напад врз некоја од нив, додека одредбите од договорот на НАТО предвидуваат брза и стриктно автоматска употреба на вооружена сила. Варшавскиот договор, според неговиот член 4 (преземање на вооружени мерки), а придржувајќи се на Повелбата на ОН, предвидува известување на Советот за безбедност. За Варшавскиот договор може да се каже и дека бил регионална и меѓународна организација. Во тој контекст може да се напоменат следните заклучоци: дека сите негови потписнички се од еден географски регион - континентот Европа, дека формално-правните одредби на делување на организацијата се во согласност со целите и начелата на делување на ОН и дека Варшавскиот договор ги решава прашањата околу одржување на мирот и безбедноста, кои со Повелбата на ОН се ставени во надлежност на регионалните организации.[67]

За наведените тврдења, односно заклучоците извлечени врз основа на пропишаните начела на Варшавскиот договор, треба да се истакне дека се изведени врз основа на самиот текст на Договорот. Но, истите тие тврдења и заклучоци не важеле и за стварното дејствување на механизмите на организацијата, односно одделни начела не биле почитувани. Што се однесува за советските тврдења, но и самите заклучоци донесени врз основа на текстот, дека Договорот не предвидува мешање во внатрешно-политичките прашања на одделна земја-членка, тоа начело било прекршено уште следната година по потпишувањето на Варшавскиот договор, со советската интервенција во Унгарија (1956 год.). Имено, Унгарија не била нападната од некоја друга земја или повеќе земји надвор од Варшавскиот пакт, поради што оваа интервенција ќе можеше да се оправда дека е во согласност со Варшавскиот договор. Во

[66] Vukadinović, Dr. Radovan, op. cit., 212.
[67] Ibid., 212-213.

таков случај СССР ќе извршел интервенција во име на пактот и во согласност со член 4 од Договорот - за итно пружање вооружена помош во случај на надворешна агресија. Интервенцијата, актуелните советски и источноевропски автори, ја оправдувале со тоа дека не е интервенција на Варшавскиот пакт или неговите членки, односно дека во неа учествувале само советски воени сили, кои се одзвале на апелите на *„здравите социјалистички сили“* против десното застранување на актуелното унгарско раководство на чело со Наѓ. Конечно, советската акција во Унгарија била класично мешање во внатрешните работи на една членка, од страна на друга членка на организацијата (и тоа водечката СССР) и таква можност не предвидел ниту самиот текст на Договорот.

Доколку и да има некакво правно оправдување (најмногу од советските автори) за унгарскиот пример, тогаш во чехословачкиот случај нема никаква правна смисла наведената одредба од Варшавскиот договор, за почитување на независноста, суверенитетот и немешањето во внатрешните прашања. Во воената инвазија врз Чехословачка (1968 год.), која исто така не била жртва на надворешна вооружена агресија, учествувале сите членки на Варшавскиот пакт, освен Романија и Албанија.

Дека Варшавскиот пакт била европска регионална меѓународна организација, тоа и во практика било потполно удоволено, бидејќи Договорот бил поставен како механизам за сојузништво и заедничко воено и политичко дејствување на осум европски социјалистички земји.[68] На основачката конференција како набљудувач присуствувала и НР Кина, која не е европска земја. Меѓутоа, НР Кина никогаш не побарала членство во пактот, ниту била повикана да го направи тоа. Подоцна во работата на состаноците на пактот, во својство на набљудувачи, учествувале и други азиски социјалистички држави како Виетнам, НДР Кореја и Монголија. Во текстот на Преамбулата и членовите 4 и 11, сосем јасно е определено подрачјето каде ќе дејствува организацијата, како и земјите кои учествуваат во неа.[69] Од сето тоа може да се заклучи дека Варшавскиот договор бил европска регионална воено-политичка организација.

Исто така, текстот на Договорот, формално-правно е во согласност со главните начела на Повелбата на ОН и тоа со членовите 52 (ст. 2) и 53 (ст. 1). Покрај главната воено-политичка цел - јакнење на меѓусебната помош во случај

---

[68] Ibid., 213.
[69] Ibid.

на вооружен напад врз една или повеќе земји-членки, и останатите цели на организацијата се во согласност со начелата на ООН. Во тој контекст може да се издвои заложбата на членките, без оглед на нивното општествено-политичко уредување, активно да соработуваат со останатите земји кон осигурување на мирот и безбедноста, разоружувањето и забраната на нуклеарното оружје, притоа преземајќи ја обврската за мирно решавање на сите спорови.

Според членот 7, членките ја превземаат и обврската дека нема да учествуваат во сојузи со други земји, чии цели се спротивни на овој договор.[70] Член 8 ни говори и дека воено-политичката соработка и пружањето помош во случај на напад на некоја од членките не се единствено поле на соработка. Имено, во членот 8 се истакнува: *„Земјите-потписнички изјавуваат дека ќе ги развиваат и зацврстуваат заедничките стопански и културни врски во духот на пријателството и соработката...“.*[71] Според тоа, може да се заклучи дека Организацијата на Варшавскиот договор се стремела да ја прошири сестраната соработка помеѓу нејзините членки и на стопанско и културно поле.

Договорот бил потпишан на траење од 20 години и бил депониран во Полска како земја-депозитор, заедно со ратификуваните укази на сите земји-членки.[72] Според Договорот, оние членки кои во рок од една година пред истекот на рокот, нема да поднесат барање за излегување од членство, нивното учество автоматски им се продолжува за 10 години.[73] Се разбира, ниту една земја-членка не поднела такво нешто и Договорот во 1975 год. бил продолжен за 10 години, а во 1985 год. за уште 20 години. Со Договорот била предвидена и можноста за предвремен престанок на неговата важност. Во таа смисла, член 11 предвидувал: *„во случај да се создаде еден систем на европска колективна безбедност и во врска со тоа се склопи општоевропски договор за колективна безбедност, кон кој трајно би се стремеле земјите-членки, тогаш важечкиот Договор ќе ја изгуби својата важност на денот кога општоевропскиот договор ќе стапи во сила*“.[74]

---

[70] *Прилози 1 и 2*: Article 7 и Статья 7.
[71] Ibid., Article 8 и Статья 8.
[72] „Варшавский договор“, *Большая Советская Энциклопедия*, op. cit., 314.
[73] Ibid.
[74] *Прилози 1 и 2*: Article 11 и Статья 11.

## III.2. Политичката организација и нејзиното дејствување

Највисок и централен политички орган на Организацијата на Варшавскиот договор, врз основа на член 6 од договорот, бил **Политичко-консултативниот комитет (ПКК)**, а истиот член го предвидувал и правото на Политичко-консултативниот комитет да создава и други органи, доколку би се покажала потреба од нив. Така, при овој комитет биле основани две помошни тела: **Постојана комисија** за разгледување на надворешно-политичките прашања и **Обединет секретаријат**. И двете тела биле со седиште во Москва и во нивната работа учествувале претставници од сите држави-членки. Во 1976 год. биле формирани **Комитет на министрите за надворешни работи** и **Обединет секретаријат**.

Овој орган вршел консултации околу сите важни меѓународни прашања кои влијаеле на заедничките интереси на земјите-учеснички во Варшавскиот договор, водејќи се од интересите на зајакнување на меѓународниот мир и безбедност (член 3). Паралелно со тоа, во согласност со Договорот, ПКК ги разгледувал и одлучувал за прашањата за зајакнување на одбрамбената способност и за организирањето на Обединетите вооружени сили на земјите-учеснички. Варшавскиот пакт не го одредувал нивото на застапеност во Политичко-консултативниот комитет. Член 6 вели: „*секоја земја-потписничка на Договорот, ќе биде претставена од член на владата или од друг, специјално назначен претставник*"[75]. Во практика, сепак, уште на првиот состанок на ПКК во јануари 1956 год. во Прага, државите-членки испратиле репрезентативни делегации, предводени од лидерите на владите или нивните заменици. Од 1960 год. состаноците на ПКК се одржувале на највисоко ниво, со учество на генералните (или првите) секретари на Централните комитети на комунистичките и работничките партии, како и шефовите на владите на земјите-учеснички. На делегациите обично им се приклучувале и секретарите на Централните комитети за меѓународни прашања и министрите за надворешни работи на земјите-членки. При разгледувањето на воените прашања во делегациите учествувале и министрите за одбрана, а на состаноците се поканувале Главниот командант на ОВС, Началникот на Штабот на ОВС и другите воени началници и команданти од Обединетите вооружени сили.

[75] *Прилози 1 и 2*: Article 6 и Статья 6.

Документите, што ги донесувал Политичко-консултативниот комитет, noселе различни имиња. Тие се донесувале со едногласност (консензус) и како правни акти се поделени во три главни групи: препораки, решенија и интерни акти. Препораките, кои биле содржани во донесените декларации, обраќања и изјави од ПКК, не биле правно обврзувачки. Од друга страна, решенијата на ПКК биле обврзувачки за сите земји-членки на организацијата. Тие се однесувале на важните прашања од нејзината активност како надворешно-политичките, воено-организациските, административните, финансиските и други прашања. Интерните (меѓуресорните) акти, пак, го регулирале правниот статус, постапката и начинот на дејствување на различните органи на Организацијата на Варшавскиот пакт.

Основната функција и целите на ПКК биле одржување на заеднички состаноци, на кои ќе се разгледуваат основните прашања, кои се однесуваат на дејствувањето на Варшавскиот договор и неговите идни задачи. Можеме да издвоиме три вида на консултации, кои ги вршел ова тело, а имајќи ја во предвид важноста на споменатите прашања и задачи, и тоа:

1) консултации за сите меѓународни прашања од полето на одржувањето на мирот и безбедноста, а кои се однесуваат на општите и заедничките интереси на земјите-членки;
2) неодложни консултации, кога според мислењето на една од земјите-членки, се заканува опасност од вооружена агресија врз една или повеќе членки на Варшавскиот договор; и
3) итни консултации за заедничките мерки, кои неопходно треба да се преземат со цел воспоставување на меѓународниот мир и безбедност, во случај на вооружена агресија врз една или неколку земји-членки на европскиот континент;

Освен наведените консултации и задачи, ПКК имал право да ги разгледува и сите прашања во контекст на зајакнувањето на одбрамбената моќ на земјите членки, што всушност значи, дека комитетот имал овластувања, врз основа на неговиот состав на претставници од сите држави-членки, авторитативно да ги разгледува сите најважни политички и воени прашања во

контекст на развојот на меѓународните односи, односно одбрамбената способност на членките на Варшавскиот договор.[76]

Политичко-консултативниот комитет, барем декларативно, дејствувал целосно врз принципот на суверена еднаквост т.е. тргнувајќи од тоа дека сите држави имале еднакви права. Секоја делегација имала право на еден глас и го користела сопствениот јазик за време на состаноците на ПКК. Политичко-консултативниот комитет требало да се состанува најмалку два пати годишно, а претседавачи на состаноците, во текот на една календарска година, назимենично биле од сите земји-членки на организацијата. И документите[77] од работата на ПКК, исто така, декларативно укажуваат на мирољубивата ориентација на Варшавскиот договор и големите усилби и активности на социјалистичките земји-учеснички во организацијата, насочени кон зачување и зајакнување на мирот, спроведување на политиката на попуштање и преструктуирањето на меѓународните односи врз основа на принципите на мирниот соживот помеѓу земјите со различни општествено-политички системи.

Веќе со првата Декларација, усвоена на првиот редовен состанок на ПКК одржан на 27-28 јануари 1956 год. во Прага, јасно бил упатен апел до сите европски земји да преземат чекори за намалување на меѓународната тензија и за зајакнување на мирот и безбедноста во Европа. Притоа, била осудена западната „*империјалистичка*“ политика на создавање воени сојузи т.е. блокови и повторната ремилитаризација на СР Германија и трката во вооружување. Со оваа Декларација, во основа биле изнесени следните заеднички ставови, односно предлози:[78]

- потреба од создавање на систем за општоевропска безбедност,
- создавање на Зона на ограничување и контрола на вооружувањето во Централна Европа и
- бил изнесен предлогот за забрана на стационирање на нуклеарно вооружување во СРГ и ГДР.

На состанокот во Прага, покрај одлуката за формирање на Обединетата команда на вооружените сили на пактот, било одлучено, како орган на ПКК да

---

[76] Vukadinović, Dr. Radovan, op. cit., 215.
[77] Види: *Организация Варшавского договора : 1955-1975 : документы и материалы,* Москва : Издательство политической литературы, 1975; и Мальцев В. Ф., *Организация Варшавского договора : 1955-1985 : документы и материалы*, Москва : Издательство политической литературы, 1985.
[78] Vukadinović, Dr. Radovan, op. cit., 220.

се формира Постојана комисија за надворешно-политички прашања, Постојан секретаријат на организацијата и бил прифатен на предлогот на Германската Демократска Република - нејзините воени единици да се вклучат во заедничката воена структура на организацијата, односно во Обединетите вооружени сили.

Задача на Постојаната комисија била да изработува препораки околу надворешно-политичките прашања, но во практика, комисијата не функционирала ефикасно и наместо неа се одржувале состаноци на министрите за надворешни работи. Тие се одржувале периодично и имале значајна улога во исполнувањето на одлуките и решенијата на ПКК, како и во донесувањето на усогласени позиции (на земјите-членки) за актуелните меѓународни проблеми. Дури во 1976 год. оваа практика е организационо оформена со одлуката на Политичко-консултативниот комитет за создавање на Комитет на министри за надворешни работи и Обединет секретаријат. Активностите на Обединетиот секретаријат се сведувале на подготовката и организацијата на состаноците на Политичко-консултативниот комитет.

Иако следното заседание на ПКК било одржано дури во мај 1958 год., во 1957 год. на највисоко државно и партиско ниво биле одржани неколку билатерални и мултилатерални средби, на кои се расправале и проблеми за „*зајакнување на одбрамбената моќ на социјалистичкиот блок*". На овие состаноци биле донесени три заклучоци:

1) Доследно е потврдено дека „*војната не е неизбежна и поради силата на социјалистичкиот блок и на национално-ослободителните движења, дошло до рушење на колонијалниот систем на империјализмот*";
2) Според мислењето на Хрушчов и останатите советски раководители, во воените односи СССР веќе воено ги „*надминал*" Соединетите Држави;
3) Квалитативните промени во вооружувањето, според советските експерти, доведуваат до јасен став дека идната војна сигурно ќе има карактер на „*нуклеарно-ракетна војна*", независно што во нејзината почетна фаза можно е војување и со конвенционални воени средства.[79]

На следните два состанока на ПКК (1958 и 1960 год.) се разговарало за прашањето за општо и целосно разоружување, германскиот мировен договор,

---

[79] Ibid.

биле изложени предлози за склучување на пакт за ненапаѓање помеѓу Варшавскиот договор и НАТО, како и склучување на договор за забрана на нуклеарните проби, кој подоцна, по неколку години, конечно бил потпишан.

На 24 мај 1958 год. во Москва се одржал вториот состанок на Политичко-консултативниот комитет на Варшавскиот пакт, каде за прв пат работело посебно тело на министрите за надворешни работи под претседателство на советскиот министер за надворешни работи Андреј Громико[80]. Комисијата на министрите за надворешни работи на пленарното заседание го претставила проектот за заедничка декларација и проектот за Пакт за ненапаѓање[81] помеѓу државите-членки на Варшавскиот договор и Северноатлантскиот пакт. На состанокот бил дадена подршка на планот на полскиот министер за надворешни работи Адам Рапацки за создавање на Безатомска зона во земјите на Централна Европа (СРГ, ГДР, Полска и Чехословачка), односно на забрана на употреба, производство и складирање на нуклеарно вооружување.[82] Исто така, било одлучено да се редуцираат силите на Вршавскиот договор за околу 2,6 милиони војници и да се повлечат советските воени трупи од Романија.

Следниот, трет по ред, состанок на ПКК бил одржан повторно во Москва на 4 февруари 1960 год., кој највеќе бил иницирран поради заострувањето на односите помеѓу двата блока во однос на „*германското прашање*". За прв пат во петгодишното постоење на пактот на состанокот на неговиот највисок орган, како набљудувачи, учествувале, покрај НР Кина, исто така и НДР Кореја, НР Монголија и ДР Виетнам. Во заедничката декларација, заедно со „*германскиот проблем*", како втор основен проблем се поставило прашањето за разоружување, притоа било нагласено дека „*советскиот предлог во ОН за прашањето на разоружувањето ги изразува заедничките ставови на сите држави-членки на Варшавскиот договор, на сите социјалистички земји*"[83].

На 29 март, истата година, бил донесен Статутот на Институтот на постојаните претставници на Главната команда на Обединетите вооружени сили во сојузничките армии, создаден непосредно по состанокот на ПКК во мај

---

80 Андреј Громико (1909-1989) бил советски политичар и дипломат. Во 1944 г., тој беше на чело на советската делегација на конференцијата во Думбартон Оукс (САД) за создавање на ООН, подоцна ја потпишал Повелбата на ОН. Од 1957 до 1985 г. бил советски министер за надворешни работи. Од 1985 до 1988 г. бил Претседател на Президиумот на Врховниот Совет на СССР со што престанал да биде министер за надворешни работи (м.б.).

81 „Варшавский договор", *Большая Советская Энциклопедия*, op. cit., 315.

82 Vukadinović, Dr. Radovan, op. cit., 224.

83 Ibid.

1958 година. Освен главниот претставник на Обединетата команда на ОВС, кои ги координирал активностите на вооружените сили, аташиран непосредно при министерот за одбрана и располагал со ограничен тим од офицери и технички соработници, во Претставништвото биле вклучени, исто така, виши офицери на Главниот штаб и на одделните видови и родови на вооружените сили.

Четвртиот состанок на ПКК, одржан 28-29 март 1961 год. во Москва, со присуство на партиските лидери на земјите-членки на Варшавскиот договор, повторно ја истакнал потребата од решавање на германското прашање и ги подржало ставовите за мирољубива коегзистенција. На советувањето (Москва, 3-5 август 1961 год.) на партиските лидери на земјите-членки, повторно била нагласена потребата од решавање на германското прашање. Една недела подоцна, на 12 август била донесена Декларацијата за Берлинската криза на владите на членките на пактот. Врз основа на тврдењата за милитаризација на СР Германија и делумната мобилизација на земјите од НАТО, во документите се истакнува неопходноста од воведување на вонредни мерки на границата на ГДР спрема Западен Берлин. Со тоа, всушност, се прогласила изградбата на Берлинскиот ѕид - еден од симболите на Студената војна и блоковската поделба. Изградбата започнала, веќе, следниот ден на 13 август 1961 година.

Петиот состанок на ПКК се одржал во Москва на 7 јуни 1962 год. и повторно со учество на првите партиски секретари. На состанокот биле разгледувани американско-советските предлози за разоружување врз основа на излагањето на советскиот министер Громико. Во декларацијата од сите членки на пактот била дадена подршка на СССР во преговорите со САД. Во однос на германското прашање, западноевропските земји биле повикани да прекинат со окупацискиот режим во Западен Берлин и од него да создадат демилитаризирана зона.[84] По заладувањето на кинеско-советските односи, на еден состанок на ПКК, за прв пат не присуствувале набљудувачи од НР Кина, а исто така и Албанија прекинала активно да учествува во работата во органите на Варшавскиот пакт.[85]

Од почетокот на 60-тите години сé поочигледно се покажувале разликите во некои фундаментални погледи за меѓународната ситуација, како и политиката водена во однос на неа, во меѓународното комунистичко движење.

---

[84] Ibid., 226.
[85] Подетално кај: Lüthi, Lorenz M., op. cit., 479-494.

Главните противречности се пројавиле помеѓу Москва и Пекинг, но всушност најнепомирлива позиција, уште во почетокот на расправата, заземала делегацијата на малата Албанија. По острите критики упатени до таквите албански ставови, од страна на скоро сите членки на Варшавскиот договор, самите албански раководители го откажале понатамошното учество во пактот, иако до 1968 год., Албанија формално се сметала за негов член.[86]

На шестата средба на ПКК, одржана во Москва на 25 јули 1963 год., покрај тоа што се разгледувале прашањата околу односите помеѓу двата блока и меѓународната ситуација, била прифатена Нацрт-спогодбата за забрана на нуклеарни проби.

Тоа што во 1964 год., не се продолжило со практиката да се одржуваат состаноци на ПКК на годишно ниво, исклучително се должи на појавата на нови несогласувања со раководството на уште една членка на пактот - Романија. Овој пат повторно лидерите на ГДР презеле иницијатива за свикување на врховното тело на пактот. Се предвидувало, основна тема на состанокот да биде разгледување на предлогот на Хрушчов од 31 декември 1963 год. до владите на сите земји, односно за склучување на договор *„за решавање на спорни територијални прашања без употреба на сила"*.

Седмиот состанок на ПКК, одржан во Варшава на 19-20 јануари 1965 год., бил првиот повеќестран состанок на новиот советски лидер Леонид Брежнев[87] и премиерот Алексеј Косигин[88] со партиските и државните лидери на земјите-членки на Варшавскиот договор. На овој состанок било разгледано прашањето во врска со можноста СР Германија да поседува нуклеарно оружје и несогледивите последици од тоа по мирот во Европа. Од тие причини била нагласено дека Варшавскиот пакт ќе биде присилен да преземе одбрамбени мерки, кои не ја исклучувале можноста СССР да создаде заеднички нуклеарни сили во рамките на пактот, што би значело источноевропските земји да

[86] Повеќе кај: Berend, Ivan, *Centralna i Istočna Evropa*, Podgorica : CID, 2001, 157-159.

[87] Леонид Брежнев (1906-1982) бил советски државник и лидер на Комунистичката партија, кој 18 години се одржал на првите позиции во раководството на СССР, од 1964 г. до неговата смрт во 1982 година. Бил Прв секретар на ЦК КПСС од 1964 до 1966 г., Генерален секретар на ЦК на КПСС од 1966 до 1982 г., Претседател на Президиумот на Врховниот Совет на СССР во периодите 1960-1964 г. и 1977-1982 г. и Маршал на Советскиот Сојуз во1976 година (м.б.).

[88] Алексеј Косигин (1904-1980) бил советски државник и партиска личност. Бил претседател на Советот на министрите на СССР (1964-1980) и Херој на Социјалистичка труд (1964, 1974) (м.б.).

поседуваат нуклеарно оружје. Исто така, бил прифатен полскиот план за свикување на Европска конференција за безбедност.[89]

Со Декларацијата од Букурешт, усвоена на Осмиот состанокот на ППК на 4-6 јули 1966 год., започнала широка програма за воспоставување на мир во Европа и создавање на општоевропски безбедносен систем. Тој бил замислен како оригинален документ, врз основа на кој би се свикале состанок на сите европски земји, САД и Канада по прашањето на мирот и безбедноста во Европа, што би бил крупен настан за преструктуирањето на меѓународните односи врз мирна основа. Покрај тоа, во Декларацијата биле опфатени и други прашања како развивањето на добрососедски односи помеѓу европските земји врз принципот на мирна коегзистенција на државите со различни државни општествено-политички системи и исклучувањето на можноста СР Германија да поседува нуклеарно оружје. Сепак, на состанокот била остро осудена „*империјалистичката воена интервенција на САД во Виетнам и била дадена целосна поддршка на ослободителната борба на виетнамскиот народ за слобода и независност*“[90].

Прашањето за структурални промени во органите на Варшавскиот пакт било поставено на Деветата средба на ПКК, одржана на 6-7 март 1968 год. во Софија. Главен проблем на дискусиите на состанокот во Софија и понатаму било прашањето за промените во организационата структура на Организацијата на Варшавскиот договор. Прашањето за укинување на Институтот на постојаните претставници на Главната команда во земјите-членки не се покренало поради инсистирањето на повеќето делегации, но било постигнато компромисно решение - неговата практична реализација да се случи „*по заеднички договор на билатерална основа*“. Осудата против империјалистичката агресија во Виетнам била потврдена и на состанокот во Софија. На тој состанок било разгледувано и прашањето за неширење на нуклеарното вооружување т.е. Нацрт-планот на советско-американската спогодба за што бил издаден и официјален документ.[91] Текстот на Нацрт-спогодбата ја прифатиле и потпишале сите членки на пактот, освен Романија[92].

---

[89] Vukadinović, Dr. Radovan, op. cit., 240.
[90] „Варшавский договор“, *Большая Советская Энциклопедия*, op. cit., 315.
[91] Ibid.
[92] Романија сепак го потпишала текстот на спогодбата во јули 1969 година. Vukadinović, Dr. Radovan, op. cit., 244.

Предлозите од Десетиот состанокот на ППК, одржан во Будимпешта на 17-18 март 1969 год., во многу значеле повторување на ставовите од Букурешката декларација. Притоа, бил усвоен *Апел за свикување на Европска конференција за безбедност и соработка.*[93] Целта на таа конференција би била да се најдат начини и средства кои би воделе кон елиминирање на поделбата на Европа на воени блокови, овозможување мирољубива соработка помеѓу европските држави и народи и создавање систем на колективна безбедност. Покрај апелот, било разгледувано и прашањето за зајакнување и подобрување на структурата на воената организација на пактот. Имено, на состанокот на ПКК во Будимпешта конечно биле потврдени, одложуваните неколку години по ред, структурални промени во органите за коалиционо т.е. заедничко раководство на ОВС. Во новиот *Статут на Обединетите вооружени сили и Обединетата команда* биле утврдени *„целите и организациските принципи на ОВС, структурата на Обединетата команда и органите за раководење*". Покрај тоа, било одлучено да се создадат Комитет на министрите за одбрана на земјите-членки и Воен совет како главен орган на ОВС, со советодавни функции. Исто така, биле донесени одлуки за основање на Единствен систем на противвоздушната одбрана (ПВО) и на Технички комитет. Заедно со документите за Воениот совет и Техничкиот комитет биле приложени шеми за бројот, составот и структурата на овие нови органи на ОВС.

Идеите од Будимпешта, за унапредување на европската соработка, свој развиток и продолжение, доживеале на советувањето на министрите за надворешни работи на земјите-членки на Варшавскиот договор, одржано во Прага на 31 јануари 1970 година. Учесниците на советувањето предложиле, во првата половина на 1970 год. во Хелсинки да се одржи веќе предложената европска конференција од Будимпешта. На дневниот ред на состанокот се нашле две клучни прашања:

- прашањето за европската безбедност и неупотребата на сила или закана со сила во меѓусебните односи на европските држави, и
- проширувањето на трговските, економските, научно-технолошките врски врз рамноправни основи, во насока на развојот на политичката соработка помеѓу европските држави.[94]

---

[93] Ibid.

[94] „Варшавский договор", *Большая Советская Энциклопедия*, op. cit., 315.

На наредното советување на министрите за надворешни работи на земјите-учеснички во пактот, одржано во Будимпешта на 21-22 јуни 1970 год., овие предлози биле проширени и конкретизирани.

На 11-от состанок на Политичко консултативниот комитет, на 20 август 1970 год. во Москва, бил прифатен и одобрен договорот помеѓу СССР и СР Германија од 12 август, истата година.[95] Притоа, биле истакнати цврстите намери за преземање понатамошни чекори во правец на зајакнување на европската безбедност и за свикување на Европската конференција.

Заложбите на земјите-учеснички во Варшавскиот пакт, за зајакнување на безбедноста и мирен соживот во Европа, биле потврдени на 12-от состанок во Берлин на ПКК на 2 декември 1970 година. Учесниците во Берлин, како огромна важност за иднината на Европа го истакнале признавањето на гео-политичката ситуација во Европа создадена како резултат на Втората светска војна, потоа ја истакнале важноста на договорите меѓу СССР и Германија (ратификуван во ноември 1970 год) и меѓу Полска и Германија (потпишан на 7 декември 1970 год.), едногласно ја изразиле својата солидарност со мирољубивата политика на ГДР и ја нагласиле својата улога во градењето на траен мир во Европа. Исто така, било поддржано барањето на Чехословачка за непризнавање на Минхенскиот договор од 1938 год. и било истакнато дека постигнувањето на обострано прифатлив договор за Западен Берлин би водело кон попуштање на затегнатоста во Централна Европа, како и задоволување на потребите на населението на Западен Берлин. Исто така повторно било повикано на безусловно свикување на Европска конференција за безбедност и соработка.[96]

На Прашкиот 13-ти состанок на Политичко консултативниот комитет, веќе се разгледувале конкретните предлози за претварање на европскиот континент во област на траен мир и рамноправна мирољубива соработка помеѓу суверените држави, истовремено бил поддржан предлогот за свикување на Европска конференција во 1972 година.

На повеќето состаноци на ПКК кон крајот на 60-тите и во првата половина на 70-тите години, а посебно на состаноците во Берлин во декември 1970 год. и во 1972 год. во Прага, земјите-членки настапувале против воените интервенции во Југоисточна Азија (Индокина) и Блискиот Исток. Варшавскиот

[95] Ibid.
[96] Ibid.

пакт ја потврдувал својата цврста решеност и понатаму да дава поддршка на сите жртви на агресија и ја нагласувал својата солидарност со народите, кои се борат за својата слобода и независност, вклучувајќи ги виетнамскиот и арапскиот народот на Палестина. На споменатите средби на ПКК била нагласувана и потребата за политичко решение на конфликтите во Индокина, Африка и на Блискиот Исток. Мирољубивиот правец во развојот на меѓународните односи, линијата на намалување на тензиите и обновата на односите помеѓу државите врз основа на соживот во мир, а истовремено силен отпор на сите империјалистички воени агресии - тоа била постојаната политика на земјите-членки на Варшавскиот пакт, постојано спроведувана од ПКК на своите состаноци. Друг акт во развитокот на воената структура на Варшавскиот пакт било усвојувањето на *Статутот на заедничките вооружени сили* во 1979 год. со кој се регулирало распоредувањето на советски трупи во земјите-членки, како и командувањето со Обединетите вооружени сили.

Првото заседание на ПКК, по доаѓањето на Михаил Горбачов на чело на СССР, се одржало на 22-23 октомври 1985 год. во Софија. Поради постојаното инсистирање на романската страна, во септември 1986 год. во Букурешт се собрала експертска група за да ги разгледа можностите за еднострано намалување на вооружувањето и бројот на војниците во армиите од Варшавскиот пакт. Неколку дена пред тоа, во официјално соопштение Николае Чаушеску ги повикал европските влади да ги намалат вооружените сили и воени трошоци за 5%, откако објавил дека Романија има намера да оствари слично кратење на своите воени сили, до крајот на годината. Претставниците на другите источноевропски земји, на оваа експертска средба, сепак, избегнале да го искажат својот став, по однос на ова прашање, повикувајќи се на *„недостаток на инструкции“* од своите влади.

Следната 1987 год. нагло зачестиле билатералните и мултилатералните контакти помеѓу источноевропските лидери. Истата година, дошло и до заладување на односите Букурешт-Будимпешта на етничка основа околу прашањето на унгарското малцинство во романска Трансилванија, а проблемот добил и меѓународна конотација. Најважниот резултат на наредното заседание на ПКК одржано во Берлин на 28-29 мај 1987 год., било разгледувањето на проектот за нова воена доктрина на Варшавскиот пакт, при што бил усвоен документот *За воената доктрина на земјите-учеснички во Варшавскиот*

*договор*. Според овој документ, вооружените сили на Варшавскиот пакт требало да се одржуваат на ниво, такашто што на секој напад против членка на пактот, би дошло до заедничка акција на останатите членки против агресорот.[97] Повторно, само романската страна се залагала против усвојувањето на единствена одбрамбена коалициона доктрина и инсистирала за изработка на одделни воени доктрини за секоја земја-членка.

Во пресрет на уште еден состанок на ПКК, во јули 1988 год. во Варшава, Чаушеску го дал најрадикалниот предлог за промени во организацијата и работата на Варшавскиот пакт. Романските предлози содржеле пет поглавја, а најважното од нив било за извлекување на ПКК надвор од структурите на Варшавскиот договор и на тој начин пактот да се претвори, од воено-политичка во целосно воена организација. Романците, исто така, предлагале и ротирачки принцип на раководењето на политичките и воените структури на пактот, помеѓу претставниците на сите држави-членки со рок од една година.

Набргу по Варшавскиот состанок на ПКК, на 8 септември 1988 год., министерот за надворешни работи на Унгарија - Ѓула Хорн, недвосмислено упати барање за радикално намалување или повлекување на советските војници од неговата земја. Во овој период дојде до криза, како помеѓу земјите-членки, така и во односите на СССР со конзервативните лидери на Романија, ГДР и Бугарија. Овие земји го критикувале советското раководство на чело со Горбачов, поради „мекиот" став на попуштање на сé поотворените заложби на Унгарија, Полска и Чехословачка за нивно политичко осамостојување од Москва и за повлекување на советските трупи од нивните земји.

Во јули 1989 год., на состанокот на ПКК во Букурешт, било обзнането дека секоја држава има право да ја креира сопствена самостојна политика. Оваа одлука била отстапување од претходната *Брежнева доктрина*, што всушност, значело „почеток на крајот" на Варшавскиот пакт. Во пресрет на уште еден состанок на ПКК, во јуни 1990 год. во Москва, и делегацијата на Чехословачка внела неколку радикални предлози - за прекин на работата на експертските групи, преименување на Комитетот на министри за одбрана во Воен комитет и реформирање на Штабот на Обединетите вооружени сили.

---

[97] Поопширно во: *Savetovanje političkog konsultativnog komiteta država-članica Varšavskog ugovora : Berlin, 28-29. maja 1987. godine*, Beograd : Ambasada SSSR u SFRJ, 1987, 22-28; и *Прилог 3*, Дел I.

Општа оценка е дека периодот од пролетта 1987 год. до септември 1990 год., кога се донела одлуката за отстранување на стручните групи од Комитетот на министрите за надворешни работи, состаноците на лидерите на источноевропските земји од Варшавскиот пакт, главно се користеле за аргументирање на нивните сѐ поразлични оценки и ставови. На крајот на септември 1990 год., унгарската влада предложила на 4 ноември, истата година, во Будимпешта да се одржи вонредна конференција на ПКК со цел трансформација на Варшавскиот договор во чисто политичка организација.

На 25 февруари 1991 год. на состанокот на ПКК во Будимпешта бил *донесен Протоколот за прекин на дејството на воените договори склучени во рамките на Варшавскиот пакт и за распуштање на неговите воени органи и структури*. Со оваа одлука, почнувајќи од 31 март 1991 год. престанале активностите на Комитетот на министри за одбрана. Со тоа, престанало и дејството на воените договори од 14 мај 1955 год., 17 март 1969 год. и 18 март 1980 година. На истиот состанок чехословачкиот претседател Вацлав Хавел дал предлог за одржување на финален состанок на ПКК на 1 јули 1991 год. во Прага со цел потпишување на заеднички Протокол за прекинување на активностите на воено-политичката организација на источноевропските социјалистички земји. На 17 мај 1991 год. Вацлав Хавел упатил и официјално барање до источноевропските земји за одржување на последниот состанок на ПКК. Така, на договорениот датум т.е. 1 јули 1991 год., по 36-годишно постоење, престанал да постои Варшавскиот договор, а со тоа престанала и работата на неговиот највисок орган ПКК и останатите воено-политички тела.

Според советските автори, првичната ориентација во активностите на ПКК, за разлика од НАТО, била насочена кон развојот на координациско-советодавните политички функции на ниво на високи претставници на извршната власт. Комунистичките лидери на земјите-членки, кои всушност биле реалните носители на автократската власт, имале формално и ефективно учество во работата на ПКК од почетокот на 60-тите години. Имено, токму тогаш се почувствувале слабостите во функционирањето на раководните органи на организацијата од аспект на нејзиниот коалиционен (сојузнички) карактер. Доколку се земат во предвид суштината и опсегот на дискусиите во рамките на пактот, може да се каже дека во голем број случаи постапката била во согласност со начелата на организацијата како воено-политички сојуз, а не

само како земји-сателити кои орбитираат околу еден доминантен центар СССР. За разлика од советските автори, според полскиот воен историчар Ришард Калужни (Ryszard Kałużny): *„во Варшавскиот пакт, од своето основање до крајот на шеесеттите години, само формално биле претставувани лидерите на сојузничките земји во ПКК.“*[98]

Од 1956 до 1990 год. се одржале 23 редовни средби на Политичко-консултативниот комитет. Сепак, советското раководство, најчесто, не ризикувало со свикување на ПКК за кризни прашања и самостојно или во неформално советување со комунистичките лидери донесувал решенија за воена интервенција, какви што биле интервенциите во Унгарија во 1956 год. (СССР интервенирал самостојно со сопствени воени трупи) и во Чехословачка во 1968 год. (интервенирале здружени воени сили на земјите-членки на Варшавскиот договор, освен Романија и Албанија, која токму тогаш го денунцирала договорот).

## III.3. Воената организација и нејзиното функционирање

Со членот 5 од Варшавскиот договор биле формирани **Обединетата команда на вооружените сили (ОКВС),** односно на **Обединетите вооружени сили** (**ОВС**), во кои секоја земја-членка одделувала контингенти од своите сувоземни сили, воените воздухопловни сили, противоздушната одбрана, како и од воената морнарица. Во мирнодопско време тие контингенти биле дел од националните вооружени сили. Во време на војна тие заедно со советските единици од Источна Европа и од западни воени окрузи на СССР формирале фронтови и покрупни стратешки воени единици - потчинети на советската врховна команда.

Правилникот за Обединетата команда бил утврден на состанокот на ПКК во Прага на 27-28 јануари 1956 год., на кој биле решени и другите организациски прашања, поврзани со активностите на Обединетите вооружените сили. На средбата на ПКК во Будимпешта во 1969 год., бил

---

[98] Kałużny, Ryszard, *Układ Warszawski (1955-1991)*, w: „Zeszyty Naukowe WSOWL“, Nr 1 (147), 2008, pp. 190-196, available at: http://chomikuj.pl/knes26/Bezpiecze*c5*84stwo+narodowe/Uk*c5*82ad+Warszawski+(1955+-+1991)+-+Ryszard+Ka*c5*82u*c5*bcny,2193827767.pdf (access. 28 August 2012), 190.

востановен Комитетот на министрите за одбрана и биле утврдени нови регулативи за Обединетите вооружените сили и нивната команда, за Воениот совет, како и за Штабот на ОВС. Врз основа на институционализирањето на Обединетата команда на вооружените сили биле заклучени посебни договори за распоредување на Обединетите вооружени сили.

Такви договори СССР склучил со Полска на 17 декември 1956 год., со ГДР на 12 март 1957 год., со Романија на 15 април 1957 год. и со Унгарија на 27 мај 1957 година. Во 60-тите и 70-тите години биле потпишани договори за пријателство, соработка и взаемна помош помеѓу учесничките во пактот или, како што пишувал печатот под партиска контрола во социјалистичките земји: *„братските социјалистички земји-учеснички во Варшавскиот договор, што придонесе за понатамошна консолидација и зајакнување на единството на социјалистичката заедница врз основа на принципите на социјалистичкиот интернационализам.“*[99]

Со посебната одлука за создавање на *„Обединета команда на вооружените сили на државите-потписнички на Договорот за пријателство, соработка и взаемна помош“* биле определени должностите на **Главниот командант на Обединетите вооружени сили** и било предвидено основање на **Штаб на Обединетите вооружени сили**. Обединувањето на вооружените сили било преземено *„поради зајакнување на нивната одбрамбена способност, да се зачува мирниот труд на нивните народи, да се гарантира неповредливоста на нивните граници и територии, како и да се осигура заштита од можна агресија.“*[100]

Обединетата команда на вооружените сили на Варшавскиот договор ја сочинувале Главниот командант на здружените сили, заедно со неговите заменици, кои всушност биле министрите за одбрана на земјите-членки. Главниот командант по правило се поставувал од кругот на советските највисоки офицери, односно маршали на Советскиот Сојуз, а него формално го избирале сите земји-членки. Неговите заменици командувале со националните воени сили, кои биле ставени на располагање на Варшавскиот пакт. Главниот командант им бил претпоставен на сите министри за одбрана (неговите

[99] *Организация Варшавского Договора*, aviable at: http://www.law--4u.ru/laws-952-4.html (access. 28 february 2013).
[100] Vukadinović, Dr. Radovan, op. cit., 214.

заменици), кои автоматски ги извршувале неговите одлуки и наредби. Главниот комадант на Обединетите вооружени сили имал целосни информации за војските и флотите на земјите-членки и преку владите и воените министри давал инструкции за нивната оперативна и боева подготовка и одржувањето на воената готовност. До средината на 60-тите години на минатиот век, тие инструкции се изработувале од Министерството за одбрана на Советскиот сојуз и советскиот Генерал-штаб и се пренесувале на извршување до земјите-членки преку нивните претставници во Обединетата команда. Од 1955 до 1958 год. претставник во Обединетата команда бил и раководителот на Групата советски воени советници во соодветната држава-учесничка во пактот. Во мај 1958 год. било формирано претставништво на Главниот командант на Обединетите вооружени сили, на чие чело се наоѓал советски генерал. Документите и информациската размена меѓу оперативните штабови на националните армии, како во мирнодопско време, така и во време на војна, требало да бидат на руски јазик. Управен орган на Главниот команднант бил Штабот на ОВС.[101]

Обединетата команда и Штабот на ОВС дејствувале и се состанувале постојано со седиште во Москва, за разлика од ПКК, кој работел повремено. Главни задачи на Обединатата Команда и на Штабот на ОВС биле: постојано решавање на стратегиските и другите воени прашања во контекст на евентуален изненадувачки напад од страна на една или повеќе земји – агресори. И двете воено-командни тела имале посебно значајна улога во унапредувањето на координирањето помеѓу армиите на земјите-членки на Варшавскиот договор и во координираната подготовка на сите потребни мерки со цел да се организира и обезбеди успешна одбрана.

Со Статутот на Обединетите вооружени сили од 1979 год., СССР добил формално-правна основа да испраќа и стационира свои воени единици во другите членки на пактот. Имено, во Статутот се прецизирало дека располагањето на заеднички воени сили на териториите на државите-членки ќе се решава врз основа на билатерални спогодби, а во согласност со потребите за заедничка одбрана. Со тоа СССР добил можност за држи свои воени трупи надвор од сопствените граници, но сепак, важно е да се напомене дека требало претходно заеднички да се донесе одлуката за раздвижување на тие трупи.[102]

---

[101] *Варшавски договор*: http://www.decommunization.org/Communism/Bulgaria/Warsawpact.htm
[102] Vukadinović, Dr. Radovan, op. cit., 221-222.

Статутот, исто така, давал неограничени овластувања на Генерал-штабот на советската армија да располага со големите стратешки можности на војските на Варшавскиот пакт. Позитивната страна на овој документ бил членот, според кој Главниот командант на вооружените сили се назначувал, а и составот на највисоката Врховна команда се определувала со одлука на сите државичленки на Варшавскиот пакт.[103]

Обединетите вооружени сили немале своја посебна команда, логистичка мрежа, противвоздушна одбрана и оперативно раководење, одделно од советската армија. **Главен командант на Обединетите вооружени сили** бил првиот заменик-министер за одбраната на Советскиот Сојуз, а **Началник на Штабот на ОВС** бил првиот заменик-началник на Генерал-штабот на советската армија. Сите раководни должности во ОВС и Штабот ги заземале советски генерали и офицери, кои имале одлучувачка улога. Штабот на ОВС бил со седиште во Москва и се занимавал со широк спектар на оперативни прашања кои се однесувале на вооружените сили. Тој бил управен орган на Главниот командант и работен орган на Комитетот на министри за одбрана.[104]

Според Калужни, од 523 офицери кои работеле во седиштето на Штабот - 173 биле армиите на земјите-членки. Според истиот автор во Варшавскиот пакт: *„Немало ниту организациската структура ниту правно санкционирани тела како Врховната команда и Генералштаб на вооружените сили. Улогата на штаб, во кој учествувале шест претставници на сојузничките генералштабови (со исклучок на Албанија), всушност ја имало едно командно тело на Генералштабот на Советската армија.“*.[105] Во таа смисла, според полскиот бригаден генерал и доктор на воените науки Тадеуш Пиоро[106] (*Tadeusz Pióro*): *„овој штаб немал ингеренции за стратешко планирање, не учествувал во стратешки студии, исто така, немал тим способен за вршење на функциите на командување и на координација при употреба на воена сила. Сите високи позиции по вертикала во Варшавскиот пакт војска биле остварувани од страна на Генералштабот на советската армија.“*[107]

---

[103] Kałużny, Ryszard, op. cit., 191-192.
[104] *Варшавски договор*: http://www.decommunization.org/Communism/Bulgaria/Warsawpact.htm
[105] Kałużny, Ryszard, op. cit., 191.
[106] Бригадниот генерал Пиоро бил првиот претставник на полската армија во командата на Варшавскиот пакт во периодот 1955-1958 година (м.б.).
[107] Pióro, Tadeusz, *System dowodzenia był zwykłym kamuflaŜem*, [w:] „Polska Zbrojna” 1998, nr 20, 19, наведено во: Kałużny, Ryszard, op. cit., 191.

Источноевропските армии имале свои заменици на Главниот командант и свои претставници во Обединетата команда, кои доставувале целосни информации за воениот и бројниот состав, воената и мобилизациска готовност, боевата, оперативна и политичка подготовка и вооружувањето на своите армии и барале согласност од ОК за дислокација на војските, флотите и штабовите. Источноевропските заменици на Главниот командант носеле одговорност за боевата и мобилизациска готовност и компактност на своите армии и за стандардизирањето по советски модел на вооружувњето и организацијата.[108]

Формирана, истовремено со Организацијата на Варшавскиот пакт, **Обединетата команда** вршела практични активности за зголемувањето на борбената способност и боевата готовност на Обединетите вооружени сили да го одбијат секој воен напад. На чело на Обединетата команда стоел Главниот командант на Обединетите вооружени сили, кој се назначувал со решение на владите на земјите-учеснички во Варшавскиот пакт. Во својата дејност тој се раководел од одлуките на владите и од упатствата на Политичко-консултативниот комитет. Замениците на Главниот командант од националните армии обично биле замениците-министри за одбрана, кои биле одговорни за националните контингенти на воени трупи, утврдени во составот на Обединетите вооружени сили.[109]

Во 1969 год. биле донесени одлуки за формирање на **Комитет на министрите за одбрана на земјите-учеснички во Варшавскиот пакт**, **Воен совет на Обединетите вооружени сили (ОВС)**, **Технички комитет**, **Воено-технички совети** и други органи на Обединетите вооружени сили. **Комитетот на министрите за одбрана** се состоел од седумте министри за одбрана на земјите-членки, Главниот командант на ОВС и Началникот на Штабот на ОВС. Овој комитет ја формализирал постоечката практика на давање совети на министрите за одбрана и изготвувал предлози до Политичко-консултативниот комитет за воената политика. Комитетот на министрите за одбрана се состанувал периодично и ги разгледувал најважните прашања поврзани со јакнењето на одбранбената моќ на земјите-членки, со развојот унапредувањето на борбената готовност и усовршување на Обединетите вооружени сили на Варшавскиот пакт. Со состаноците на Комитетот, според азбучен ред,

---

[108] *Варшавски договор*: http://www.decommunization.org/Communism/Bulgaria/Warsawpact.htm
[109] Ibid.

претседавале министрите за одбрана на земјите-учеснички. Новиот претседател ја преземал должноста од моментот на завршување на работата на седницата. Како работен орган Комитетот го користел Штабот на Обединетите вооружени сили.[110]

**Воениот совет**, во којшто учествале замениците на Командантот на ОВС и началниците на штабовите на источноевропските армии, Командантот на заедничката противвоздушна одбрана и Началникот на Техничкиот комитет, имал консултативни функција и давал преораки за оперативната и воената подготовка на армиите. Романскиот предлог, Воениот совет да има право на вето во одлуките на Обединетата команда, бил отфрлен. Претседатели на Воениот совет били Главните команданти на Обединетите вооружени сили. Воениот совет на Обединетите вооружени сили се состанувал два пати годишно под претседателство на Главниот командант. Негови членови биле замениците на Главниот командант на Обединетите вооружени сили. Тој решавал за прашањата од тековен карактер. Препораките кои ги донесувал, имале консултативен карактер, но по правило тие се извршувале од сите армии на земјите-членки. **Техничкиот комитет** ги координирал научно-истражувачките и експериментално-конструкторските активности поврзани со развојот и снабдувањето на армиите со вооружување и воена техника. За разлика од НАТО пактот тука било решено секоја земја-членка да се специјализира во определено производство на воена техника. Началници на Техничкиот комитет биле високи советски офицери (генерали).[111]

Целта на воената организација на Варшавскиот пакт била да ги обучи и да ги подготви источноевропските армии за нивно интегрирање со советската армија во случај на војна и ја одржувала нивната воена готовност и подготовка во мирнодопско време. Таа била воено-административна структура, во практиката, потчинета на советското министерство за одбрана. Така, од 1956 год. до август 1966 год. и формално Штабот на Обединетите вооружени сили и Главната управа за воена соработка со други земји при Генерал-штабот на советската армија биле единствено тело во склоп на Министерството за одбрана на Советскиот Сојуз.

---

[110] Ibid.
[111] Прв началник на Техничкиот комитет бил заменикот (за вооружување) на Главниот командант на ОВС - генерал-лајтнантот И.В. Степанјук (1969-1975). Види: Ibid.

Врз основа на Варшавскиот договор во летото 1957 год. бил создаден **Единствен систем за противовоздушна одбрана (ПВО)**. Во него влегувале единиците на ПВО на сојузните армии на земјите-членки, на западните воени окрузи на СССР, силите на противовоздушната одбрана на Обединетите флоти на Варшавскиот пакт и ловечката авијација на военото воздухопловство на ОВС. **Командант на противовоздушната одбрана** на Обединетите вооружени сили (воедно и заменик-командант на ОВС) бил командантот на единиците на ПВО на Советскиот Сојуз. Раководната структура на советската противовоздушна одбрана т.е. **Централниот команден пункт** - станало раководно тело на противвоздушната одбрана на Варшавскиот пакт. **Двата Помошни командни пункта** се наоѓале во **Киев** - го контролирал воздушниот простор над Бугарија, Романија, Албанија и Унгарија, и во **Минск** - вршел контрола на воздушниот простор над Полска, Германската Демократска Република и Чехословачка. Двата пункта биле со оперативен состав од источноевропските земји и советски началници.

Во март 1969 год. во Будимпешта, Политичко-консултативниот комитет (ПКК) извршил институционална реформа на воената организација на Варшавскиот договор, која била подготвувана уште во средината на 60-тите години на XX век. Меѓутоа, Полска, Чехословачка и најмногу Романија во нивните обиди да постигнат рамноправност во колективните органи на Варшавскиот пакт (над кои Советскиот сојуз имал целосна контрола) и за суверенитет на националните команди ја блокирале, па затоа согласноста била постигната подоцна. Наспроти ваквите барања на некои источноевропски земји, Советскиот Сојуз настојувал за потесна воена интеграција. Составот на Обединетата команда и Штабот на ОВС биле зголемени со повеќе несоветски офицери, но тој бил само околу 1/5 од бројот на советските. За заменици на Командантот на Обединетите вооружени сили биле одредени Началниците на штабовите (заменици-министри за одбрана) на сојузните армии на земјите-членки, а заменици на Началникот на Штабот на Обединетите вооружени сили станале замениците-началници на штабовите на националните армии. Во 1980 год. правото да објавуваат војна земјите-членки го делегирале на Врховната команда на советската армија.[112]

---

[112] Ibid.

**Главни команданти на Обединетите вооружени сили биле следните маршали на Советскиот Сојуз:**

- маршал Иван С. Конев (мај 1955 - јуни 1960) ;
- маршал Андреј А. Гречко (јуни 1960 - јули 1967);
- маршал Иван И. Јакубовски (јули 1967 - ноември 1976);
- маршал Виктор Г. Куликов (1977 - 1989);
- ген. на армија Петр Г. Лушев (1989 - 1991); [113]



**Слика 2. Од лево кон десно: Главните команданти на Обединетите вооружени сили: Конев, Гречко, Јакубовски, Куликов и Лушев.**
(Извор: http://marshalu.com)

**Началници на Штабот на Обединетите вооружени сили на Варшавскиот пакт биле:**

- ген. А. И. Антонов (1955-1962);
- ген. П. И. Батов (1962-1965);
- ген. М. И. Казаков (1965-1968);
- ген. С. М. Штеменко (1968 - 1976);
- ген. А. И. Грибков (1976-1989);
- ген. В. Н. Лобов (1989-1991);[114]

**Команданти на ПВО на Обединетите вооружени сили и заменици на Главните команданти на ОВС (команданти на ПВО на СССР):**

- маршал С. С. Бирјузов (1955-1962);
- маршал В. А. Судец (1962-1966);
- маршал П. Ф. Батицки (1966-1978);
- маршал А. И. Колдунов (1978-1987);
- ген. И. М. Третјак (1987-1991); [115]

---

[113] Kałużny, Ryszard, op. cit., 191.
[114] *Варшавски договор*: http://www.decommunization.org/Communism/Bulgaria/Warsawpact.htm и „Варшавский договор", *Большая Советская Энциклопедия*, op. cit., 315.
[115] *Варшавски договор*: http://www.decommunization.org/Communism/Bulgaria/Warsawpact.htm

# Глава IV

# Воената доктрина, воените сили и планови и стратешкото вооружување на Варшавскиот пакт

## IV.1. Воената доктрина на Варшавскиот пакт

Содржината на документите од создавањето на Варшавскиот договор и материјалите од неговата работа укажуваат на усвоените задачи и цели, дека тоа бил одбрамбен сојуз и мора да ги брани социјализмот и мирот, како и да спречи агресија на НАТО. Исто така, треба да се напомене дека Варшавскиот пакт бил, како што во 1997 год. изјавиле неговите поранешни команданти маршал В. Куликов и ген. А. Грибков за полскиот весник *Република*, извршител на задачите поставени од Политбирото на КПСС.[116] Главната цел на советските лидери, во раниот период на Варшавскиот пакт, била ширење на социјализмот по советски модел, па дури може да се каже, комунизмот да преовладува во светот. Токму затоа сите иницијативи, како во политички, така и во воен поглед, доаѓале од Москва. Дури, по одобрувањето од страна на Политбирото на КПСС, тие иницијативи биле поставувани на состаноците на ПКК во Варшава.

Варшавскиот пакт официјално постоел од 1955 год., но до 1987 год. немал заедничка воена доктрина за сите негови членки. Во своите планови и намери се потпирал на воените стратегии, подготвени од страна на Генералштабот на вооружените сили Советскиот Сојуз, а не од Штабот на ОВС на Варшавскиот пакт. Треба да се напомене дека стратегијата на вооружените сили на Варшавскиот пакт, во случај на војна, во текот на своето постоење претрпела одредени промени, особено кога станува збор за правилата на употреба на нуклеарното оружје. Според начелата, кои важеле во армиите на Источниот блок до 70-тите години на XX век, евентуалната идна војна требало да биде судир помеѓу две вооружени сили, на Варшавскиот договор и НАТО. Појдовна точка на советската воена стратегија, која важела во Варшавскиот договор, пред сé, било постоењето и спротивставеноста на двата светски општествени системи - социјализмот и капитализмот. Резултатот од

[116] Jędroszczyk, P., *Historia Układu Warszawskiego*, w: „Rzeczypospolita" 1997, nr 260, 8, наведено во: Kałużny, Ryszard, op. cit., 190.

евентуалниот вооружен конфликт, помеѓу тие два системи, би бил конечна победа на социјализмот. Кон крајот на 50-тите години на минатиот век, кога советските вооружените сили започнале масовно да се вооружуваат со нуклеарното оружје, во Варшавскиот пакт идната војна започна јасно да се дефинира како општа нуклеарна војна, уште од самиот нејзин почеток. Се планирало евентуалната идна војна веднаш да биде префрлена на територијата на САД, користејќи ги притоа, сите можни вооружени средства и начини на борба. Во подоцнежните години, особено во крајниот период од постоењето на Варшавскиот договор, била допуштена можноста за започнување на војна со користење на конвенционални воени средства, па дури и војната да заврши во оваа конвенционална фаза[117].

Оттука и заклучокот дека основа за стратешкото размислување, кое несмело се создавало во Варшавскиот пакт, била појавата на сè повисоката свест заснована врз реалните можности на уништувачката моќ на нуклеарните арсенали на двата спротивставени страни, кои биле подготвени да ги употребат. Имено, двата воено-политички блока започнале да ги земаат во предвид последиците од тоталната нуклеарна војна, во која би немало победници, ниту поразени.

СССР и другите земји-членки на Варшавскиот договор, уште од првите години на сојузот - тврделе дека бараат решавање на сите спорни меѓународни прашања, само со дипломатски средства. Политичкото раководство на пактот изјавувало дека нема да дозволи избувнување на конвенционална или нуклеарна војна. Одржувањето на таквата состојба требало да послужи за постигнување на воена рамнотежа во вид на модерни воени сили и на ниво потребно за ефикасна одбрана од евентуална агресија на НАТО. Се претпоставувало дека цел на нуклеарен напад можело да биде една или повеќе земји-членки на Варшавскиот пакт. Појдувајќи од тие претпоставки, стратегијата на Варшавскиот пакт била дека мора, по секоја цена, да се запре агресијата на Западниот блок, а во случај на почетен пораз, да се одржи борбената способност на воените трупи, кои би се прегрупирале во најкраток временски период. Следната фаза значела неодложно настапување во контранапад на целиот фронт на воените дејства, со употреба на нуклеарно оружје.[118]

---

[117] Ibid., 193.
[118] Ibid.

Од крајот на 50-тите до средината на 60-тите години советската воена доктрина се базирала целосно на сразмерно користење на нуклеарното вооружување. Покрај изјавите на раководството на СССР дека нема прв да употреби стратешко нуклеарно вооружување, како и сценаријата на маневрите, според кои евентуалната војна започнувала со нуклеарен удар на западните држави, реалните воени планови предвидувале ненадеен нуклеарен удар, доколку евентуалната војна би била неизбежна. Евентуалниот советски нуклеарен удар требало да ги уништи обејктите, кои ја сочинувале економската и воена моќ на „*империјалистичките држави*" т.е. големите европски градови, во коишто бил концентриран поголемиот дел од населението, важните индустриски и суровински реони, воените бази и нуклеарните инсталации. Кон овој прв нуклеарен удар на стратешките сили (ракетни единици, стратешка авијација и атомски подморници) требало да се вклучат со нуклеарни удари и фронтовските ракетни единици и авијација, што би значело почеток за офанзивна операција на пешадиските сили, подржани од авијацијата. Тенковските и моторизираните артилериски единици би требало да го искористат резултатот од ненадејниот нуклеарен удар, за да го довршат разбивањето на преостанатите воеспособни единици на противникот и да навлезат во длабочина на непријателска територија. За оваа воена доктрина една одбрамбена војна била „*неприфатлива и исклучително опасна*".

Кон средината на 60-тите години била прифатена стратегијата за победа во нуклеарен и во конвенционален конфликт, но била допуштена можноста војната да остане во конвенционални рамки преку изненадна офанзивна операција, која ќе ја пробие одбраната и ќе ги завладее стратегиските објекти и нуклеарните арсенали на НАТО пред западните сојузници да донесат политичко решение за нуклеарен удар, но и покрај тоа би продолжила подготовката за тотална нуклеарна војна. Особено значење се придавало на стратешките воздушно-десантни операции во длабочина и на тактичките воздушно-десантни операции во позадината на противникот.

Истражувањето на воената доктрина на Варшавскиот пакт, треба да се фокусира во барањето одговори на прашањето во кој степен НАТО бил сфатен како примарна опасност? Варшавскиот пакт бил формулиран како една типична одбрамбена алијанса и, во случај на војна, воената стратегија ги вклучувала сите земји од Источниот блок до степен кој би овозможил ефективен воен

одговор на евентуална агресија од страна на НАТО. Во текот на раководството на Брежнев во пропагандата на земјите-потписнички на Варшавскиот договор во голем степен бил користен политичкиот „речник“ за можностите за мирен соживот на земјите со различни политички и економски уредувања, но дека единствена пречка на патот на меѓусебната соработка биле непријателските и агресивните намери на „*американските империјалисти и нивните сојузници во НАТО*“. Тоа била повеќе политика на „параван“ кон земјите со различни системи, мотивирана и диктирана како резуптат на економските тешкотии на СССР. Во документите на Варшавскиот пакт доминирале изјавите за грижата и настојувањата за зачувување на светскиот мир, а од друга страна, де факто Советскиот Сојуз и земјите-членки на Варшавскиот пакт воделе прилично активна политика против Западниот блок, а притоа била давана воена и политичка поддршка на комунистичките партии и национално-ослободителните движења во Африка, Азија и Јужна Америка. Со овие чекори, СССР и неговите сојузници, всушност, имале за цел да го прошират своето влинајие во светот. Исто така, никогаш не била отфрлена можноста во даден момент да дојде до „*ослободување*“ на Западна Европа од „*владеењето на капитализмот*“. Поради сите овие причини и стратегии, СССР и неговите сојузници од Варшавскиот пакт поседувале и одржувале високо обучени и своевремено најмодерни офанзивни вооружени сили и средства.

Од спроведените анализи во штабовите на Варшавскиот пакт било заклучено дека силите на НАТО, при евентуалниот напад, би го користеле ефектот на изненадување. Во врска со овај заклучок, по 15 мин. од дадениот сигнал требало да се активираат 10% од борбената авијација на Варшавскиот пакт. Во текот на следните неколку часа требало да влезат во борбено дејство значителен број на авиони во различни насоки и истовремено би се спроведувала операцијата за одвратување на нападот на НАТО.[119] Исто така, се очекувал ракетен напад на НАТО со конвенционално оружје и со висок степен на прецизност. За оваа можност, вооружените сили на Варшавскиот пакт биле добро подготвени, преку користење на широка мрежа на системи за набљудување, предупредување и известување, чија цел била да се добијат информации за бројот и правците на лансираните непријателски балистички

[119] Ibid., 194.

проектили, само неколку минути пред да ја погодат целта. Исто така, во Обединетата команда на вооружените сили се проценувало дека териториите на земјите-членки би претрпеле многубројни нуклеарни удри, од воздух и од земја, при што би се користело и хемиско оружје. По надземните нуклеарни удари, значаен дел од териториите би бил радиоактивно контаминиран, а покрај тоа би имало и огромни загуби на војници и на цивилното население.

Во втората половина на 80-тите години, подготвките на вооружените сили на Варшавскиот пакт за одбрана од напад на силите на НАТО почнале да стануваат сé повидливи. Се прифатил концептот на одбрамбена операција во стратешка смисла. Се чини дека ова промена во однос на евентуалната војна била резултат на повторното навраќање на начелата за соживот на државите во советскиот политика кон Западна Европа. Започнало да се разгледува и практикува можноста за преминување на вооружените сили на Советскиот Сојуз и Варшавскиот пакт кон стратешка одбрана. Документот *Воената доктрина на членките на Варшавскиот пакт*, усвоен во 1987 год., меѓудругото, јасно кажува дека целта на политиката на земјите-членки на пактот е да се спречи војна, како нуклеарна, така и конвенционална. Во документот се наведува дека: „*воената доктрина на земјите-членки на Варшавскиот пакт има строго одбрамбен карактер. Таа е заснована на сфаќањето дека во сегашните услови неприфатлива е употребата на воена сила за решавање на било кое спорно прашање.*“[120] Исто така, било објавено дека: „*земјите-членки на Варшавскиот пакт никогаш и под никакви околности нема да започнат воени акции против ниту една земја или сојуз на држави, освен доколку самите не постанат објект на вооружен напад. Тие никогаш нема први да употребат нуклеарно оружје.*“[121]

И покрај натамошните консултации за состојбата на воените доктрини, земјите на Варшавскиот пакт продолжиле со изведување на воени вежби, на кои се спроведувала тактика на одбрана, но преку контранапад на своите воени сили. Врз основа на документите усвоени од поранешната ГДР може да се претпостави дека, во втората половина на 80-тите години, во стратешките планови на Варшавскиот пакт се предвидувало заземање на територија во Западна Европа и постигнување на француската граница во рок од 13-15 дена.

---

[120] *Savetovanje političkog konsultativnog komiteta država-članica…* , 23; и *Прилог 3*, Дел I.
[121] Ibid.

Во следната етапа, по 30-35 дена од борбите, се очекувало да се совлада остатокот од Западна Европа. Дури во 1988 год., биле направени некои прилагодувања во доктринарните планови на Варшавскиот пакт. Започнало да се разгледува употребата во прв план на конвенционално оружје, со користење на модерни системи за напад и извидување. Сепак, и понатаму била земена во предвид опцијата на нуклеарна војна, иако со ограничен опсег и само во случај кога воените дејствија би прераснале во глобален конфликт. Се очекувало идната војна да биде со висок степен на маневрирање на воените дејства и динамична ситуација на боиштето.[122] Вистинска проверка на стратешките претпоставки и на официјалната дефанзивна воена доктрина на Варшавскиот пакт биле воените оперативно-стратешки вежби во кои биле вклучени вооружените сили на сите земји-членки.

## IV.2. Воените сили и нивните заедничките вежби

Најзначајно евентуално боиште на можниот судар помеѓу воените сили на НАТО и Варшавскиот договор била територијата на Европа. Стратегиските планови и на двата блока ги содржеле во поединости начините и методите на стационирање, групирање и правците на настапување на одделни свои единици (еднонационални или мултинационални). Притоа, територијата на Европа била поделена на воени боишта (фронтови), од секој блок спрема своите планови и стратегии.

Двата воени блока во почетокот на 80-тите години во Европа располагале со околу 174 дивизии во борбена готовност, од тие НАТО со 96, а Варшавскиот договор со 78 дивизии. Северноатлантскиот пакт би можел, во краток период, да ги засили тие сили со околу 8 дивизии и да мобилизира од резервниот состав уште околу 19 дивизии, со што вкупно во Европа би ангажирал околу 124 дивизии, од кои 30 американски.[123]

---

[122] Kałużny, Ryszard, op. cit., 195-196.

[123] Šotra, Žarko, *Aktuelna informacija : Vojne snage Severnoatlantskog pakta i Varšavskog ugovora u Evropi.* Deo 1, Beograd : Savez rezervnih vojnih starešina Jugoslavije : Predseništvo SK SRVSJ, 1982, 7; за подетална споредба на копнените сили види: *New Technology for NATO: Implementing Follow-On Forces Attack*, Washington, DC : U.S. Government Printing Office, 1987, 66-69.

Копнените сили на земјите-членки на Варшавскиот договор, во поглед на борбената готовност, биле поделени во 3 категории, и тоа:

1) Дивизии од I категорија, пополнети со преку 75% формациска пополнетост на воениот персонал до потполна формација,
2) Дивизии од II категорија, пополнети со над 50% од потполна формација и
3) Дивизии од III категорија, кои имаат нешто повеќе војници од старешинскиот кадар - до околу 25% формациска пополнетост.[124]

Силите на Варшавскиот пакт во полна борбена готовност во мир изнесувале околу 78 дивизии, од кои 41 советска и 37 на земјите-членки, и тие биле во можност брзо да бидат зајакнати со 10 дивизии (претежно воздушно-десантни) и со околу 88 домобилизирани дивизии за кои имало обучен воен кадар. Вкупно, на европскиот фронт, пактот можел да ангажира околу 176 дивизии, вклучувајќи ги советските сили во Централна Европа и во ленинградскиот (денешен Санкт Петербург - м.б.), балтичкиот, белорускиот, прикарпатскиот, киевскиот, одескиот, севернокавкаскиот и транскавкаскиот воен округ.[125]

Во публикацијата *НАТО и Варшавскиот договор - споредување на силите* во издание на НАТО пактот, а по повод пролетното заседание во Брисел во 1982 год., се наведуваат следните европски сили на Варшавскиот пакт: *„Варшавскиот договор во целина располага со 244 активни дивизии и 27 самостојни бригади. Од тој број, наспроти земјите на НАТО во Европа, Варшавскиот договор располага со околу 164 дивизии плус еквивалентни сили со јачина од 9 воздушно-десантни и воздушно-подвижни дивизии. Тие постојани сили од 173 дивизии можат да се засилат со околу 15 дивизии од стратегиските резерви од централните воени окрузи како московскиот, уралскиот и волшкиот.“*[126]

Првите заеднички вежби се одржале во август 1957 год. во ГДР, на Групата советски војски во ГДР и армијата на ГДР. Првиот голем заеднички маневар, под име „Бура“, бил спроведен во декември 1961 год. на териториите на ГДР, Полска, Чехословачка и западните реони на СССР и планиран во контекст на напредокот на изградбата на Берлинскиот ѕид (1961).[127]

---

[124] Šotra, Žarko, *Aktuelna informacija...* Deo 1, 7.
[125] Ibid.
[126] *NATO and the Warsaw Pact : force comparisons*, Brussels : NATO, 1982, наваедено кај: Ibid.
[127] *Варшавски договор:* http://www.decommunization.org/Communism/Bulgaria/Warsawpact.htm

Маневрите значеле подготовка на националните вооружени сили во нивното интегрирање во склоп на советските фронтови под советска команда и за оперативното раководење на националните команди од страна на Главните команди на советските стратешки правци. Штабовите на советските групи војски во Источна Европа и на западните воени окрузи ја имале улогата на фронтовски штабови. Вежбите ја користеле практиката на интеграција на многунационалните вооружени сили на СССР, при која командните функции ги вршеле советски офицери, а комуникацијата се одвивала на руски јазик.



**Слика 3. Воената вежба на Варшавскиот пакт „Родопи“- Бугарија, 1967 год.**
(Извор: *http://www.profimedia.si/photo/warsaw-pact-military-exercise-rodopy/profimedia-0077804761.jpg*)

Вежбите на териториите на источноевропските држави ја подготвувале советската армија за брза и широка внатрешна интервенција. Такви биле воените вежби: на територијата на СССР (1965 - „Октомвриски јуриш“; септември 1966 - „Волтава“; септември 1967 - „Днепар“; лето 1983 -„Штит-83“), во ГДР (октомври 1970 - „Братство по оружје“; 1985-1988 -„Спречување“), во Бугарија (јули 1958 - „Бугарија“; август 1967 - „Родопи“; 1982 - „Штит 82“); во Чехословачка (мај-август 1968 - „Шумава“, „Неман“ и „Небесен штит“); во Унгарија (мај 1979 - „Штит-79“), во Чехословачка (1982 - „Дружба-85“), во Полска (1969 - „Одра и Ниса“; 1980-1981 - „Братство по оружје 80“ и „Запад 81“; 80-тите - „Дружба-83“, „Дружба-84“ и „Дружба-85“), вежбите „Сојуз“ на териториите на две или повеќе земји-членки и други.[128]

[128] „Варшавский договор“, *Большая Советская* Энциклопедия, op. cit., 315; и *Варшавски договор*: http://www.decommunization.org/Communism/Bulgaria/Warsawpact.htm

Сценариото на овие воени вежби - со мали промени во 70-тите и 80-тите години било слично. Со цел да се нагласи одбрамбена природа на воената доктрината, вежбите започнувале со претпоставена ситуација на опасност од воена агресија, од страна на силите на НАТО на територијата на земјите од Источниот блок, при што силите на НАТО навлегле на територијата на ГДР најмногу до длабочина од 50-60 километри, по што силите на Варшавскиот пакт требало да го одбијат непријателскиот напад и да прејдат во контранапад.[129] Во текот на реализацијата на контраофанзивата би се користело и нуклеарно оружје. Планот на нуклеарните удари бил изработен, така што војниците на Варшавскиот пакт, по посебна антирадијациска подготовка, би можеле да продолжат со прегрупирањето за натамошните офанзивни воени операции.




**Слика 4. Морнаричка пешадија за време на воената вежба „Штит 82“ во Бугарија**
(Извор: http://pan.bg/spotters/img/1372.jpg)

Секоја наредна вежба била надградувана со заклучоците од претходно спроведената, при што се опфаќале нови простори и нови елементи на оперативните и стратешките активности. Во текот на вежбите, често се земале во предвид ефектите од евентуални нуклеарни удари. Воените вежби ги вклучувале воените единици од сите родови и средства од целокупната расположива воена техника и вооружувањето како: пешадиските сили, военото воздухопловството и ракетната поддршка, разни оперативни маневарски групи за форсирање на водени и други природни пречки, потоа флотите на морнарицата, морнаричките воздухопловни сили и морнаричката пешадија, разни десантни единици, единици за врска, инженериски единици и други. Врз

[129] Kałużny, Ryszard, op. cit., 194-195.

основа на општите слики од воените вежби може да се каже дека, всушност, се изведувале и со офанзивна воена тактика. Изведуваните офанзивни маневри и тактики на вежбите сведочеле за подготовки за длабоко офанзивни операции, кои во случај на војна би ја достигнале западната граница на СР Германија.[130]

Големите вежби на Варшавскиот пакт се спроведувале при надворешно-политички кризи и внатрешни кризи на советскиот блок, истовремено како воена подготовка и како демонстрација на сила со политичка цел. Партиските и државните раководители на социјалистичките земји-учеснички присуствувале на помасовните маневри, демонстрирајќи со тоа *„социјалистички интернационализам"* и партиска контрола над армијата. Вежбите завршувале со воени паради и заеднички митинзи на населението и припадниците на сојузничките армии. Во подготовката на заедничките вежби освен воените органи учествувале и централните и месните државни и партиски органи.

## IV.3. Воените планови и стратешките правци

Воената организација на Варшавскиот пакт немала самостојна улога во случај на евентуална војна; туку силите на Варшавскиот договор се поставувале под советска команда. Источноевропските армии нашле позначајно место во советските воени планови во почетокот на 60-тите години со развивањето на **Концепцијата за тотална нуклеарна војна**. Идејата за молневита офанзива врз Западна Европа, по првиот нуклеарен удар, значела единиците стационирани на границите со земјите од НАТО да се наоѓаат во постојана воена готовност и со висок степен на екипираност. Тие биле подготвени, заедно со советските војски распоредени во Источна Европа, без мобилизација да формираат широки фронтови. Источна и Централна Европа би станале бојното поле на нуклеарната војна, а источноевропските сили би се вклучиле во првиот ешалон, кој би ги поднел првите нуклеарни удари - проценети во 60-тите години на 60-70%, а во 70-тите години на 48-53%. Оттогаш започнале големите заеднички тактички вежби на силите на Варшавскиот пакт и вооружувањето на источноевропските армии со современо оружје, како и со тактичко-оперативно и стратешко нуклеарно вооружување.

[130] Ibid., 195.

Советското воено планирање го поделило европското боиште на **Западно, Југозападно и Северозападно боиште** (**фронт на воени дејства – ФВД**; рус. театр военных действий). Северозападниот ФВД, против Норвешка, би дејствувал како одделен фронт, формиран од Ленинградскиот воен округ и потчинет директно на советската Врховна команда. Наспроти скромните норвешки сили, од една бригадна група на северот од земјата, на полуостровот Кола се наоѓале 2 советски дивизии и една морнаричко-пешадиска бригада, 9 дивизии во ленинградскиот округ и додатни сили во балтичките републики.

Земјите на Варшавскиот пакт потпаѓале под **Западниот и Југозападниот ФВД** и нивните армии требало да се интегрираат со советските фронтови на **Западниот** и **Југозападниот стратешки правец**. Команданти на фронтовите биле командантите на Групата советски армии во Источна Европа и западните воени окрузи на СССР. Војските, кои не биле придодадени кон советските фронтови, преку националните команди биле оперативно потчинети на Главната команда на соодветниот стратешки правец. Со овие Главни команди на стратешките правци, Москва јасно ја дефинирала структурата на командувањето во војна и местото на источноевропските војски во строго централизираната хиерархија на советската армија. Главните команди на двата стратешки правци (Западниот и Југозападниот) биле формирани во септември 1984 год., а Далекуисточниот во февруари 1979 год., но според аналитичарите тие функционирале низ целиот повоен период.

Кон средината на 80-тите составот на групите советски армии во Источна и Централна Европа бил следниот: **Групата советски војски во ГДР**: 546.000 војници, 11 тенковски и 8 моторизирани дивизии (2 тенковски и 3 пешадиско-моторизирани армии), 1 воздухопловна армија, 1 десантно-јуришна бригада и 1 бригада за специјални намени (СПЕЦНАЗ); **Северната група војски во Полска:** 48.500 војници, 2 тенковски дивизии; **Централната група војски во Чехословачка**: 73.000 војници, 2 тенковски, 3 моторизирани и 1 авијациска дивизија; **Јужната група војски во Унгарија**: 70.000 војници, 2 тенковски и 2 моторизирани дивизии и 1 воздухопловна армија.[131]

Оперативните планови за соодветниот ФДВ се изготвувале во советскиот Генерал-штаб и останувале тајна за националните команди.

---

[131] *Варшавски договор:*http://www.decommunization.org/Communism/Bulgaria/Warsawpact.htm

### IV.3.1. Западниот стратешки правец

Западниот стратешки правец бил најважниот советски стратешки правец, кој требало да го нанесе главниот удар на НАТО силите. Тој бил најмоќната воена групација во Европа за време на Студената војна. Кон крајот на 80-тите години, неговиот состав го сочинувале: вкупно 50 дивизии, од кои 26 тенковски и 24 моторизирани дивизии.

Нему му биле потчинети следните воени сили: Групата советски војски во Германската Демократска Република (ГСВГ), Северната група советски војски во Полска, Централната група советски војски во Чехословачка, единиците на белоруските и прикарпатските советски воени окрузи, како и армиите на Германската ДР, Чехословачка и Полска. Исто така на овој стратешки правец му биле потчинети и обединетата Балтичка флота, во која на советската Балтичка флота биле придодадени воено-поморските сили на Полска и Германската ДР, Прибалтичкиот воен округ, Командите на националните армии на Германската ДР, Полска и Чехословачка, 4-та и 46-та советска воздухопловна армија.[132]




**Слика 5. Западниот стратешки правец**
(Извор: http://www.decommunization.org/Communism/Bulgaria/Warsawpact.htm)

[132] Ibid.

Здружените воени сили на **Западниот стратешки правец,** на тактичко, оперативно и стратешко (длабочинско) ниво, биле организирани во следните **два ешалони**:

**1)** Во **Првиот стратешки ешелон** припаѓале:

а) **Северниот фронт** - се состоел од: Групата советски војски во Германската ДР и повеќе дивизии од армијата на ГДР. Силите на Северниот фронт би дејствувале против Северната армиска група на НАТО во правец на областа Рур (СР Германија), Јужна Холандија и Белгија.

б) **Централниот фронт** - го сочинувале: Групата советски војски во Германската ДР и повеќе дивизии од армијата на ГДР. Овој фронт би атакувал против Централната армиска група на НАТО, односно во правец на Франкфурт. Планот предвидувал дивизиите од армијата на ГДР да се насочат на негермански НАТО корпуси.

в) **Јужниот (чехословачки) фронт** – го сочинувале чехословачката армија и дел од Централната Група советски армии), кој ќе напаѓа на Централната армиска група на НАТО во Баварија.

г) **Полскиот фронт** (полската армија и советските армии од Прибалтичкиот воен округ) кој ќе дејствува во правецот Хамбург-Бремен-Северна Холандија и кон Данска.

д) **Обединетата Балтичка флота на пактот, заедно со советските, полските и источногрманските воздушно-десантни и поморско-десантни единици** - би дејствувале заедно со Полскиот фронт и во правец на данските острови и протоци со што би осигуриле излез на Северното море. Во настапувањето требало да бидат заземени Јужна Шведска и островите Јоланд и Готланд во Балтичкото море.[133]

**2) Вториот стратешки ешелон** на Западниот правец го сочинувале двата фронта од Прикарпатскиот и Белорускиот воен округ во Советскиот Сојуз, како и една група на Дунавскиот фронт (од Југозападниот стратешки правец), која ќе го потпомага настапувањето во Баварија на Јужниот чехословачки фронт.[134]

[133] Ibid.
[134] Ibid.

## IV.3.2. Југозападниот стратешки правец

Југозападниот правец од стратешка гледна точка имал второстепено значење. Под негова команда биле: Јужната група советски војски во Унгарија, Киевскиот воен округ, Одескиот воен округ и армиите на Бугарија, Унгарија и Романија. На Главната команда на овој правец оперативно му биле потчинети: националните команди на унгарската, бугарската и романската армија, обединетата Црноморска флота (советската Црноморска флота, бугарските и романските поморски сили и советската 24-та воздухопловна армија). Штабот на Главната команда на овој правец во мирнодопско време се наоѓал во Кишинев, а командниот пункт во реонот на Ивано-Франковск (ССР Украина).[135]




**Слика 6. Југозападниот стратешки правец**
(Извор: *http://www.decommunization.org/Communism/Bulgaria/Warsawpact.htm*)

**1) Првиот стратешки ешелон** се состоел од **два фронта и една флота**, и тоа:

а) **Бугарскиот фронт** (го сочинувале 2 групации) се формирал од бугарската армија и советските војски од Одескиот воен округ. **Главната (прва) групација** (Одеско-Босфорскиот фронт) би се насочила кон европска Турција и Зоната на протоците. **Втората групација** (Балканско-Солунскиот фронт) би настапувала кон Солун по долините на р. Струма и Вардар. Во 80-тите години советските и бугарските војски ги надминувале турските војски, кои би ја бранеле Зоната на мореузите, во соодност 2:1 на сувоземните и 5:1 на воздушните сили.

[135] Ibid.

Првата стратешка цел би била заземањето на Источна и Беломорска Тракија, како и контрола на Босфорот и Дарданелите. Следните стратешки цели се заземање на Западна Турција, Централна и Јужна Грција, контрола над Егејското море (со заземање на крајбрежјето) и контрола над Источниот Медитеран (со уништување на воено-поморските сили на НАТО). Во следната фаза на војната требало да биде воспоставена контрола над Суецкиот канал.

б) **Дунавскиот фронт** го сочинувале: Југозападната група советски армии, унгарската армија, дел од Централните советски групи војски и силите од Прикарпатскиот воен округ. Едната групација би дејствувал во правецот Виена-Линц-Салцбург-Минхен помагајќи го настапувањето на Јужниот фронт. Другата групација ќе настапува кон Италија во правец на Грац-Клагенфурт-Удине-Милано-Џенова.

в) **Обединетата Црноморска флота** би дејствувала кон мореузите заради излез во Средоземното море, со цел попречување на влез на воено-поморските сили на НАТО во Црното море, во близина на СССР.[136]

**2) Вториот стратешки ешелон** би се формирал во Киевскиот воен округ. Поради романската територијално-одбрамбена доктрина, романската армија не била планирана во почетната фаза на настапувањето. СССР очекувал од Романија, соработка во противвоздушната одбрана и во осигурувањето на советските комуникациски и транспортни врски во време на војна.[137]

## IV.4. Стратешкото вооружување и воено-техничката опрема

Вооружените сили на земјите-членки на Варшавскиот пакт, речиси, потполно биле опремени со вооружување од советско производство или произведено по советска лиценца, што обезбедувало флексибилност во неговата употреба, стандардизација и економичност во производството и одржувањето, како и поедноставување на борбената обука.

Советскиот Сојуз својата прва атомска бомба ја испитал уште во август 1949 год. со што бил создаден паритет на САД и понатаму довело до светска нуклеарна рамнотежа. Развојот на советската атомско-нуклеарна програма,

---

[136] Ibid.
[137] Ibid.

довела до создавање на првата советска хидрогенска бомба во 1953 година.[138] Во Варшавскиот пакт, единствено, советската армија поседувала стратешко нуклеарно оружје, кое било под директна команда на советскиот Врховен командант. Една или повеќе од 6-те ракетни армии можеле, оперативно, да бидат потчинети на Главната команда на стратешките правци. Сојузничките армии поседувале тактичко нуклеарно оружје, кое било под советска контрола.

Во почетокот на 60-тите советското раководство решило во секоја од армиите на источноевропските вооружени сили да се формира ракетна бригада со оперативно-тактички ракети Р-11 (SCUD), а кон секоја дивизија и тенковска бригада – одделен ракетен дивизион со тактичките ракетни системи „Луна" (FROG). Обуката на ракетните послужители, инструкциите и документите биле на руски јазик.

Во 70-тите години на минатиот век стратешкиот нуклеарен арсенал на Советскиот Сојуз, кој бил стациониран и во земјите-членки на Варшавскиот договор, бил следниот:

**а) Интерконтинентални крстосувачки балистички проектили (ИКБП) од стратешко значење стационирани на копно, односно кои се лансираат од копно;** Советскиот ИКБП стратешки арсенал се состоел од вкупно 2.521 проектили од разни видови. И тоа:

- 109 проектили од моделите **СС-7** и **СС-8**. СС-7 со домет од 11.000 км, една боева глава од 5 мгт и во употреба бил од 1961 година. СС-8 со ист домет и огнена моќ на боевата глава, како и СС-7, а во употреба бил од 1963 година.
- Располагал со 238 проектили **СС-9**, кои постепено со модернизацијата на арсеналот, биле намалени на 130. СС-9 имал домет од 12.000 км и бил произведуван во 3 верзии: со една боева глава од 18 мгт, една боева глава од 25 мгт и со три боеви глави од по 5 мгт, а бил воведен од 1965 година.
- Од видот **СС-11** располагал со 840 проектили, кои со воведувањето на нови модели биле намалени на 620 проектили. Дометот на СС-11 изнесувал 6.500 км и бил произведуван во две верзии: со една боева глава од 1 од 2 мгт и со три боеви глави од по 1 мгт, а во употреба бил од 1966 година. СС-11 проектилите, пред воведувањето на СС-18 и СС19, ја претставувал главнината на советските ИКБП.

[138] Сулакшин, С.С. (Науч. ред.) и др., op. cit., 43.

- Силите на СССР и Варшавскиот пакт располагале со 60 проектили **СС-13**, чиј број подоцна бил сведен на 40. СС-13 имал домет од 8.000 км и една боева глава од 1 мгт и бил воведен во употреба од 1968 година. Овој модел постепено бил заменуван со новиот СС-16, подвижен проектил на цврсто гориво. Но, врз основа на нацрт-спогодбата САЛТ-II, овој проектил излегол од употреба во советскиот нуклеарен арсенал. Најверојатно, затоа што моделот СС-20, исто така модел на подвижен проектил, но континентален со среден домет, можел да се пренамени во интерконтинентален проектил т.е. во СС-16, само со додавање на третата фаза од проектилот СС-16. Со цел да се нема потешкотии во контролата на нуклеарниот арсенал, предвидена со САЛТ-II, СС-16 постепено се исфрлил од советскиот нуклеарен арсенал.

Од тешките проектили, Варшавскиот пакт (СССР) располагал со:

- Од моделот **СС-17** вкупно 40, чиј број подоцна бил зголемен на 100 проектили. СС-17 имал домет од 10.400 км и по 4 нуклеарни независно водени боеви глави од 1 мгт или со една боева глава од 5 мгт, а во употреба биле од 1975 година. Овие проектили, како и СС-19, биле распоредени во преуредени силоси на проектилот СС-11.
- Од моделот **СС-18** со 50, а со текот на развојот бројот се зголемил на 170 проектили. СС-18 бил со домет од 12.000 км, со една боева глава од 15 до 25 мгт и со 8 или 10 боеви глави со по 1 мгт. Бил воведен во 1975 година. СС-18 практично бил испитуван со една боева глава и со 5 до 8 боеви глави, меѓутоа во употреба бил воведен со 10 боеви глави. Во овој период, СС-18 бил најмоќниот советски нуклеарен проектил, но и воопшто во светот. Бил граден врз основа на развојот на СС-9.
- Од моделот **СС-19** со вкупно 140 проектили, чиј број со модернизирањето на арсеналот се зголемил на 320 проектили. СС-19 имал домет од 10.400 км, со по 6 боеви глави од 1 мгт или со една боева глава од 5 мгт и бил воведен, исто така, во 1975 година. Овој модел во практика бил испитуван со една боева глава, но се поставувал со 6 боеви глави, а според одредбите на САЛТ-II се сметал како подвижен лансирен проектил (МИРВ[139]).[140]

---

[139] MIRV (англ.Multiple independently targetable reentry vehicles) се подвижни интерконтинентални балистички ракети со повеќе боеви глави (м.б.).

[140] Густинчич, Јуре и Шешеринац, Димитрије, *Супер силе и супер оружја*, Београд : Политика, 1979, 40.

**б) Поморски интерконтинентални крстосувачки балистички проектили (ПИКБП);** Советскиот ПИКБП нуклеарен арсенал се состоел од проектили на нуклеарните подморници, и тоа:

- Вкупно 27 од проектилите **СС-Н-4**, со домет од околу 650 км и со една боева глава со јачина од 1 до 2 мгт, биле воведени во употреба од 1961 година.
- Проектилите **СС-Н-5**, вкупно 54, со домет од 1.400 км, иста јачина како СС-Н-4, но нешто помодерни. Во употреба биле воведени во 1964 година.
- **СС-Н-6** проектили - вкупно 544, чиј број подоцна, со модернизацијата, бил намален на 528 проектили. Тие биле со домет од 3.250 км, со една боева глава со јачина од 1 или 2 мгт и со три боеви глави со по 100 кт. Бил испитуван со една и со три боеви глави, а во употреба бил од 1969 година.
- Од проектилите **СС-Н-8**, вкупно 284-286, со домет од 8.900 км и со една боева глава од 1 или 2 мгт, а во употреба бил воведен во 1972 година. Новата верзија на овој проектил, со назив **СС-Н-18**, имал три боеви глави и понатаму целосно го заменил СС-Н-8.
- **СС-Н-3** проектили - вкупно 324, со домет од 850 км и една боева глава од 1 мгт, во употреба од 1962 год. и биле заменети со новиот модел **СС-НХ-12**.
- Од типот **СС-Н-17** - вкупно 16 со една боева глава од 1 мгт.
- Проектилите **СС-Н-18** биле вкупно 96 со една боева глава со јачина од 1 мгт.

Во советскиот поморски нуклеарен арсенал, основната сила ја чинеле 286 ПИКБП од типот СС-Н-8 и 324 ПИКБП од типот СС-Н-3, кои подоцна биле заменети со со ЦЦ-НХ-12. Подоцна на советските нуклеарни подморници биле вовоедени модели со независно водени боеви глави.[141]

**в) Стратешки бомбардери со нуклеарен арсенал**; Овој дел од нуклеарниот арсенал на Варшавскиот договор е нешто послаб во споредба со горе наведените два, но и во споредба со стратешките бомбардери на САД. Во овие сили од нуклеарниот арсенал спаѓале:

- **Бомбардерот ТУ-95**, чиј број изнесувал 100 летала, со долет од 12.800 км, брзина од 0,78 маха и носивост од 20 тони. Бил воведен во употреба во 1956 година. Овие авиони, како и американскиот Б-52, спаѓале во добро испитани модели, но сепак во измесна смисла застареле. Дел од овие летала се користеле и за електронско извидување, слично како американските АВАКС.

[141] Ibid., 41-42.

- **Бомбардерот МЈА-4**, вкупно 35 авиони, со долет од 9.600 км, брзина од 0,87 маха и носивост од 10 тона, кои исто така, спаѓаат во постарите модели на авиони, бидејќи биле во употреба, дури, од 1956 година.
- Од 1974 год. започнало производството на **бомбардерот Ту-26**, наречен од НАТО „бекфајер" (англ. backfire), со долет од 8.800 км, брзина од 2,5 маха и носивост од 10 тони. Овој апарат не бил разгледуван во одредувањето на бројниот однос на стратешките лансери во текот на преговорите САЛТ, бидејќи советската страна се обврзала да не произведува повеќе од 30 вакви летала годишно. Всушност, според правилата на САЛТ, ТУ-26 можел да биде сметан како стратешко оружје, бидејќи со својот долет ја преминувал границата од од 5.500 км. Освен тоа, можел да биде снабдуван со гориво во текот на летот и да се врати во појдовната база.[142]

**Табела 1. Број на советски нуклеарни проектили во периодот 1963-1978 год.**[143]

| Вид на проектил | 1963 | 1965 | 1967 | 1969 | 1971 | 1972 | 1973 | 1974 | 1975 | 1976 | 1977 | 1978 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ИКБП | 90 | 224 | 570 | 1028 | 1513 | 1527 | 1527 | 1575 | 1618 | 1527 | 1477 | 1400 |
| ПИКБП | 107 | 107 | 107 | 196 | 448 | 500 | 628 | 720 | 784 | 845 | 909 | 926 |
| Страт. бомбард. | 190 | 160 | 160 | 145 | 145 | 140 | 140 | 140 | 135 | 135 | 135 | 140 |
| Вкупно | 387 | 491 | 837 | 1369 | 2106 | 2167 | 2295 | 1435 | 2537 | 2507 | 2521 | 2466 |

Од овие податоци, иако бројот на ИКБП е приближен со бројот на ПИКБП и стратешките бомбардери, може да се заклучи дека ИКБП, кои се лансираат од копно, ја сочинувале главната сила и ударна моќ на нуклеарниот арсенал на Варшавскиот пакт и СССР. Тие биле главна нуклеарна ударна сила, како по огнената моќ, така и по техничката усовршеност и самиот нивен број. Ако се земе и во предвид дека 90% од советските нуклеарни подморници постојано престојувале во пристаништата т.е. не биле во потполна борбена готовност, уште е појасно каде се наоѓа тежиштето на нуклеарниот стратешки арсенал на силите на Варшавскиот пакт, односно СССР.

---
142 Ibid., 42-43.
143 Види: Ibid., 44.

Од Табела 1 може да се заклучи дека дека СССР се концентрирал на поголемата огнена моќ на одделни проектили, односно нивните боеви глави. Во тој контекст, Советскиот Сојуз створил значајна група на тешки и модерни проектили кои се лансираат од копно - ИКБП[144]. На овој начин, со најмали трошоци, биле создадени помалку сложени и со помалку видови нуклеарни сили, кои сепак биле способни во првиот удар да му нанесат на можниот противник т.н. *„неприфатлива штета"*. Од Табела 1 може да се забележи и тоа дека советските нуклеарни сили биле послаби во поглед на возвратниот удар, но советските стратези биле свесни за тоа, поради неповолните услови за користење на подморничките проектили. Тоа било така, поради тоа што Советскиот Сојуз немал развиено широка мрежа на поморски бази како американската флота. Исто така, поради истите неповолни геостратешки прилики, Советскиот Сојуз располагал и со помал број на проектили кои се лансираат од стратешки бомбардери. Од друга страна, со лансирањето на Спутник во вселената, всушност, Советскиот Сојуз прв во светот извршил практична примена на интерконтиненталните проектили. Значи, советскиот нулеарен арсенал сосем малку се потпирал на една широка мрежа од бази или на сложени системи за телекомуникација, набљудување и командување низ сите светски континенти. Оценувајќи дека само еден дел од ИКБП е доволен да нанесе *„неприфатлива штета"* на противникот, советските воени планери во најголем дел ги развивале копнените интерконтинентални проектили.[145]

Од поратстот на ПИКБП по 1971 год. (Табела 1), може да се заклучи дека со изградбата на силни сили на ИКБП, Советите постигнале функционална рамнотежа со другата страна, со што добиле во време за развој и на силите за возвратен удар, односно на ПИКБП и на нови, многу посложени средства, како крстосувачките проектили, протонски зраци за антисателиска борба итн.

Вкупните стратешки нуклеарни сили на Советскиот Сојуз, според бројот на боевите глави и нивната огнена моќ, изразена во мегатони на класичен експлозив, во 1978/79 год. според Меѓународниот институт за стратегиско истражување[146] во Лондон, изгледале вака:

---

[144] Интерконтинентални крстосувачки балистички проектили (м.б.).
[145] Густинчич, Јуре и Шешеринац, Димитрије, op. cit., 44.
[146] Наведено во: Ibid., 43.

**Табела 2. Вкупните стратешки нуклеарни сили на Советскиот Сојуз во 1978/79 г.**[147]

| Вид на средства | Број на боеви глави | Огнена моќ во мегатони (мт) |
|---|---|---|
| ИКПБ | 2.647 | 2.950 |
| ПИКПБ | 909 | 860 |
| Стратешки бомбардери | 270 | 780 |
| Вкупно | 3.826 | 4.590 |

Во почетокот на 80-тите во Полска, Чехословачка и Бугарија биле распоредени новите нуклеарните ракетни системи СС-21 („Точка“), а во Чехословачка, ГДР и Бугарија – ракетните системи СС-23 (Р 400 „Ока“). Како резултат на договорите со САД за разоружување - САЛТ, Варшавскиот пакт, односно, СССР, до 1981 год. ги намалил своите стратешки капацитети и располагал со следниве нуклеарни проектили:

**Табела 3. Стратешките нуклеарни сили на СССР во 1981 год.**[148]

| Вид на средства | Количина |
|---|---|
| ИКПБ | 1.398 |
| ПИКПБ | 989 |
| Стратешки бомбардери | 150 |
| Вкупно лансери на проектили | 2.537 |
| Вкупно стратешки боеви глави | околу 7.000 |

Нуклеарните боеви глави се складирале на териториите на источноевропските земји во тајни магацини под контрола и заштита на специјалните советски единици од 12-та Главна управа на Министерството за одбрана на Советскиот Сојуз (Нуклеарно-техничко осигурување и безбедност). Нуклеарните единици биле под советска контрола, одлуката за користење на нуклеарното оружје ја донесувал советскиот врховен командант (Генералниот секретар на ЦК на КПСС), а оперативното користење на нуклеарните арсенали било планирано од командантите на фронтовите.

Вооружувањето на сојузничките армии со советско оружје и техника водело до нивна зависност од советските оружени доставки и до нивна заостанатост, бидејќи СССР не ставал акцент на модернизацијата, туку на

[147] Ibid.
[148] *The Military Balance : 1981-1982*, London : IISS Publications, 1981 3-4 и 107, прикажано кај: Šotra, Žarko, *Aktuelna informacija...*(Deo 1), 3.

стандардизацијата на вооружувањето во Варшавскиот пакт. Од стратешки и економски причини, советската армија била вооружена со најмалку едно ниво посовремена техника во однос на источноевропските армии. Сојузничките армии од Западниот Фронт на воените дејства, особено армиите на ГДР и Полска виле вооружувани со позначителни количества модерно оружје во однос на армиите на Унгарија, Бугарија и Романија од Југозападниот ФВД.

Специјализацијата и кооперативноста во производство на оружје значела дека останатите земји-членки на Варшавскиот пакт треба да се насочат на производство на конвенционално оружје по советски лиценци, а современата техника, реактивните авиони и ракетната техника се произведувале само во Советскиот Сојуз. Обидите на Полска да добие право на производство на реактивни авиони и ракетна техника не вродиле со плод. Во некои случаи, Полска, Германската ДР и Чехословачка конкурирале на советското оружје со сопствено производство, на што СССР одговарал со опструкции при неговото купувањето за советската армија. Таков бил случајот со самоходната хаубица „Дана“, произведена од Чехословачка во 1977 год. и користена во вооружувањето на чехословачките и полските вооружени сили, која во мали количини била купена од советската армија, дури во 1988 година.



**Слика 7. Команданти на Варшавскиот пакт за време на една командно-штабна вежба на Обединетите вооружени сили**

(Извор: http://www.hrvatski-vojnik.hr/hrvatski-vojnik/1702008/bpictures/podma-8.jpg)

Стандардизацијата на воружувањето и специјализацијата во производството на оружје во рамките на советскиот блок се координирале, уште пред создавањето на Варшавскиот пакт, од страна на **Воено-координативниот совет**, формиран во 1951 година. Во мај 1959 год. бил создаден **Комитетот за одбрамбената индустрија** на Варшавскиот договор, кој работел во рамките на СЕВ. **Техничкиот комитет**, формиран во 1969 год., ги уредувал унификацијата и стандардизацијата на вооружувањето и воената техника, го контролирал снабдувањето на сојузничките армии со вооружување и заеднички набавки, ја следел состојбата на воената индустрија на земјите-членки и ја координирал воената научно-истражувачка и конструкторска работа. Во 70-тите и 80-тите години Бугарија, Чехословачка и Германската Демократска Република биле ополномоштени од страна на СССР да вршат трговија со оружје со земјите од Третиот свет. Источногерманските советници на лице место обучувале кадри на органите за безбедност, армијата и паравоените групи на советските сојузници од Третиот свет, додека пак, бугарските и чехословачките стручњаци вршеле нивна обука на својата територија.

# Глава V
# Воените интервенции на СССР и земјите-членки на Варшавскиот договор

## V.1. Советската воена интервенција во Унгарија во 1956 година

За време на Втората светска војна, Унгарија учествувала на страната на Силите на оската во разбивањето на Кралството Југославија во 1941 година. Притоа Унгарија ги окупирала, односно анектирала следните југословенски области: Међумурје, Прекомурје, Бачка и Барања. По војната, Унгарија потпаднала под советската сфера на влијание и како таква станала земја-основач и потписник на Варшавскиот пакт во 1955 година.

Во Унгарија, веднаш по војната, комунистичката партија била наметната од страна на советската армија и во првите години на своето владеење не успеала да добие помасовна подршка кај народот. Во тоа улога имало, покрај теророт и немањето на активна опозиција, и сталинистичката економска политика, поради која опаднал животниот стандард на населението, со што се зголемило незадоволството.[149]

Во меѓувреме, како последица на крваво задушените демонстрации на работниците во Полска (Познан) на 28 јуни 1956 год., во октомври истата година дошло до крајно затегнатата ситуација помеѓу советското и полското раководство, предводено од популарниот Владислав Гомулка, поранешниот лидер на партијата и осуденик на 3 години затвор поради неговото противење на колективизацијата и заговарањето на *„полскиот пат во социјализам“*[150]. Имено, лично Хрушчов со најтесното раководство пристигнале во Варшава со намера и преку закана со воена интервенција да го спречат изборот на Гомулка на чело на полската партија. Меѓутоа, Полјаците не попуштиле под притисоците и Советите на 20 октомври биле принудени да го прифатат Гомулка и полскиот принцип на национален пат. Полските драматични настани се рефлектирале и во останатите членки на Варшавскиот пакт, посебно во Унгарија.[151]

---

[149] Лакер, Волтер, op. cit., 377
[150] Berend, Ivan, op. cit., 140.
[151] Лакер, Волтер, op. cit., 376.

На XX Конгрес на КПСС во 1956 год. бил срушен „култот“ на Сталин и биле откриени сите „режирани процеси“, чии жртви наскоро ќе бидат рехабилитирани. Со тоа започнал период на десталинизација, па унгарското раководство, под советски притисок, било принудено во јули 1956 год. да го смени дотогашниот партиски лидер Ракоши. На негово место се очекувало да застане поранешниот унгарски премиер, либералниот политичар Имре Наѓ, кој од 1953 год. бил унгарски премиер, а веќе во 1955 год. бил сменет и осуден поради заговарање на демократски социјализам.[152] Меѓутоа, на чело на унгарската КП дошол просоветскиот кадар Ерне Ѓере, кој, како и неговиот претходник, бил одговорен за сталинистичкиот период.

Биле направени и помали отстапки во јавното мислење во контекст на реформирање на партијата, а со тоа и унгарското општество. Овие чекори на партијата, сепак, не успеале да го намалат незадоволството кај народот, туку напротив тоа било знак за „мобилизација“ на опозицијата. Интелектуалците и студентите отворено се побуниле, барајќи слобода на говорот и печатот, а старите комунисти, штотуку пуштени од затворите, барале демократизација на партијата и смена на сталинистичките кадрови.

Веќе, кон средината на октомври 1956 год., под влијание на настаните во Познан (Полска), цела Унгарија била зафатена од револуционерното движење. Барањата да се укине учењето на руски јазик, набрзо, прераснале во барања да замине советската армија. На 23 октомври се одржале масовни манифестации во знак на солидарност со демонстрациите во Познан.[153] Во својот радио-говор партискиот лидер Ерне Ѓере ги осудил собирите како националистички и фашистички, по што демонстрациите се претвориле во вооружен бунт, кој со кратки затишја траел до почетокот на ноември.

Комунистичката партија на чело со Ѓере, кој бил еден од најблиските соработници на Ракоши, се обидувала да го поврати изгубениот авторитет како владеачка партија. Сепак, ноќта на 23/24 октомври, на итната седница на Политбирото на ЦК била формирана коалициона влада на чело со Имре Наѓ,[154] која имала мнозинство од комунисти-реформисти и претставници на другите партии, а Ерне Ѓере останал на чело на КП. Имено, во новата влада влегле

---

[152] Поопширно кај: Berend, Ivan, op. cit., 147.
[153] Ibid., 151.
[154] Петровић, Др Ненад, „*Депеше југословенског војног изасланика из Будимпеште 1956-1957*“, u „Vojno-istorijski glasnik“, 2007, br. 1-2, 184.

Золтан Тилди и Бела Ковач, поранешните претседател и генерален секретар на Партијата на малите сопственици.[155] Сепак, новоформираната влада на чело со Имре Наѓ побарала демонстрантите да се разотидат и Советите воено да интервенираат.[156]

Следниот ден унгарската тајна полиција (AVH) пукала во насобраните маси, кои мирно демонстрирале пред зградата на Парламентот.[157] Тоа ја „прелило чашата" и започнале вооружени борби низ цела Унгарија, во кои учествувале и работниците, а притоа низ целата земја биле формирани револуционерни комитети[158]. Воените сили, кои биле испратени да го задушат бунтот, застанале на страна на востаниците. Во првите денови на немирите, исплашеното партиско раководство побарало од советските воени сили во Унгарија да интервенираат и повторно да воспостават ред во земјата. Низ Будимпешта имало сцени на подигнати и срушени барикади, уништени советски тенкови и оклопни возила, изгорени тела на голем број советски војници и востаници. Неколку згради биле уништени од советските тенкови, кои пукале наоколу на „слепо" и неуспешно се обидувале повторно да воведат контрола над градот. Исто така, работниците започнале да ги преземаат фабриките и во нив формирале работнички совети.[159]

Вистински преврат во драматичните настани настанал на 28 октомври, кога Наѓ побарал повлекување на советските единици и на Унгарија да ѝ се дозволи да го напушти Варшавскиот договор, односно да ѝ се признае неутрален статус. По два дена, Наѓ прогласил враќање на повеќепартискиот систем, а веќе на 31 октомври Партијата на малите сопственици, Унгарската партија за самостојност, Социјал-демократската партија, Партијата на Петефи и други партии (меѓу кои и две католички) објавиле дека се повторно формирани.

Советскиот Сојуз, се разбира, не можел да ги прифати овие чекори на новата унгарска влада, со кои всушност, Унгарија престанува да биде негов сојузник односно сателит, па се одлучил за воена интервенција. Можно е, за да донесе ваква одлука, врз СССР делумно да влијаела и меѓународната ситуација, бидејќи во тој период Велика Британија и Франција биле

---

155 Berend, Ivan, op. cit., 151.
156 Петровић, Др Ненад, op. cit., 184-185.
157 Berend, Ivan, op. cit., 153.
158 Лакер, Волтер, op. cit., 377.
159 Berend, Ivan, op. cit., 153.

инволвирани во Суецката криза. Но, врз донесувањето на советската одлука, не влијаело тоа што Унгарија побарала помош од ОН, ниту пак формалните подршки на Унгарија од страна на НР Кина, Полска и Југославија.

Втората советската воена интервенција во Унгарија започнала на 4 ноември, без формално одобрение на владата на Наѓ, но на повик од новоформираната *„револуционерна работничко-селанска влада“*[160] на Јанош Кадар. По жестокиот тенковски напад и нерамноправни борби, по неколку дена отпорот на Унгарците бил скршен. Револуцијата била крваво задушена и повторно бил воспоставен државен социјализам. Членовите на поразеното унгарско раководство го признало поразот и побарало азил во југословенската амбасада во Будимпешта, а по добиените ветувања дека нема да бидат гонети, ја напуштиле амбасадата, меѓутоа веднаш биле уапсени. Подоцна, Наѓ и дел од азилантите се префрлени во Букурешт, каде на одржаното тајно судење биле осудени на смрт и погубени.[161] Цела Унгарија била зафатена со брутални прогони, по што околу 200.000 луѓе ја напуштиле земјата бегајќи на Запад, а илјадници биле затворени или осудени на смртна казна[162].

Иако воената цел Советскиот Сојуз релативно лесно ја постигнал, пред него се наоѓала многу потешката политичка цел, а тоа било формирање на нова унгарска влада, лојална на СССР. Бидејќи, советското раководство во тој период започнало со политиката на десталинизација, на сталинистички кадри не можело да смета. Затоа, во барањето на умерен унгарски политичар кој би ја нормализирал ситуацијата и би соработувал со СССР, одлуката паднала на Јанош Кадар. Тој, иако бил член на владата на Наѓ и не се противел на одлуката за напуштање на Варшавскиот пакт, пред самиот советски напад ја променил страната, критикувајќи го Наѓ за соработка со „контрареволуционерни сили“. Кадар формирал паралелна влада, со што дал легитимитет на советската интервенција и затоа тој за Унгарците бил синоним за издајник. Во земјата повторно бил воспоставен еднопартиски комунистички режим, тајната полиција ја повратила некогашната власт, штрајковите биле разбивани со масовни апсења и дисидентите биле осудувани на затворски казни.[163]

---

[160] Петровић, Др Ненад, op. cit., 182.
[161] Ibid., 183.
[162]Според некои извори околу 400.000 Унгарци ја напуштиле земјата и биле осудени на затворски или смртни казни. Види: Berend, Ivan, op. cit., 156.
[163] Лакер, Волтер, op. cit., 379.

И покрај протестите од страна на целата европска јавност, па дури и од страна на западноевропските комунистички партии, по некое време Советскиот Сојуз го повратил некогашното „спокојство“ во социјалистичкиот блок и ги обновил своите контакти со Западот. Имено, западноевропските политичари советската интервенција ја сфатиле како внатрешна работа на советската интересна сфера[164] и влијание. Јасно било дека никој на Запад не помислувал да започне нова светска војна поради Унгарија. По овој пораз, Унгарците сфатиле дека, со оглед на тоа дека се дел од советскиот социјалистички блок, во блиска иднина нема да можат да ја променат својата меѓународна политичка положба. Исто така, може да се заклучи дека советската интервенција значела и крај на сите надежи за некакво зближување помеѓу двата воено-политички блока, а истовремено ги означила големите поделби и разидувања внатре во Варшавскиот пакт.

Крвавите случувања во Полска и Унгарија, како и неподготвеноста на Советскиот Сојуз правилно да реагира на дотогаш прилично запоставеното прашање за односите помеѓу социјалистичките земји, внатре во пактот, тоа одеднаш стана клучно поле на советската политика. Токму затоа Советскиот Сојуз, само два дена пред неговата воена интервенција во Унгарија, бил присилен да издаде еден мошне значаен документ - *Декларација за основите на развојот и натамошното зајакнување на пријателството и соработката помеѓу Советскиот Сојуз и другите социјалистички земји*, во кој за првпат јавно било напомнето дека во односите помеѓу СССР и другите социјалистички држави во минатото биле сторени повеќе грешки.[165] Притоа, биле напомнати грешките на полето на воената соработка и делувањето на советските офицери, воени инструктори и експерти во земјите на Источна Европа. Исто така, во документот била нагласена потребата од склопување на билатерални спогодби за стационирање на советски воени сили, помеѓу Советскиот Сојуз и останатите земји-членки на Варшавскиот договор, како што веќе имал потпишано со Унгарија, Романија и Полска[166].

[164] Лакер, Волтер, Ibid., 380.
[165] Vukadinović, Dr. Radovan, op. cit., 222.
[166] Во НР Полска советските воени единици се наоѓале врз основа на Потсдамскиот договор и брз основа на Варшавскиот договор. Види: Ibid.

## V.2. Интервенцијата на земјите-членки на Варшавскиот пакт во Чехословачка во 1968 година

Единствената воена акција во која, освен силите на СССР, земале учество и армиите на останатите земји-членки на Варшавскиот пакт (освен армиите на Романија, коај одбила да учествува во интервенцијата и Албанија, која претходно со еднострана одлука повеќе не учествувала активно во пактот) била воената интервенција во Чехословачка во 1968 год., со која биле задушени обидите за реформирање на социјалистичкиот систем во земјата, а земјата била вратена под советска контрола.

Чехословачка, иако земја со наследен висок степен на демократски живот, во првите години на повоениот период имала развиена работничка класа и силна комунистичка партија, која со сопствени сили ја презела власта во земјата во февруари 1948 год., со што почнала изградбата на социјализмот. Со советскиот „нов курс“ од 1956 год., Чехословачка последна започнала со процесот на десталинизација, а либерализацијата повеќе била спроведена во стопанството и културата, отколку во политиката[167]. Чехословачка долг период се сметала за една од најверните сојузници на СССР. Со новиот Устав од 1960 год., како прва земја во Источниот блок, по СССР, се прогласила за социјалистичка земја како Чехословачка Социјалистичка Република (ЧССР).

По затоплувањето во 1961-1962 год., повторно дошло до спроведување на строга државна и партиска контрола над јавниот и политичкиот живот, предводена од КП на ЧССР на чело со Антонин Новотни. Истовремено, во 1963 год. дошло до колапс на стопанството и драстичен пад на животниот стандард, поради што, во 1966-1967 год. започнала делумната економска реформа на членот на ЦК на КП - економистот Ото Шик, со која стопанството се опоравило. Сепак, ЧССР економски и индустриски останала како една од најразвиените држави-членки на Варшавскиот пакт и СЕВ.

Кон крајот на 60-тите години, советската политика во рамките на Источниот блок била насочена кон продолжување на двостраните *договори за пријателство, соработка и взаемна помош со земјите-сојузничкии*. Меѓутоа, серијата на ваквите двострани дговори била прекината од Романија, која сѐ до

[167] Лакер, Волтер, op. cit., 434.

март 1969 год., не продолжила ниеден договор, па ниту најважниот со СССР[168]. Токму поради оваа преокупираност, Советскиот Сојуз не изразил загриженост и не обратил поголемо внимание на случувањата на јануарскиот Пленум на Централниот комитет КП на ЧССР.

Имено, на споменатиот состанок на 6 јануари 1968 год., под притисок на новите „*реформски сили*“ поднел оставка првиот секретар на партијата - конзервативниот Новотни, на чие место дошол поранешниот прв секретар на КП на Словачка - Александер Дубчек[169]. Новотни, сепак, ја задржал функцијата на претседател на државата. Во првото тромесечие на 1968 год. биле сменети од државните и партиските функции и останатите конзервативци, а нивните места ги зазеле кадрите-реформатори како: Черник, Хајек, Ричта, Шик, Млинар, Хубл, Каплан, Свобода, Смрковски, Криегел, Спачек, Шимон и др. Така, на местото претседател на ЧССР, на 30 март 1968 год. бил избран поранешниот повоен министер за одбрана - генералот Лудвик Свобода. Дубчек и новото реформаторско раководство ќе започнат широка програма на демократизација на владеачката партија, но и на целото чехословачко општество. Според нив, јануарскиот пленум го означил почетокот на втората фаза од социјалистичката револуција, во која треба да се изврши сеопфатна рехабилитација на традиционално популарните во земјата - социјалистички идеи[170].

Веќе во март 1968 год. била укината цензурата, по што дошло до слобода на изразувањето, дотогаш непозната во комунистичките режими.[171] Во април, истата година, бил изложен новиот широк *Акционен програм*, објавен и во водечкиот прашки весник *Руде право*, во кој се застапувал концептот на „*нов политички систем, нов модел на социјалистичка демократија*“[172]. Според документот на Собранието - *За главните задачи во непосредна иднина*, требало формално-правно да се загарантираат човечките парава и слободи, како и воведување на делумен политички плурализам. Имено, било предвидено Народното собрание да нема само формална функција за ратификација на договорите, туку и да носи одлуки по важните општествено-политички прашања, а би се состоел од три дома: индустриски (избиран од фабриките),

---

[168] Vukadinović, Dr. Radovan, op. cit., 244.
[169] Повеќе кај: Berend, Ivan, op. cit., 169-170.
[170] Vukadinović, Dr. Radovan, op. cit., 245.
[171] Лакер, Волтер, op. cit., 435.
[172] Berend, Ivan, op. cit., 172.

земјоделски (од земјоделските задруги и државните имоти) и услужен (од здравството, образованието и културата).[173] Било предвидено укинување на монополот на КП, преку воведување на повеќепартиски систем, но партиите би постоеле само *„во рамките на Народниот фронт“* и *„на база на демократскиот социјализам“*. Економскиот дел на Програмата предвидувал одвојување на стопанството од државата и бирократските стеги, а претпријатијата требало да се прилагодат на пазарните законитости и кокнуренцијата. Притоа, иако се планирало поголемиот дел од стопанството да остане во државна сопственост, требало да заживее работничкото самоуправување, кое преку работничките совети би водело кон создавање на колективна сопственост како надополнување на задружната сопственост. Новиот курс на демократизација на земјата се здобил со огромна поддршка кај народот, а промените, од страна на западните и домашните коментатори, биле нарекувани *„Прашка пролет“*, *„социјализам со човечки лик“*, *„револуција од горе“*, итн. Земјата била зафатена од вистинска еуфорија на слободни говори, разоткривање на вистината за чистките во 40-тите и 50-тите години и рехабилитација на жртвите во нив. На надворешен план немало поголеми промени во надворешната политика на ЧССР, единствено се настојувало да се прошири трговијата со Западот.

Сепак, Дубчек и останатите раководители постојано изјавувале дека КП на ЧССР и понатаму ќе има раководна улога во државата, дека ЧССР со својата надворешна политика и понатаму ќе остане ориентирана кон Советскиот Сојуз и земјите-сојузнички и дека немаат намера да го напуштат Варшавскиот пакт. Меѓутоа, во почетниот период, демократските промени не наишле на позитивен оддек кај некои земји-членки на пактот, додека советскиот политички врв бил воздржан. Во прв ред, со критики насочени против новото чехословачко раковдство и демократизацијата на земјата, се издвојувало конзервативното раководство на соседната ГДР на чело со Валтер Улбрихт. Имено, ракводството на ГДР стравувало од можното воспоставување на дипломатски односи меѓу ЧССР и СРГ, со што би била ослабната позицијата на ГДР, дури и во рамките на Источниот блок[174]. Исто така, и полското раководство, иронијата да биде поголема предводено од некогашниот

[173] Ibid., 172.
[174] Лакер, Волтер, op. cit., 436.

антисоветски бунтовник од октомври 1956 год. - Владислав Гомулка, не гледало благонаклоно на „*Прашката пролет*" и промените кај својот сосед, кои лесно можеле да се пренесат на домашен терен. Уште повеќе, раководствата на ГДР и Полска биле оние кои го поттикнувале Советскиот Сојуз и неговиот лидер Брежнев на акција против Дубчек и државниот врв на ЧССР. СССР, иако бил незадоволен од промените на „*Прашката пролет*", сепак до мај 1968 год., барем официјално стоел настрана и не се мешал во случувањата во ЧССР.

Сепак, либерализацијата во ЧССР се поклопувала со дисидентските и сепаратистичките процеси во повеќе комунистички земји. Имено, Албанија веќе цврсто била кинески сојузник, Романија водела сѐ понезависна надворешна политика, југословенскиот социјалистички модел бил постојан конкурент на советскиот модел, а Тито водел и една независна надворешна политика, преточена во движењето на неврзаните земји како пандан на Западниот и Источниот блок, кон кое движење се приклучиле повеќе социјалистички земји во светот. Советскиот Сојуз го сметал скршнувањето на ЧССР како поголема опасност од романското независно делување, бидејќи Романија немала заедничка граница со западните земји, а на внатрешен план комунистичката партија цврсто ја држела власта и не дозволувала никаква демократизација или либерализација на земјата. Присутен бил и стравот од проширување на „*демократските идеи*" од Прага на останатите земји од советската сфера на влијание, со што директно би биле загрозени советските интереси.

Токму од тие причини, во месец мај Брежнев ги повикал во Москва послушните партиски водачи на земјите на Варшавскиот пакт, со што започнала заедничката акција за задушување на прашките промени.[175] Врз таквата одлука на СССР, може да се каже, дека влијаеле и обвинувањата на сметка на раководството на ЧССР од страна на Улбрихт и Гомулка, како најзасегнати од тоа што се случува во непосредното соседство. Меѓудругото, чехословачкиот државен врв бил обвинет дека дозволил на „*империјализмот против волјата на народот, да ја извлече ЧССР од Источниот блок со помош на идеолошка субверзија*" и „*влијание на антисоцијалистичките елементи*"[176]. Истовремено, на чехословачка територија и нејзините соседни земји Полска и ГДР започнале

[175] Berend, Ivan, op. cit., 175.
[176] Лакер, Волтер, op. cit., 436-437.

повеќе воени маневри на воените сили на Варшавскиот пакт, кои биле повлечени дури на 3 август 1968 година.

На 14-15 јули 1968 год. во Варшава се одржал состанок на лидерите на сите членки на Варшавскиот договор, освен ЧССР и Романија, со цел да се разгледа состојбата во Чехословачка, која притоа отворено била предупредена дека СССР и земјите на Варшавскиот пакт не можат да ги толерираат *„непријателските елементи кои ја одвлекуваат вашата земја од патеките на социјализмот и создаваат опасност Чехословачка да се отцепи од социјалистичката заедница. Тоа веќе не е само ваша работа.“*[177] Веќе на 18 јули, московска *Правда* го повикало раководството на ЧССР на заедничка акција со *„братските социјалистички земји“* против *„контрареволуцијата“*. Раководството на КП на ЧССР ги отфрлило овие обвинувања, го осудило начинот на донесување одлуки без нејзино присуство и упатило повик на билатерални разговори.

Кога овие предупредувања не дале резултати, истиот месец, од страна на советскиот партиски врв, чехословачкото раководство било повикано на состанок во малото погранично место Чиерна на Тиса. Раководството на КП на ЧССР повторно не потклекнало, такашто ги одбило обвиненијата за *„контрареволуција“* и советските барања да бидат сменети некои чехословачки раководители, кои се истакнале во реформите. По неколку дена во Братислава се одржал нов состанок на лидерите на членките на Варшавскиот пакт (без Романија), на кој била донесена Декларација и била постигната привидна согласност. На 7 август бил одржан состанок на Политбирото на КПСС, на кој била одобрена советската линија на делување и најверојатно на тој собир се донела конечната одлука да се изврши воена интервенција[178]. Истовремено, продолжувале нападите на советскиот печат врз партискиот и државниот врв на ЧССР и состојбите во таа земја. Кон средината на август, биле спроведувани завршните подготовки за планираната акција.

Решението за точниот датум и начинот како ќе се изврши воената интервенција било донесено на проширеното заседание на Политбирото на ЦК на КПСС на 16 август 1968 год., кое било прифатено од раководителите на Бугарија, ГДР, Полска и Унгарија, на 18 август 1968 год. на советувањето во

---

[177] Berend, Ivan, op. cit., 175.
[178] Vukadinović, Dr. Radovan, op. cit., 249.

Москва. При престојот во Полска и ГДР на 17 и 18 август, советскиот министер за одбрана - маршалот Гречко, за последен пат воочи самата воена акција, ја проверил борбената готовност на Здружените сили на пактот. Интервенцијата била оправдувана како колективна заштита на *„победата на социјализмот на чехословачкиот народ“* и во неа учествувале сили од Полска, Унгарија, ГДР и Бугарија, интегрирани во советскиот воен контингент. Подготовките за интервенцијата и придвижувањето на војските започнале кон крајот на мај и продолжиле до август 1968 година. Овие воени активности биле прикриени под воените вежби „Шумава“ (на територијата на Чехословачка) и „Неман“ и „Небесен штит“ (во западниот дел на СССР, ГДР, Полска и Унгарија).[179]

На 20 август бил подготвен воен контингент со бројност од 500.000 војници (од кои во првиот ешелон 250.000) и 5.000 тенкови. Биле формирани: Прикарпатски, Централен и Јужен фронт. Главен командант на овие сили бил командантот на советските сувоземни сили - армискиот генерал И. Г. Павловски, чиј Главен штаб се наоѓал во Легница, Југозападна Полска. Во зголемена воена готовност биле доведени 6 од 22-та воени округа на СССР со 85 до 100 дивизии, а во целосна воена готовност биле доведени советските нуклеарни стратешки сили. Во Полска, ГДР, Унгарија и Бугарија се подготвувале уште 70 до 80 дивизии. Иако, Националната народна армија на ГДР учествувала во подготовките за интервенцијата и нејзините трупи се наоѓале на степен на полна борбена готовност за воената инвазија, во последен момент било решено нејзините воени единици да бидат резревни сили, вон границите на ЧССР и да не учествуваат во настапувањето на чехословачка територија, освен мал број војници како логистичка подршка.[180]

Навлегувањето започнало ноќта на 20 спрема 21 август. Првата етапа на операцијата се состоела од воздушен десант и преземање на аеродромите Рузине крај Прага, Туржани крај Брно и Намешт во Моравија, на кои започнало истоварувањето на војските. Неколку часа по почетокот на операцијата десантните единици ги контролирале најважните објекти во Прага и Брно. Главните сили навлегле преку границите на Чехословачка со СССР, Полска, Германската ДР и Унгарија. Операцијата продолжила со заземање на најважните административно-индустриски центри на Чехословачка. Советски и

---

[179] *Варшавски договор*: http://www.decommunization.org/Communism/Bulgaria/Warsawpact.htm
[180] Ibid.

источногермански војски биле распоредени на границата со СР Германија. За 36 часа бил воспоставена целосна контрола над територијата на Чехословачка, чија армија не пружила никаков отпор и останала во касарните по заповед на чехословачкиот министер за одбрана. Отпор пружило цивилното население, при што биле убиени 11 советски војници, а од друга страна загинале 94 и биле ранети 45 чехословачки граѓани.[181]

Советската контрола над Чехословачка била воспоставена и повлекувањето на војските завршило кон средината на ноември 1968 година. Според договорот меѓу СССР и Чехословачка, потпишан на 16 октомври 1968 год., во земјата останале советски војски, формирајќи Централна група на советски војски со формална цел *„да го заштитуваат социјалистичкото уредување"*. Централната група советски војски броела 85.000 души и на 31 декември 1968 год. ја демонстрирала својата намера, кога ги задушила политичките штрајкови, воведувајќи во големите градови моторизирани и тенковски единици.[182]

На 13 ноември 1968 год. во својот говор на Петиот конгрес на Полската обединета работничка партија (ПОРП), генералниот секретар на Комунистичката партија на Советскиот Сојуз (КПСС) - Леонид Брежнев ја објавил ***„доктрината за ограничен суверенитет на земјите од Варшавскиот договор"*** во случај на закана за советската контрола и советскиот тип на социјализам (т.н. *„доктрина Брежнев"*).

---

181 Ibid.
182 Ibid.

# Глава VI
# Земјите-дисиденти во Варшавскиот пакт: Албанија и Романија

## VI.1. Албанија

Унгарската револуција[183] од октомври 1956 год, односно контрареволуција, како што ја нарекоа советските и просоветските постсталинистички центри во земјите-членки на Варшавскиот договор, како и крвавите полски антикомунистички работнички немири во градот Познан во јуни 1958 год. и како последица на тоа „осамостојувањето" на полското раководство на чело со Владислав Гомулка во градење на социјализам на полски начин[184], зададоа силен удар на обединетиот советски социјалистички блок. Националните патишта, по кои тргнаа Полска и Унгарија, всушност претставуваа и одреден степен на нивна самостојност во однос на Советскиот Сојуз и делумно отстапување од советскиот тип на социјализам.

Од овој аспект, отпорот на советската десталинизација во Албанија и Романија во периодот по 1956 год., иако се доведува во корелација со настаните во Полска и Унгарија (токму напротив, тежнееле да го избегнат таквиот пример), сепак се сметаат за нивни последици. Советскиот претседател Никита Хрушчов, настојувајќи да ги намали последиците и „црната дамка" од меѓунардониот скандал и кризата која настанала внатре во комунистичкото движење, предизвикани од советската интервенција во унгарскиот бунт, ги повлекол советските трупи од Романија во август 1958 година. Историски апсурд претставува тоа што она за што се побунтувале Унгарците против присуството на советските војски во нивната земја, Романците тоа го добиле како на „послужавник".[185]

Се разбира, според официјална Москва, советските војски биле повлечени од Романија поради нејзиното помало стратешко значење и постоел многу помал ризик поради романската геополитичка положба. Имено, Романија, се наѓала во стабилна внатрешно-политичка ситуација и, освен на запад каде

[183] Повеќе види кај: Berend, Ivan, op. cit., 137-146. (pogl. *Poljski oktobar*).
[184] Види: Ibid., 146-156. (pogl. *Mađarski oktobar*).
[185] Ibid., 157.

се граничела со социјалистичка Југославија (не била членка на Варшасвкиот пакт), од сите страни била окружена со социјалистички земји-членки на Варшавскиот договор. Посебно во тој прилог бил и фактот што Романија со Советскиот Сојуз имала релативно долга заедничка граница и нејзиното раководство цврсто стоело на цврсти комунистички позиции и соработувало со советскиот државен врв околу драматичните случувања во Унгарија.

Романскиот и албанскиот државен врв одлучно застанале против антисоцијалистичката револуција во Унгарија во 1956 год., а тоа може да се објасни со нивниот непроменет сталинистички кадар. Имено, во повеќето социјалистички земји починале или биле сменети партиските лидери – сталинисти, кои го воделе процесот на советизација на нивните земји. Во тој контекст, во периодот помеѓу 1953-1956 год., Готвалд и Бјерут починале, Ракоши и Червенков биле сменети, а десталинизацијата, по XX конгрес на Коминистичката партија на Советскиот Сојуз, ја преживеале само лидерот на романските комунисти Георге Георгиу-Деж и албанскиот водач Енвер Хоџа. Тоа може да се објасни поради тоа што тие се оградиле од останатиот советски блок во кој започнал процесот на десталинизација. Од друга страна, комунистичкиот лидер на Југославија - Јосип Броз Тито, кој своевремено бил тврдокорен сталинист, во 1948 год. дошол во судир со самиот Сталин и пружил доследен отпор на советските претензии, со што станал прв херој на десталинизацијата. Неговиот углед, како и легитимноста на неговиот режим, станале многу поголеми по смртта на Сталин и јавното извинување на новиот советски водач Хрушчов и новиот советски државен врв.[186]

Иако Енвер Хоџа, без некоја голема волја, направил неколку потези на линијата на „новиот курс“ и се симнал од своите државни функции, сепак несогласувањето меѓу албанските и советските комунисти започнало со курсот на десталинизација во СССР, кој земал силен замав по XX конгрес на КПСС. Хоџа доследно одбивал секаков вид на десталинизација, рехабилитација на жртвите и на југословенскиот лидер Тито, бидејќи му било јасно дека ако тргне по тој пат и самиот ќе стане прва жртва. Два месеци по XX конгрес на КПСС, во април 1956 год. во Тирана бил свикан вонреден партиски состанок на Албанската партија на трудот (АПТ) во Тирана, на кој Хоџа и раководителите на

[186] Ibid., 157.

партијата биле критикуван поради неговиот „култ на личноста" и се побарало отчет за партиските чистки во 1949 год., како и воведување на *„партиска демократија"*. Веќе на III Конгрес на АПТ во мај 1956 год., Хоџа, сепак, во „мека" форма ја усвоил линијата на „новиот курс" на Хрушчов, но не подлегнал на советскиот притисок да ги рехабилитира жртвите од чистките во периодот по 1948 година. Наредниот период ќе покаже дека Хоџа воопшто немал намера да ја спроведе новата умерена линија на советското раководство.[187] По завршувањето на конгресот, Хоџа ги исфрлил од партијата и ги уапсил сите оние што на споменатиот вонреден состанок, во април истата година, говореле критички, како за партијата, така и за него лично.

Во новинарскиот напис на московска *Правда* од 8 ноември 1956 год., Хоџа го обвинил југословенскиот ревизионизам дека е причина за бунтувањата во земјите од социјалистичкиот блок и го бранел Сталин дека бил во право по прашањата за виталните интереси на работничката класа и борбата против империјализмот. Во врска со егзекуцијата на водачот на унгарската *„контрареволуција"* - Имре Наѓ во 1958 год., Хоџа изјавил дека Наѓ влегол во завера со Тито со цел да се уништи советскиот блок.[188]

Од воено-стратешки поглед, Албанија во периодот 1945-1958 год. била единствена држава во Варшавскиот пакт во која немало советски војски, бидејќи СССР и Албанија никогаш не потпишале договор за заедничка одбрана, за што албанското раководство имало нескриена желба. Тоа, донекаде, било исправено во 1955 год. со вклучувањето на Албанија со Варшавскиот договор како земја-основач.[189] Како и да е, Албанија сепак дозволила формирање на воено-поморска база на силите на Варшавскиот пакт на островот Сезан кај Валона, каде биле распоредени советски поморски сили.

Со цел да ја остане на власт и да ги задржи своите раководни позиции, Енвер Хоџа започнал да се дистанцира од ревизионистичкиот Советски Сојуз. Првите искри на судирот меѓу Албанија и СССР започнале кон крајот на 50-тите и почетокот на 60-тите години на минатиот век, околу амбициозниот план на Хрушчов, во рамките на СЕВ, за централна и планирана поделба на трудот во социјалистичкиот блок. Според тој план, земјите-членки на СЕВ би требало да

[187] Кремптон, Ричард Џ., *Балкан после Другог светског рата*, Београд : Clio, 2003, 222-223.
[188] Berend, Ivan, op. cit., 158.
[189] Кремптон, Ричард Џ., op. cit., 223.

специјализираат за масовно производство во одредени стопански гранки, кои се традиционални и специфични за секоја земја одделно и со тие производи да ги снабдуваат другите земји, а истовремено би престанале со поранешните обиди да се оствари стопанска самодоволност. Според Хоџа, ваквиот план на едно централно планирање во СЕВ би водело кон опасност од целосна економска зависност на земјите-членки од Советскиот Сојуз. Истовремено, советското раководство му наложило на албанскиот државен врв да се осредоточи врз развојот на земјоделството и извозот на суровини. Во ваквите советски настојувања, Енвер Хоџа увидел шанса да застане во одбрана на албанските национални интереси, па откако Москва го одбила албанскиот план за модернизација, Хоџа, како одговор на тоа, уште повеќе ги забрзал кампањите и процесите на албанската сталинистичка колективизација на земјоделството[190] и индустријализацијата[191].

Истовремено, започнал периодот на конфликт меѓу СССР и Кина, кој го достигнал својот зенит во јуни 1960 год., на состанокот на партиските шефови во Букурешт, каде дошло до отворен судир кога Хрушчов го критикувал кинескиот сталинистички концепт на Мао Це Тунг[192], а единствена земја која не ја осудила НР Кина била Албанија. Веќе во ноември 1960 год. на конференцијата во Москва на 81 комунистичка и работничка партија, Хоџа отворено го осудил СССР, а од друга страна Хрушчов се обидел албанското раководство да го врати од застранувањето со уцена и во април, следната година, Тирана била известена дека нема да го добие ветениот кредит за финансирање на албанскиот петогодишен план од 1961 година.[193]

Политичкиот расцеп се префрлил и на воен план. Советско-албански недоразбирања се појавиле и околу сојузничките (советските) воени бродови и подморници од силите на Варшавскиот пакт, стационирани во воено-поморската база крај Валона. Имено, Советскиот Сојуз настојувал да има

---

[190] Колективизацијата, која траела од 1955 до 1959 год., завршила со 83% обработлива земја во колективна сопственост. Види: Berend, Ivan, op. cit., 158.

[191] Третиот петогодишен план (1961год.) и понатаму концентрирал дури 54% (а само 14,6% за земјоделството) инвестиции во индустријализацијата со намера да се оствари индустриска самодоволност. Види: Кремптон, Ричард Џ., op. cit., 225.

[192] Мао Це Тунг (1893-1976) бил кинески политичар, воен водач, државник, лидер на КП на Кина во победата над Куоминтангот во Кинеската граѓанска војна и лидер на НР Кина (1949-1976). За време на неговото владеење, десетици милиони луѓе загинале во политичките прогони и како последица на заблудите во економските и општествените политики како *„Големиот скок напред“* (1958-1961) и *„Културната револуција“* (1966-1976) ( (м.б.).

[193] Berend, Ivan, op. cit., 158-159.

целосна контрола над базата крај Валона, на што Албанија се спротивставувала. Политичко-консултативниот комитет со тајна одлука кон крајот на март 1961 год. побарала Албанија да се придржува кон Варшавскиот договор и да даде објаснување за своето однесување во Валона.[194] Сепак, Албанија, истата година, ги принудила советските воени сили да ја напуштат базата, откако задржала четири подморници.

Непослушната Албанија во ваквата ситуација во 1960-1961 год. очајнички барала свој заштитник, но и финансиер, и го нашла во кинескиот претседател Мао Це Тунг. Со тоа Албанија станала кинески мостобран во Европа. Политичкиот, економскиот и воениот потенцијал на кинеско-албанскиот сојуз не бил посебно голем. Најинтересна карактеристика на оваа соработка бил моќниот радио предавател на Радио Тирана, кој деноноќно емитувал жестоки напади врз *„американските империјалисти и нивните најблиски соработници – советските ревизионисти“*.[195] Кинеско-албанскиот сојуз, кој траел сѐ до смртта на Мао, сепак го спасило албанското стопанство, а веќе во декември 1961 год. Советскиот Сојуз ги прекинал дипломатските односи со Албанија.[196] Во наредниот период Енвер Хоџа и понатаму ги бранел своите позиции на национален сталинизам и се претставувал како спасител на албанската самостојност, што барем во извесно време ќе му даде некаков легитимитет на неговиот комунистички режим.[197] По раскинот на пријателските односи и со НР Кина во 1978 год., Албанија останала без некој поголем сојзуник во светот, со што започнал т.н. *„период на самоизолација“* од албанската повоена историја.

По прекинот на дипломатските односи со СССР кон крајот на 1961 год., веќе во јуни 1962 год. Албанија не учествувала на четвртиот состанок на Политичкиот консултативен комитет и воопшто го прекинала своето учество во работата на сите органи и тела на Варшавскиот пакт. Во септември 1968 год., по интервенцијата на здружените воени сили на пактот во задушувањето на *„Прашката пролет“* во Чехословачка, Албанија и еднострано го денунцирала договорот од Варшава од 1955 година.[198]

---

[194] Lüthi, Lorenz M., op. cit., 485.
[195] Лакер, Волтер, op. cit., 417-418.
[196] Кремптон, Ричард Џ., op. cit., 225.
[197] Berend, Ivan, op. cit., 158-159.
[198] Повеќе за разединувањето помеѓу Албанија и останатиот социјалистички блок и СССР, види: Кремптон, Ричард Џ., op. cit., 219-233. (Гл.9: *„Албанија, 1948-1991“*).

## VI.2. Романија

Следна земја-членка на Варшавскиот пакт, која се политички се дистанцирала од Советскиот Сојуз и останатите членки на Варшавскиот договор била Романија. Успешниот албански пример на национален сталинизам, сепак многу повнимателно, бил повторен од еден друг сталинист и лидер на Комунистичката партија на Романија - Георге Георгиу-Деж. Иако, тој не успеал да го избегне преземањето на некои чекори, во прилог на *„новата линија“* на Хрушчов, сепак одбил да ги преземе оние додатни чекори по XX Конгрес на КПСС и крвавите настани во Познан (Полска) и унгарското востание. Токму напротив, Георгиу-Деж кон крајот на 1956 год. започнал со отстранување на романската антисталинистичка опозиција и започнала отворена чистка, пред сé, на интелектуалците и студентите, всушност на оние кои биле иницијатори на бунтувањата во Полска и Унгарија. Во серијата на апсења и судења, во периодот 1957 – 1960 год., први на удар се нашле Сојузот на писателите на Романија и романските универзитети.[199]

Всушност, природата на неприфаќањето на десталинизацијата, започната од СССР, во Романија била идентична со онаа во Албанија, а сé со цел да бидат сочувани сталинистичкиот систем и државен врв. Георгиу-Деж во летото 1957 год. започнал да го применува сопствениот *„романски пат во социјализам“*, сé повеќе поврзувајќи го својот режим со народот, такашто постепено започнал да станува синоним за историската цел на романскиот народ *„Романија на Романците“*.[200]

За разлика од Албанија, каде советското туторство било заменето со кинеско, Романија се однесувала далеку повнимателно, бидејќи нејзината гео-стратешка положба на долга заедничката граница со СССР и перманентната опасност од советска интервенција, не дозволувале целосен прекин на односите. Сепак, цврстата внатрешна партиска контрола и цензура, процесот на колективизација и замавот на индустријализацијата, не оставале простор романското државно и партиско раководство да биде етикетирано како прокапиталистичко, односно антикомунистичко.

---

[199] Berend, Ivan, op. cit., 159.
[200] Ibid.

Дистанцирањето на Романија од Варшавскиот пакт продолжило и во шеесетите години на минатиот век, кога романскиот комунистички лидер Георге Георгиу-Деж заземал курс кон национален суверенитет, особено по советувањето на Централниот Комитет на Комунистичката партија на Романија во април 1964 година. Секако, идеолошките несогласувања со Советскиот Сојуз се манифетирале и врз економските односи. Романија се спротивставила на настојувањата на Хрушчов за нова „*поделба на трудот*" и преку СЕВ да дојде до усогласување на стопанските врски на СССР и земјите од социјалистичкиот блок. Советските планови, како и во албанскиот случај, предвидувале зголемување на романските стопански капацитети во областа на земјоделството и стоките за широка потрошувачка, а воопшто не ја предвидувале индустријализацијата на земјата, чија цел била да се замени увозот. Романскиот државен врв, стравувајќи дека со овие советски планови ќе се загрози и оневозможи новиот романски програм за индустријализација, во 1964 год. успеал да го спречи спроведувањето на планот на Хрушчов.[201] Романија постепено започнала да води независна надворешна политика. Имено, Романија, иако земја-членка на Варшавскиот договор, имала пријателски односи со Пекинг и успеала да ги подобри односите со Западот, а романските раководители оделе во посета на Пекинг и на Запад.

По смртта на Георгиу-Деж во 1965 год., по меѓусебните интриги на водечките личности, на чело на државата застанало колективно раководство, а на чело партијата бил именуван, тогаш младиот и безначајниот, Николае Чаушеску. И новото раководство продолжило со политиката на сталинистички комунизам комбиниран со национализам, на внатрешно, а на надворешно поле со политиката на оддалечување од Советскиот Сојуз. Новиот партиски шеф ги советувал другарите од Советскиот Сојуз и НР Кина да ги прекинат недоразбирањата и истовремено изразувал отворен сомнеж во целисходноста на Варшавскиот пакт. Романија била единствената земја-членка на Варшавскиот пакт, која по арапско-израелската војна во 1967 год., не ги прекинала дипломатските односи со Израел.[202] Мора да се напомене дека романското дистанцирање од социјалистичкиот блок и Советскиот Сојуз било

---

[201] Повеќе за економските односи меѓу Романија и СССР во дадениот период и одбивањето на советскиот план „Валев", види: Ibid., 160-161.
[202] Лакер, Волтер, op. cit., 418.

ограничено само на водењето на независна надворешна политика и тоа воопшто не коренспондирало со десталинизацијата на земјата, која и понатаму била под силна контрола на комунистичката партија и за Романија никако не може да се каже дека била некаков водечки либерален фактор во социјалистичкиот лагер.

Пролетта 1968 год. партискиот лидер Чаушеску решил да се пресмета со неговите опоненти од државното колективно раководство. Така, во наредниот период, по негова иницијатива, во Романија започнал процес на десталинизација на водечките личности во земјата, па дури бил демистифициран и култот на личноста на поранешниот партиски шеф Георгиу-Деж. Сето тоа било со цел Чаушеску да се зацврсти на чело на партијата и на државата и да го прочисти патот за создавање на сопствен мит како единствен револуционерен водач на повоена Романија. Меѓутоа, тоа не значело и прекинување на политиката на дистанцирање од Советскиот Сојуз и останатите членки на Варшавскиот пакт. Веќе во март 1968 год., Романија одбила да ја потпише заедничката спогодба на земјите-членки на Варшавскиот пакт за забрана на нуклеарното вооружување, а тоа всушност бил прв документ на Варшавскиот пакт кој не бил донесен едногласно.[203]

Во дрматичниот период на „*Прашката пролет*", кога на Чехословачка ѝ заканувала советска интервенција, Чаушеску водел разговори со југословенскиот лидер Тито и водачот на чехословачките промени Александер Дубчек. На состанокот на Варшавскиот пакт во Варшава, во јули 1968 год., кога со закани му бил поставен ултиматум на чехословачкото раководство, Чаушеску дал целосна поддршка на Комунистичката партија на Чехословачка, па дури и пристигнал во Прага, каде ја потпишал романско-чехословачката *Спогодба за пријателство и соработка*.[204] Конечно, на 21 август 1968 год. Романија била единствената земја-членка на Варшавскиот пакт која одбила да учествува во инвазијата врз Чехословачка. Уште повеќе, романското раководство дури и ја осуди воената интервенција врз Чехословачка, како нарушување на меѓународното право и дека е во спротивност со принципите на Варшавскиот договор. По говорот во Букурешт, на истиот ден од интервенцијата врз Чехосоловачка, на кој Чаушеску ја осудил истата како

[203] Berend, Ivan, op. cit., 163.
[204] Ibid., 163-164.

*„голема грешка“* и *„срамен настан во историјата на комунистичкото движење“*, низ цела Романија се одржувале митинзи и собири за подршка на чехословачкото раководство. Земјата се нашла во состојба на национална будност и мобилизираност, дури се организирале *„патриотски стражи“* и масовни обуки за водење на партизанска војна во случај на потреба за *„одбрана на татковината“*[205].

По 1968 год. Чаушеску продолжил со водењето на една национална и самостојна надворешна и економска политика, независно од Советскиот Сојуз. Романија се спротивставувала на интеграцијата во Варшавскиот пакт и преземала дејствија за воспоставување на сопствена целосна контрола над армијата и го забранила преминувањето на војските на Варшавскиот пакт и заедничките маневри на нејзина територија. Не учествувала на воените вежби, на кои романските сили се поставувале под туѓа команда, туку само во командно-штабните вежби (на кои романските генерали одбивале да зборуваат руски и користеле преведувачи). Потоа, Романија го запрела испраќањето на офицери во советските воени академии, ја ограничила размената на разузнувачките информации и го насочила своето контраразузнавање кон неутрализирање на советското разузнување во романската армија.

Романија се откажала од доктрината за коалициона војна и усвоила територијално-одбрамбена доктрина за народна војна, која предвидувала воена мобилизација на граѓанските организации, милицијата, резервните и паравоените сили. Во 70-тите години, Романија развивала односи со Запад, НР Кина и Третиот свет, независно од СССР, потоа предложила повлекување на туѓите војски од Централна Европа и распуштање на Варшавскиот договор и НАТО. Во периодот на 80-тите години, Советскиот Сојуз ја искористил тешката економска ситуација во Романија и нејзината енергетската зависност од СССР за да ја направи поколаборативен сојузник. Со тоа Романија ги ограничила своите протести против распоредувањето на ракетните системи СС-21 и СС-23 во Источна Европа и се задоволувала со симболични дејствија како што бил бојкотот на чествувањето на 30-годишнината од формирањето на Варшавскиот договор во 1985 година.

[205] Ibid., 164.

# Глава VII

# Односите помеѓу Варшавскиот пакт и НАТО-пактот, соодносот на воените сили и преговорите (САД - СССР) за разоружување и ограничување на нуклеарното вооружување

## VII.1. Општо за односите помеѓу НАТО и Варшавскиот пакт

Односите помеѓу СССР и САД во Втората светска војна, низ периодот на Студената војна, па и по неа, минувале низ повеќе различни, често спротивни фази, такашто многумина експерти на овој приод се обидувале да создадат извесен „ред“ и да пронајдат некоја појдовна точка или пак некаков епицентар, кои би ги објасниле очигледните противречности.

Главни карактеристики на меѓусебните односи помеѓу двете суперсили, односно двата блока биле: сојузништвото во антихитлеровската колиција и договорите на „големите тројца“ (Сталин, Рузвелт и Черчил), Студената војна, миролјубливата коегзистенција, попуштањето на затегнатоста во заедничките односи (познато по зборот „*детант*“) и најпосле, периодот на повторно заладување на меѓусебните односи (со советската интервенција во Авганистан), па сé до доаѓањето на Горбачов на чело на Советскиот сојуз и крајот на Студената војна.

Во развојот на меѓународните односи во споменатиот период, ривалството на воено-политички блокови и рамнотежата на силите меѓу нив, често се сведувале на односите на моќта на двете суперсили - САД и Советскиот Сојуз. Се сметало дека таквата рамнотежа било обезбедена од некакви рискантни или радикални промени, само доколку бил постигнат стратешки нуклеарен баланс.[206]

Поради местото и улогата на Европа во светот и во глобалната стратегија на суперсилите, имајќи ги во предвид историските искуства и најголемата концентрација на воена сила во неа, односот на силите на НАТО и Варшавскиот договор се земаат за еден од основните показатели на рамнотежата на нивната воена моќ и како исклучително важен фактор на

[206] Šotra, Žarko, *Aktuelna informacija...* Deo 1, 2.

воено-политичката состојба во светот. Развојот на политичките прилики во Европа и во врска со тоа, распоредот, групирањето, развојот и односот на воените сили на двете суперсили и блоковите на европските простори, отсекогаш заземале централно место. Во Европа земјите-членки на НАТО и Варшавскио пакт имале заеднички граници т.н. *„црвени зони“*, како и т.н. *„сиви зони“* во кои се вбројувале неутралните и неврзаните земји како Југославија, Австрија, Финска, па дури и „самоизолираната“ Албанија (м.б.).

Двете големи сили, Соединетите Држави и Советскиот Сојуз, со нивните водечки положби во двата блока, настојувале да остварат свое воено-политичко влијание во целиот свет. Со поседувањето на воени бази и контигенти на сите континенти, САД со воена сила подржувале државни преврати и акции во светот, пружајќи им директна воена помош на про-американските режими и обезбедувале комуникации и присуство насекаде во светот[207]. Исто така и Советскиот Сојуз вршел воени и политички акции надвор од своите граници, преземал многубројни воени обврски спрема своите сојузници во светот и со својата флота избил на сите океани и светски морења. Сето тоа, заедно со останатите околности, укажува дека на односот на силите на двата воено-политички блока на европските простори делувале и други воневропски фактори и процеси. На односот на силите во Европа значително влијаело и тоа во која мера, во некој временски период, суперсилите и поединечни европски земји-членки на блоковите биле воено ангажирани на другите континенти.[208]

По долгиот период на меѓублоковската конфронтација, по доаѓањето на Михаил Горбачов на чело на Советскиот Сојуз, политичките односи помеѓу Варшавскиот пакт и НАТО започнале да покажуваат нагорни позитивни трендови. Во 1987 год., биле преземени консултации со цел да се споредат воените доктрини на двата сојузи.[209] Заедно се дискутирало за насоките на нивниот понатамошен развој, такашто концептите и воените доктрини на воените блокови и нивните земји-членки би се потпирале врз основата на принципот на одбрана.

---

[207] Ibid., 2.
[208] Ibid.
[209] Kałużny, Ryszard, op. cit., 195.

## VII.2. Соодносот на воените силите на НАТО и Варшавскиот пакт

### VII.2.1. Општиот сооднос на воените сили

Односот на вкупната воена моќ на двата блока во Европа не може целосно да се согледа, а да не се земат во предвид економските, политичките и социјалните прилики во одделни блоковски земји, како и односите помеѓу државите внатре во самите блокови. Така, на пример, внатрешните прилики во некои земји како Турција, Грција, Португалија, Шпанија, Унгарија, Чекословачка и Полска, доведувале до значително анганжирање на вооружените сили на одделните членки на воените блокови за решавање на своите внатрешни општетвено-политички кризи, а не првенствено спрема спротивниот блок. Покрај тоа, споровите и конфликтите помеѓу одделните членки на воените блокови или блиските политички сојузи, како на пример конфликтните ситуации помеѓу: Турција и Грција, Велика Британија и Аргентина, Советскиот Сојуз и Унгарија, сите членки на Варшавскиот пакт (освен Романија) и Чехословачка, за одреден период „одвлекувале“ значајни воени сили од „вагата“ на рамнотежата на двата воени блока.[210]

Стопанскиот и економскиот потенцијал на суперсилите и останатите земји во блоковските сојузи биле значајни фактори и во рамнотежата на нивната воена моќ. Западните земји биле економски далеку поднамоќни и во периодот од 60-тите години натаму, некои од тие земји бележеле побрз темпо на економскиот развој, отколку СССР и европските членки на Советот за економска помош - СЕВ. Спрема податоците на ОЕЦД (Организацијата за економска соработка и развој) со седиште во Париз, во периодот од 1950 до 1960 год., СССР и европските членки на СЕВ го зголемиле својот удел во светското производство од 16,5% на 18,2%, а оттогаш нивниот удел започнал да се намалува.[211] Слична тенденција имало и стопанството на САД, иако сеуште, одделно земено, имало најголем потенцијал. На почетокот на 80-тите години, Европската економска заедница избила пред САД во светското производство, додека Јапонија остварила најголем индустриски продор,

---

[210] Šotra, Žarko, *Aktuelna informacija...* Deo 1, 2.

[211] *List of OECD-Organisation for Economic Co-operation and Development*, in Department of International Economic and Social Affairs, „World Economic Survey 1979-1980“, New York : United Nations, 1980, наведено во: Ibid., 3.

претекнувајќи го СССР според стопанскиот удел во вкупното светско производство и според бруто општествениот производ.[212]

Финансиските вложувања за воени цели, исто така, биле значајни фактори на односите на воена моќ. Во 1979 год. во вкупните светски воени трошоци земјите од Варшавскиот пакт учествувале со 26,4%, а земјите на Северноатлантскиот пакт со 43%.[213]

Некои елементи на соодносот на силите скоро и да не се менувале, како на пример, опремувањето на вооружените сили на земјите на Варшавскиот пакт отсекогаш било стандардизирано на повисоко ниво, отколку кај армиите на НАТО членките, што понекогаш се земало како фактор што ги ограничува содејствата и флексибилноста во употребата на силите на Варшавскиот пакт. Покрај тоа, во однос на Варшавскиот пакт, НАТО имал мала длабочина на стратегискиот распоред на централното воено боиште. Од друга страна, според советските автори и експерти, советската геостратешка положба ја наметнувала потребата - Советскиот Сојуз да ја одржува рамнотежата на силите, не само во Европа, туку и на светско поле, бидејќи должината на неговите граници изнесува околу 67.000 км, од кои поголемиот дел вон Европа и преку 20.000 км копнени граници.[214]

Во разгледувањето на соодносот на силите на двата блока, треба да се истакнат и различните ставови и определувања на земјите или политичките фактори во двата блока. Имено, Постоеле одредени дистанцирања на одделни европски членки на НАТО од воено-политичките и меѓународните активности на Соединтетите Држави, или на Албанија (до 1968 год.) и Романија во однос на водечката улога на СССР и останатите земји-членки на Варшавскиот договор. Ваквото нерасположение, посебно во западните земји, било манифестирано со силно антинуклеарно расположение. Конечно, и нивото на опременоста и квалитетот на вооружувањето на одделните земји-членки на блоковите, во однос на блокот во целина или во однос на водечката суперсила, бил различен,

---

[212] Учеството на одделните земји и економските групации во светскиот стопански учинок од 1950 до 1980 год. се променил (пресметано во проценти) спрема следново: сите западни земји од 66,3% на 67%, од тоа: САД од 35,2% на 24%, Западна Европа од 25,1% на 28,2%, Јапонија од 2,3% на 10,6%, членките на СЕВ од 16,5% на 13,3%, СССР од 11,7% на 9,8%, останатите земји на Источна Европа од 4,8% на 3,5%, НР Кина од 3,1% на 4,5%, земјите во развој од 13,6% на 14,7%, итн., Види: Ibid., 2.

[213] Податоците се од: *Sipri at Forty : 1966 to 2006*, Stockholm : International Peace Research Institute, 2006. Види. Ibid., 3.

[214] Ibid.,4.

па поради тоа и воените трупи, кои при споредувањето се собираат или придодаваат на зедничките единици, немале иста квалитативна и квантитативна вредност.[215]

Сепак, секое оценување на односите на воената моќ помеѓу НАТО и Варшавскиот пакт, кое секако, е подложно на промени, бара внимателно споредување на на вооружените сили, кадровскиот состав и вооружувањето, нивните квалитативни перформанси и другите фактори како што се: географските услови, општиот стратешки распоред, обученоста, опременоста и снабденоста на воените сили, разликите во воените доктрини и општите цели. За таа цел неопходно е да се изврши споредување на силите на двете страни во контекст на стратешкиот нуклеарен баланс, присуството на воени контигенти и поседувањето на воени и воздухопловни бази низ сите континенти во светот, вклучително и односот на силите (флотите) на океаните и светските мориња.

### VII.2.2. Копнените сили

Европското боиште на идните можни дејствија во Европа, помеѓу двете блоковски страни, можеме да го поделиме на северно, централно и јужно. Под команда на НАТО во северна Европа се наоѓале норвешкиот и балтичкиот регион, вклучително и Данска, областа Шлезвиг-Холштајн и зоната на балтичките протоци. На овој евентуален фронт, претставниците на НАТО сметале дека постои нееднаквост во односот на воените сили. Така, во Норвешка се наоѓале само норвешките вооружени сили (една бригадна група, распоредена на северот од земјата), а од друга страна, на полуостровот Кола (северен СССР) се наоѓале 2 советски дивизии и една морнаричко-пешадиска бригада, а во ленинградскиот округ вкупно 9 дивизии и значителни сили на просторите на балтичките советски републики (Естонија, Латвија и Литванија - м.б.), од кои дел би можел да биде употребен на северноевропскиот фронт. Советските поморски сили во овие зони биле силни, вклучително и амфибијските, но треба да се има во предвид дека граничниот фронт помеѓу СССР и Норвешка е релативно тесен, а издолженоста на норвешката територија, која е претежно планинска и со бројни фјордови, не пружала поволни услови за брз продор на оклопно-моторизираните сили и за поморски

[215] Ibid., 4.

десанти. Покрај тоа, Норвешка развила систем на самоодбрана со значителни сили за територијални одбрана (Home Guard), кои можеле брзо да се мобилизираат и кои биле обучени за дејства на испресечено и непроодно земјиште. НАТО плановите предвидувале засилување на воените сили во Норвешка со поморски и воздушни сили, како и складирање на дел од американската воена опрема на нејзина територија, како поради одбрана, така и поради офанзивни дејства, пред сé, против советските поморски сили.[216]




**Слика 8. Бројот на војници на членките на НАТО и Варшавскиот пакт во 1973 год.** (Извор:*http://upload.wikimedia.org/wikipedia/commons/thumb/7/7c/NATO_and_the_Warsaw_Pact_1973.svg/450px-NATO_and_the_Warsaw_Pact_1973.svg.png*)

Од линијата Данска - Шлезвиг - Холштајн - Балтички протоци, па на југ до границата на СРГ со Австрија и Швајцарија, всушност целата територија на СРГ и земјите на Бенелукс - на запад и на исток: териториите на ГДР, Чехословачка и Полска, во потесна смисла се протегал централниот европски фронт. Воените сили во централниот европски фронт, ги сочинувале американските војски и армиите на земјите-сојузници распоредени во земјите на Бенелукс и Западна

[216] Ibid., 7-8.

Германија (под одредени услови и Данска - м.б.), односно советските трупи и сојузничките армии во ГДР, Чехословачка и Полска. Во поширока смисла, ова боиште во длабочина би ги опфатил Франција и Велика Британија, а на исток советските западни окрузи (балтичкиот, белорускиот и прикарпатскиот).[217]

Што се однесува до соодносот помеѓу двата пакта на вкупна воена жива сила, односно бројот на копнената војска, на централното европско боиште во 1976/77 год., според НАТО извори, може да се види од следнава табела 4:

**Табела 4. Соодносот на копнените сили на НАТО и Варшавскиот пакт на централното европско боиште во 1976/77 г.**[218]

| Вид | САД (без француските сили) | СССР |
|---|---|---|
| Војници | 1.045.000 – 1.096.000 | 1.124.000 – 1.216.000 |
| Тенкови | 6.615 | 16.000 |
| Активни Дивизии | 24-32 | 51 |
| Воздухоплови | 1.810 | 2.500 |

Од овие податоци може да се заклучи дека кон крајот на 70-тите години, односот помеѓу двата сојузи на мошне значајното централно европско боиште, постоела релативна рамнотежа во вкупниот број на војници на копнените сили, со блага предност во однос на Варшавскиот пакт, додека пак односот на тенковите, дивизиите во полна борбена готовност и на воздухопловни средства бил далеку повеќе во корист на силите на Варшавскиот договор. Евентуалните воени дејствија, барем во почетокот, би се одвивале на просторите на граничниот појас на СР Германија со Германската Демократска Република и Чехословачка, но во воените планови на двете страни не било исклучено тие да се прошират и на територииите на Данска, Австрија (иако неутрална) и други западни земји, како и на територииите на Полска и Унгарија на исток.

Воените сили на Варшавскиот пакт биле истурени напред, со тежиште во Централна Европа, поволно групирани на компактен простор со голема длабочина и со поголеми можности за маневар, отколку европските сили на НАТО, кои биле повеќе развлечени и често раздвоени на долгиот фронт, од Норвешка на север до источна Турција на југ, со релативно мала длабочина на стратегискиот распоред. Сепак, на централно-европското боиште биле

[217] Ibid., 5.

[218] *Assessing the NATO/Warsaw Pact Military Balance*, Washington, D.C. : The Congress of the United States : Congressional Budget Office, 1977, 34-35.

групирани најмоќните воени сили на обата блока. На териториите на Источна Германија, Полска и Чехословачка, Варшавскиот договор имал распоредено 57 дивизии, од кои 30 советски. Ако се земат во предвид и дивизиите на балтичкиот, белорускиот и прикарпатскиот воен округ во западниот дел на Советскиот Сојуз, тогаш на ова боиште Варшавскиот пакт располагал со околу 90 дивизии од копнените сили, наспрема околу 50 копнени дивизии на НАТО во СР Германија, Франција, Белгија, Холандија и Велика Британија и 13 дивизии распоредени во САД наменети, во случај на потреба, за брзо засилување на силите во Европа.[219]

Силите на Варшавскиот пакт (и на НАТО), на централно-европското боиште се наоѓале во висок степен на борбена готовност, а преку половината од споменатите 90 дивизии (во ГДР, Полска, Чехословачка и балтичкиот, белорускиот и прикарпатскиот воен округ) можеле да стапат во борбено дејство за само неколку дена, притоа не сметајќи ги стратегиските резерви од московскиот, уралскиот и волшкиот воен округ. Советските сили во ГДР, Полска и Чехословачка, како и делот на дивизиите на овие земји, кои пополнети со луѓе и вооружување и со помали дополнувања можеле брзо да стапат во дејство. Иако силите на НАТО на разни нивоа зависеле од мобилизацијата (приближно 75% од единиците на централниот фронт), биле во состојба брзо да се најдат на предвидените позиции и да стапат во борбени дејства. Под претпоставка, истовремено да се изведува мобилизација и развој, НАТО можел да употреби на овој фронт, до префрлувањето на американските и канадските сили, 57 дивизии (заедно со француските сили). За приближната рамнотежа на силите во централните европски простори, говорат и податоците, кои претставниците на Варшавскиот договор ги изнеле на преговорите на двете блоковски страни за разоружување во Виена. Според нив, Варшавскиот пакт во Полска, Чехословачка и ГДР располагал со вкупно 797.000 војници. Од друга страна, претставниците на НАТО излегле со податок дека нивните сили во СРГ и земјите на Бенелукс изнесуваат вкупно 790.000 луѓе.[220]

Јужното европско боиште, од гледна точка на НАТО, ги опфаќал териториите на Италија, Грција и Турција, а силите во Шпанија биле потчинети под директна команда на НАТО како стратегиска резерва, наспрема

[219] Šotra, Žarko, *Aktuelna informacija*... Deo 1, 8.
[220] Ibid., 9.

териториите на Унгарија, Романија, Бугарија и западна, дел од централна и јужна Украина, од аспект на Варшавкиот пакт. На југоисток, дел од ова боиште го чинел просторот јужно и северно од Кавказ и источниот дел на Турција.[221] Кон крајот на 70-тите и почетокот на 80-тите години, силите на НАТО во Јужна Европа биле распоредени во 4 одвоени копнени зони: Шпанија, Италија, Грција со источна Тракија (турска) и источна Турција, со многу мали можности националните сили взаемно да си помагаат по копнени правци, додека оклопните и механизираните сили на Варшавскиот пакт на овој форнт биле поволно групирани, взаемно поврзани и со поголема длабочина на распоредот. Меѓутоа, во тој контекст, треба да се земат во предвид, дека поморските сили на НАТО на Медитеранот, односно во јужна Европа, имале поповолни стратегиски позиции и општа надмоќ во однос на поморските сили на Варшавскиот пакт, иако двете страни поседувале силни флоти.[222]

Во истиот период, во мирнодопски услови, Варшавскиот пакт во Унгарија имал распоредено 10 дивизии (6 унгарски и 4 советски), а овие сили можеле да се засилат со уште 7 дивизии и околу 2000 тенкови од киевскиот воен округ.[223] Варшавскиот пакт на овој фронт располагал и со воздушно-десантни и воздушно-подвижни единици, со јачина што одговарала на 3 дивизии способни да се ангажираат во повеќе правци во јужна Европа. Наспроти овие сили, НАТО имал 8 дивизии со 1750 тенкови во Северна Италија, за кои се предвидувале и засилувања од САД, а најверојатно и од Шпанија.

На балканскиот правец, Варшавскиот договор располагал, во мир, со околу 33 дивизии на копнените сили: 10 бугарски, 11 романски и 11 советски (од одескиот и киевскиот воен округ) со околу 6.900 тенкови. Силите на НАТО на Балканскиот полуостров изнесувале околу 25 грчки и турски дивизии со околу 4.000 тенкови, кои, исто така, можеле да се засилат. Во реонот на Мал Кавказ, Советскиот Сојуз имал распоредено 12 дивизии во транскавкаскиот воен округ (дел разместен кон Иран) и подлабоко, во севернокавкаскиот округ 6 дивизии, а од друга страна Турција во овој правец можела да употреби 12 дивизии. Од овие податоци, може да се заклучи дека на јужноевропскиот фронт (источен и јужен Балкан, Апенинскиот полусотров, Панонија, долниот тек на Дунав и

[221] Ibid., 5.
[222] Ibid., 9-10.
[223] Според: *NATO and the Warsaw...*; и *The Military Balance, 1977-1978* и *1981-1982...*, наведено во: Ibid., 10.

мореузите Босфор и Дарданели), дека двете воени групации имале 87 копнени дивизии со околу 16.750 тенкови, од кои НАТО - 33 дивизии и скоро 6.000 тенкови, а Варшавскиот пакт - 54 дивизии со околу 11.000 тенкови.[224]

**Табела 5. Број на луѓе во вооружените сили на НАТО и Варшавскиот пакт во почетокот на 80-тите години на минатиот век (во милиони).[225]**

| Број на луѓе во вооруже-ните сили | НАТО | | | | Однос на силите | Варшавски договор | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | НАТО (без САД) | | САД | Вкуп-но со франц. канад. и шпан. сили во Европа | | Вкуп-но | СССР | Земји на Варш-авски пакт (без СССР) |
| | Северна и централ. Европа | Јужна Европа | | | | | | |
| Постојан состав (во уни-форма) | 1,685 м. | 1,199 м. | 2,049 м. | 5,275 м. | 1,1 : 1 | 4,788 м. | 3,673 м. | 1,115 м. |
| Резерва (сите родови) | 2,038 м. | 2,893 м. | 0,880 м. | 5,731 м. | 1 : 1,24 | 7,118 м. | 5,200 м. | 1,918 м. |
| Вкупно во копнена војска | 1,016 м. | 0,922 м. | 0,775 м. | 2,968 м. | 1,14 : 1 | 2,613 м. | 1,825 м. | 0,788 м. |
| Вкупно копнена војска во Европа | 0,980 м. | 0,922 м. | 0,221 м. | 2,378 м. | 1,42 : 1 | 1,669 м. | 0,881 м. | 0,788 м. |

Треба да се напомене дека многу е тешко и сложено да се дадат прецизни податоци во единиците на блоковските вооружени сили, бидејќи бројките низ периодот на блоковската поделба варирале или биле намерно намалувани или зголемувани според моменталните потреби и инетереси на одделниот блок. Исто така, во одредени периоди не биле определени ниту критериумите за тоа кои сѐ категории на луѓе, кои биле ангажирани да работат или да служат во одделна вооружена сила, треба да се вбројуваат во нејзиниот ефективен состав. Голем број на војници не бил распореден непосредно во борбените единици и на борбените средства, а и голем број војници биле во единиците надвор од дивизиите. Токму затоа треба да се разграничи активниот (постојаниот) воен состав од единиците распоредени во резерва.

[224] Ibid., 10.
[225] Ibid., 12.

За најдобро да се воочи соодносот помеѓу копнените сили на НАТО пактот и Варшавскиот договор во Европа, во последните години на 70-тите и почетокот на 80-тите години од XX век, треба да се изврши споредување на силите на обата блока, со и без водечките блоковски земји Соединетите Држави и Советскиот Сојуз, како и одделно постојаниот состав на луѓе од резервата во сите родови, како што е прикажано на табела 5.

Според табела 6. може да се воочи дека во однос на луѓе во униформа, односно постојан состав, силите на НАТО имале блага предност од 1,1:1, а во вкупната копнена војска од 1,14:1 во однос на силите на Варшавскиот пакт. Доколку пак, се земе во предвид копнената војска во цела Европа, НАТО имал значајна предност во соодносот од 1,42:1. Но, Варшавскиот пакт имал предност (1,24:1) во однос на резервните единици и ако се земе дека од вкупната резерва, една половина припаѓала на копнената војска, тогаш Варшавскиот пакт, кажано воопштено, можел да формира 83, а НАТО - 52 дивизии.

Како што беше споменато (Подглавје III.4), вооружувањето и опремата на копнените (и на другите родови) сили на Варшавскиот пакт, биле во најголем процент од советско производство или произведени во земјите-членки по советска лиценца. За разлика од тоа, армиите на НАТО-членките располагале со различни типови на оружје и воена опрема, произведени во повеќе земји-членки, што го отежнувал системот на снабдување и создавал потешкотии во координирањето на борбените дејства. Во поглед на вооружувањето постоела одредена нееднаквост, посебно во бројот на тенковите. Според западните извори на централниот и северниот европско фронт, НАТО располагал со околу 7.000 тенкови, а Варшавскиот пакт - околу 20.500.[226] Ваквата подреденост на НАТО во однос на бројот на тенкови и други оклопни возила била намалена со воведувањето во вооружувањето на неговите членки на помодерно и помоќно противоклопно оружје, како и на повеќе модели на водени проектили воздух-земја. Силите на Варшавскиот пакт располагале со поголем број на средства за ПВО и имале предност во конвенционалната артилерија, додека НАТО имал предност во бројот на хеликоптери и средствата за електронско војување[227].

[226] *The Military Balance, 1977-1978* и *1981-1982*, наведено во: Ibid., 18.

[227] Електронското војување опфаќа употреба на електромагнетно насочена енергија за напад на противникот или да го попречат противникот да нападне преку спектарот.

### VII.2.3. Воздухопловните сили

И НАТО и Варшавскиот пакт располагале со воздухопловни сили, способни за нанесување на изненадувачки и ефикасни напади врз воените сили, стопанските и стратегиските објекти на другата страна, на целата длабочина на противничкиот распоред на фронтот. Вкупната бројна состојба на борбените авиони, во почетокот на 80-тите години, во воените воздухопловства на земјите-членки на Варшавскиот договор изнесувал 12.000, а на НАТО над 11.000 авиони. На европското боиште Варшавскиот договор имал распоредено 4.799, а НАТО 3.547 борбени авиони. Нешто подлабоко, на просторот на западните и југозападните воени окрузи Советскиот Сојуз имал околу 2.775 борбени авиони, од кои 1.500 ловци-бомбардери, а во Северна Америка - САД и Канада имале околу 1.900 авиони, наменети за засилување на силите на европскиот континент, на кои би можело да се придодадат авионите од поморското воздухопловство. Но, во ловечко-бомбардерските ескадрили, наменети за дејства против цели на земјата, НАТО во Европа имал 2.293 авиони, спрема 1.755 авиони на земјите-членки на Варшавскиот пакт, кој однос изнесувал 1,31:1 во корист на НАТО. Меѓутоа, Варшавскиот пакт во составот на силите на ПВО и авијацијата располагал со поголем број на ловци-пресретнувачи, кои можеле да се употребат за борбени дејства против цели на земја.

Во целина, НАТО располагал со нешто помалку борбени авиони, но имал поголем број повеќенаменски авиони со високи перфоманси (посебно со тактички радиус), носивост на вооружување, способност за дејствување во сите временски услови и за напади по земјени цели. Двата блока континуирано ја модернизирале својата борбена авијација. СССР во борбен распоред вовел повеќенаменски авиони, со што ја зголемил својата воздухопловна и огнена подршка. Подоцна, СССР во својата авијација вовел и ловци-бомбардери со голем радиус на дејства, наменети за длабоки продори во позадината на противникот. Тие биле во можност да дејствуваат врз главните градови на европските членки на НАТО. Покрај тоа, воздухопловството на НАТО го здржал водечкото место во однос на радиусот на борбени дејства и борбената носивост на вооружување.[228]

[228] Šotra, Žarko, *Aktuelna informacija...* Deo 2, 1-3.

**Табела 6. Воздухопловните сили на НАТО и Варшавскиот пакт во Европа во почетокот на 80-тите години**[229]

(Бројките во заграда се воздухопловните сили, распоредени подлабоко на просторот на европскиот дел на СССР, односно за НАТО - можните дополнителни борбени хеликоптери)

| Вид на воздухо-пловни средства | НАТО | | | | Однос на силите | Варшавски договор | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | НАТО (без САД) | | САД | Вкуп-но | | Вкуп-но | СССР | Земји на Варш. пакт (без СССР) |
| | Северна и централ. Европа | Јужна Европа | | | | | | |
| Бомбар-дери | 81 | | | 81 | 1 : 4,51 | 365 | 365 | |
| Ловци-бомбар-дери | 1.083 | 778 | 492 | 2.353 | 1,34 : 1<br>(1:1,38) | 1.755<br>(+1.500) | 1.170<br>(+1.500) | 585 |
| Фронто-вски ловци | 42 | 72 | 90 | 204 | 1 : 3,21<br>(1:7,67) | 655<br>(+900) | 655<br>(+ 900) | |
| Пресрет-нувачи | 435 | 197 | | 632 | 1 : 1.36 | 1.490 | | 1.490 |
| Извиду-вачки авиони | 220 | 117 | 60 | 397 | 1 : 1.32<br>(1:2,26) | 524<br>(+ 375) | 360<br>(+ 375) | 164 |
| Борбени хеликоп-тери | 398<br>(+207) | 5<br>(+164) | 330<br>(+1104) | 733<br>(+1.475) | 4,70 : 1<br>(1,37:1) | 156<br>(+ 650) | 100<br>(+ 650) | 56 |

НАТО воведувал во сопствено воено воздухопловство повеќе типови на борбени авиони, и тоа, од европските земји: МРЦА, Јагуар, Мираж-2000 и други, а од САД: Ф-15, Ф-16, А-10 и Ф-111. Овие воздухопловни борбени средства биле вооружени со ласерски, радарски, телевизиски, инфрацрвени водени проектили и со нив НАТО ги засилувал своите ескадрили во Европа.[230] Според западните експерти, акциониот радиус и носивоста на вооружување на борбените авиони на НАТО и на Варшавскиот пакт приближно се изедначувале, додека според советските проценки, НАТО имал предност, посебно во носивоста, и тоа 3:1.

Во споредба со Варшавскиот пакт, територииите и трупите на членките на НАТО, биле нешто со послаба противвоздушна одбрана, па поради тоа НАТО започнал со вложување на големи финансиски средства,

[229] Ibid., 2.
[230] Ibid., 3.

како и научно-технолошки напори во усовршувањето на електронската и противелектронската одбрана, а резултатите се покажале набрзо.

Сé до воведувањето на тактичка авијација со голем радиус на дејтвување, воздухопловството на СССР и земјите-членки на Варшавскиот пакт, биле принудени да држат силни мобилни единици за опслужување на бројните оперативни аеродроми. Овие земји располагале со голем број на вкопани аеродроми, а за разлика од НАТО, воздухопловната техника била унифицирана за сите членки на Варшавскиот пакт. НАТО пактот, иако ја унапредил воздухопловната техника, според нивните експерти, немал доволно аеродроми, а постоечките биле преоптеретени. Со текот на времето и со развојот на советската авијација, се намалувала техничката авиациска предност на НАТО,.[231]

Сепак, НАТО располагал со висок степен на обученост на пилотскиот кадар, со повеќе часови на обука и на летање, како и со опременост на леталата за повеќенаменска употреба и во сите временски услови. Воздухопловните сили на НАТО имале поголема тактичка еластичност и биле способни, во случај на војна или конфликтна криза, многу брзо да ги засилат своите европски бази со доведување на ескадрили од САД. Исто така, со воведувањето на авионите за извидување и наведување од воздух - Авакс (AWAKS[232]) и Нимрод АЕВ (Nimrod AEW), на воздухопловството и противвоздушната одбрана на членките на НАТО им биле зголемени тактичко-оперативните можности. Со брзи и тактички маневри НАТО можел да го подобри соодносот во борбената авијација во Европа, бидејќи на Далечниот исток биле распоредени најмалку 25% од советската авијација. Од друга страна, СССР имал примат во воената транспортна авијација. Во почетокот на 80-тите скоро 1.000 авиони (Ан-12, Ил-76, Ан-22 и др.) можеле наеднаш да превезат една до две, целосно опремени и вооружени, воздушно-десантни дивизии на оддалеченост и до 2.000 км. НАТО располагал со околу 750 транспортни авиони, но можел да ги засили со многу повеќе цивилни авиони, отколку авијацијата на Варшавскиот пакт, која можела да се засили со 1.400 цивилни авиони од *Аерофлот*.[233]

---

[231] Ibid., 4.
[232] Авионски систем за известување и набљудување (англ.Airborne Warning and Control System).
[233] Šotra, Žarko, *Aktuelna informacija*... Deo 2, 4-5.

### VII.2.4. Поморските сили

НАТО во својата стратегија придавал голема важност на поморското поврзување на Европа со Северна Америка и обезбедување на поморски патишта за трговија и увоз на суровини и енергија. Варшавскиот пакт бил помалку зависен од морски патишта, бидејќи неговите членки биле претежно континентални земји. Затоа, во случај на војна, како приоритет си ги имал поставено зачувување, заштита и одржување на поморските комуникации, како и изведувањето на десантни операции за подршка на своите копнени и воздухопловни сили. Задачи на воените флоти на Варшавскиот пакт биле:

- обезбедување на сопствени поморски комуникации,
- подршка на останатите родови на вооружени сили,
- спречување на употребата на поморските сили на НАТО, во прв ред на неговиот ракетно-нуклеарен потенцијал и
- доволно засилување на европското боиште.[234]

Сепак, географската положба на земјите на Варшавскиот пакт, имала повеќе неповолности за нивните воени флоти, бидејќи биле расцепени на три одвоени морски простори (Баренцевото, Балтичкото и Црното море) и биле развлечени на огромниот морски простор од Мурманск, околу Северниот 'рт и низ теснеците на Балтикот и во Турција (Дарданели и Босфор).

На Атлантскиот океан, НАТО се стремел да обезбеди заштита на своите флоти, во прв ред од подморнички, воздушни и ракетни напади. На северноевропското боиште, во случај на војна, приоритетна цел на НАТО била да оствари контрола над Норвешкото море, со следните останати цели:

- да ги спречи советските поморски сили да настапуваат кон Атлантикот и поморските бази на НАТО во Норвешка, Исланд, Данска и Фарските острови,
- да ги затвори теснеците на Балтикот и да ги подржи своите останати сили на северното и централното европско боиште,
- на јужното крило, силите на НАТО имале цел оперативно да ги подржат копнените и воздухопловните сили и да обебзедат поморски комуникации, со тоа што ќе ги контролираат теснеците Дарданели, Босфор, Гирбралтар, како и Суецкиот канал.

[234] Ibid., 5.

**Табела 7. Поморските сили на НАТО и Варшавскиот пакт на Европското боиште во почетокот на 80-тите години**[235]

| Воени бродови | НАТО | Соодност на силите | Варшавски пакт |
|---|---|---|---|
| Подморници | 199 | **1,26 : 1** | 158 |
| Носачи на авиони | 12 | **3 : 1** | 4 |
| Крстосувачи | 16 | **1 : 1,25** | 20 |
| Разурнувачи | 140 | **6 : 1** | 23 |
| Фрегати | 194 | **1,80 : 1** | 109 |
| Корвети | 120 | **1,06 : 1** | 113 |
| Борбени чамци | 263 | **1 : 1,56** | 412 |
| Миноловци | 372 | **1 : 1,07** | 400 |
| Амфибиски бродови | 412 | **2,09 : 1** | 197 |

**Табела 8. Поморските авијациски сили на НАТО и Варшавскиот пакт на Европското боиште во почетокот на 80-тите години**[236]

| Борбени авиони и хеликоптери | НАТО | Соодност на силите | Варшавски пакт |
|---|---|---|---|
| Бомбардери | - | - | 280 |
| Ловци-бомбардери | 314 | **2,47 : 1** | 127 |
| Ловци | 159 | - | - |
| Против-подморнички авиони | 116 | **1 : 1,08** | 70 |
| Извидувачки за елект. и противелект. дејства | 257 | **3,7 : 1** | 70 |
| Против-подморнички хеликоптери | 366 | **2,1 : 1** | 172 |

Советската воена флота била опремена со повеќе видови на површински бродови вооружени со разни проектили, посебно водени проектили, а некои од нив носеле авиони и хеликоптери. Флотата била засилена и со поморска авијација, распоредена на копно и голем број на подморници, како и посебно засилување со крстосувачки ракети. За разлика од првите 15 години од постоењето на Варшавскиот пакт, кога советската морнарица имала одбрамбена улога на крајбрежјето, кон средината на 70-тите и почетокот на 80-тите години таа била во можност да врши и офанзивни дејства, дури и со светски размери. Имено, во споменатиот период СССР изградил нови класи на големи воени бродови, меѓу кои и четири нови класи на ракетни крстосувачи и разурнувачи. Најпознат бил крстосувачот „Киров“, од 25.000 тони, на нуклеарен погон со противбродски ракети. На бродовите од класата „Киев“ за прв пат биле поставени авионите Јак-36 за поморско дејство. Потоа, биле изградени подморници од класата „Алфа“ со голема брзина на пловење и длабочина на

[235] Ibid., 6.
[236] Ibid., 7.

нуркање, од класата „Оскар“ со крстосувачки ракети и од класата „Тајфун“ со балистички ракети. Во 1979-1980 год. во советските бродоградилишта биле изградени 23 подморници, додека истовремено во САД биле изградени само две.[237] Така, од вкупниот број подморници во 1971 год. СССР имал 32% на нуклеарен погон, а во 1981 год. процентот бил зголемен на 45%, од друга страна НАТО-членките имале 49% подморници на нуклеарен погон.[238]

Според табелите 7 и 8, соодносот на поморските сили на НАТО и Варшавскиот пакт во извесен степен бил несиметричен и променлив. НАТО имал поголем број на силни поморски сили со поволни бази, а бил силен и во бројот на авиони на бродовите-носачи, противподморнички системи и амфибиски сили со голем размер на дејствување. Варшавскиот пакт, посебно бил силен во бродови со противбродски проектили, подморници и поморска авијација на копно. Во целина земено, поморските сили на НАТО, во однос на Варшавскиот пакт, биле посилна стратегиска офанзивна сила со вкупно 25 носачи на авиони, на кои биле распоредени 520 авиони-носачи со нуклеарно оружје и со речиси три пати поголем број на површински бродови. Од друга страна, членките на Варшавскиот пакт биле надмоќни во бројот на подморници и мали површински бродови.[239]

### VII.2.5. Нуклеарното вооружување

До август 1949 год., кога СССР ја извршил својата прва атомска проба, САД го имале монополот врз поседувањето на оружје за масовно уништување. Уште во декември 1945 год., во американската врховна команда се појавил документот *Стратегиската ранливост на СССР од ограничен воздушен напад*, кој предвидувал употреба на 20 до 30 нуклеарни авионски бомби во дваесет советски градови, а во јуни 1946 год. се појавиле и други слични воени планови. Во еден од последните планови, од тој период, се предвидувало нанесување на нуклеарни удари врз над 3000 цели на територијата на Советскиот Сојуз.[240]

---

[237] Според: *NATO and the Warsaw...*,. наведено кај: Ibid., 8.
[238] Ibid.
[239] *Откуда исходит угроза Миру*, 2-е изд., Москва : Воениздать, 1982, наведено во: Ibid., 9.
[240] Яковлев, Николай Н., *Война и мир по-американски*, Москва : Педагогика, 1989, Гл.: „'Ядерная' чума и смерть из космоса“, available at: http://militera.lib.ru/research/yakovlev_nn3/05.html (access. 17 february 2013).

Токму затоа, една од примарните цели на советската повоена стратегија било производството и натамошниот развој на атомското, односно нуклеарното вооружување. Во текот на Корејската и Првата индокинеска војна, во периодот 1953-1954 год., кога администарцијата на Ајзенхауер размислувала да употреби и атомско оружје, САД располагале со околу 800 авиони за носење на атомски бомби и околу 1.600 такви бомби.[241] Во истиот период советското производство на нуклеарно оружје било сеуште во својот почеток. Веќе во 1968 год. американската нуклеарна предност била 4:1, а соодносот на средствата за пренос бил само 2:1. Во 1972 год. тој сооднос се намалил на 2,6:1 во поглед на нуклеарно оружје, а во бројот на носачи дури и се изедначил на 1:1.

На европското боиште и во негова близина, во периодот 1980-1981 год., биле распоредени големи количества нуклеарно оружје од мал и среден домет, така НАТО имале околу 7.000, а Варшавскиот пакт околу 3.500 нуклеарни боеви глави со различна јачина и тактичка намена. Советската агенција *ТАСС* на 7 јули 1980 год. го проценил бројот на носачите на боеви глави на западните земји на 784, вклучувајќи ги и 300-те француските и британските авиони Ф-4 (производство на САД), и подморничките проектили „Посејдон" (производство на САД). Слични противречности имало и кај САД, чии проценки за советската надмоќ, во нуклеарното оружје со среден домет, се движела од 6:1 до 3:1.[242]

Лондонскиот Меѓународен институт за стратегиски студии (IISS), сите носачи (авиони и проектили) на нуклеарни боеви глави со радиус на домет поголем од 160 км ги сврстувал во нуклеарни системи со среден и голем домет. Според таа споредба Варшавскиот пакт поседувал вкупно 4.430 нуклеарни системи, од кои 1.335 ракетни системи, од кои: 667 со домет од 1.000 до 5.000 км и 668 со домет помеѓу 160 и 1.000 км, како и 3.095 авиони-носачи на нуклеарни боеви глави, од кои: 980 со радиус на дејство над 1.000 км и 2.115 до 1.000 км. Од друга страна, НАТО располагал со 1.512 нуклеарни системи, од кои: 342 балистички проектили и 1.170 авиони-носачи на боеви глави, од кои: 266 со радиус на дострел над 1.000 км и 9.864 со дострел до 1.000 км. На овој број треба да се додадат и 400 боеви глави на нуклеарните проектили од

[241] Густинчич, Јуре и Шешеринац, Димитрије, op. cit., 50.
[242] Šotra, Žarko, *Aktuelna informacija*... Deo 2, 11.

американските подморници „Посејдон", кои биле ставени под директна команда на врховниот командант НАТО силите во Европа во 60-тите години на XX век.[243]

Лондонскиот институт (IISS) пресметал дека во случај на војна во дадениот период, доколку се земат во предвид процентот на употребата на наведените нуклеарни системи, нивната исправност, шансите да не бидат уништени пред да бидат употребени, сигурноста во функционирањето и шансите да ја пробијат противничката одбрана, Варшавскиот пакт би нанел 872, а НАТО 555 нуклеарни удари врз противнички цели на мали и големи растојанија. Според оваа проценка, нанесените удари би биле ефективната моќ, а бројната состојба и јачината на боевите глави - потенцијалната моќ.

**Табела 9. Нуклеарното вооружување од среден домет во Европа според податоците на лидерите на САД и СССР - Реган и Брежнев во ноември 1981 год.**

| **Типови на оружје на САД** | **САД (американски/советски податоци)** | **СССР (советски/американски податоци)** | **Типови на оружје на СССР** |
|---|---|---|---|
| **Ракети на земја** | - | 496 / 750 | СС-20, СС-5, СС-4 и СС-12/22 |
| **Подморнички ракети** | - | 18 / 30 | СС-НС |
| **Вкупно ракетни системи** | - | 514 / 820 | Вкупно ракетни системи |
| **Бомбардери** Ф-111 | 164 / - | - / 395 | ТУ-22 – М26 и ТУ-16 |
| **Ловци-бомбард.** Ф-4 и А-6/А-7 | 333 / - | - / 2.700 | СУ-19/24, СУ-7/17, МИГ-23/27 |
| **Вкупно авиони** | 560 / 723 | 461 / 3.095 | **Вкупно авиони** |
| **Вкупно носачи на нуклеар. оружје од среден домет** | 560 / 723 | 975 / 3.875 | **Вкупно носачи на нуклеар. оружје од среден домет** |

Иако, повеќе функционери на НАТО ја застапувале оценката дека постои една општа нуклеарна рамнотежа на силите помеѓу двата блока, Советот на НАТО на своето заседание, во декември 1979 год., излезе со јасен заклучок дека Варшавскиот пакт на чело со СССР, со инсталирањето на ракетите СС-20 на советска територија остварил предност во нуклеарните системи со среден дострел. Како резултат на наведените заклучоци, НАТО на 12 декември 1979 год. ја донел т.н. „*двојна одлука*" која се состоела од следното:

1) на европскиот простор, почнувајќи од 1983 год., да се инсталираат 572 ракети, од кои 108 ракети Першинг II (во СР Германија) и 464 крстосувачки ракети (во В. Британија, Италија, СР Германија, Холандија и Белгија) и

[243] *The Military Balance, 1981-1982...*,126-129, наведено кај: Ibid.,13.

2) на СССР да му бидат предложени преговори за нуклеарното вооружување од среден дострел, без никакви предуслови.

Но, подоцна претседателот на САД Џими Картер[244] ја предложил т.н. *„нулта опција“*, според која, НАТО би се откажал од инсталирањето на 572 ракети во Европа, доколку Советите ги демонтираат сите ракетни системи од типовите СС-4, СС-5 и СС-20 од европскиот дел на Советскиот Сојуз.

**Табела 10. Порастот на бројот на нуклеарните подморници, како и балистичките проектили и боевите глави на подморниците во периодот на Студената војна[245]**

| Година | САД | | | СССР | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Количество | | | | | |
| | Нуклеарни подморници | Балистички проектили на подморници | Боеви глави | Нуклеарни подморници | Балистички проектили на подморници | Боеви глави |
| 1960 | 3 | 48 | 48 | немал | немал | немал |
| 1967 | 41 | 656 | 1552 | 2 | 32 | 32 |
| 1970 | 41 | 656 | 2048 | 20 | 316 | 316 |
| 1975 | 41 | 656 | 4536 | 55 | 724 | 724 |
| 1981 | 40 | 648 | 5280 | 62 | 950 | 2000 |
| 1984 | 39 | 656 | ок. 6000 | 62 | 940 | ок. 2500 |
| 1986 | 38 | 672 | ок. 7000 | 61 | 922 | ок. 3000 |

Подоцна, до септември 1982 год. биле инсталирани 324 ракети од моделот СС-20 со дострел од 4.500 км и со три независно водени боеви глави, секоја по 150 кт моќност и со прецизност од 100-150 м, што претставувало директна закана за нуклеарните потенцијали на НАТО во Европа.[246] Имено, НАТО на европскиот простор не располагал со слични ракети од среден дострел на копно, туку само со авиони-носачи на боеви глави, кои имале помали шанси да ја пробијат противничката противвоздушна одбрана.

[244] Џими Картер (род. 1924 г.) бил 39-тиот претседател на САД (1977-1981) и добитник на Нобеловата награда за мир во 2002 год. Неговата администрација ги помагала авганистанските муџахедини против СССР и давала поддршка на иранскиот Шах, чие отстранување од власта неуспешно се обидувала да го спречи.

[245] Варенников, Валентин И., *Неповторимое*, Часть 6. *„Генеральный штаб Вооруженных Сил“*, Москва : Советский писатель, 2001, Глава II: „Откуда исходит угроза миру“, available at: http://www.mysteriouscountry.ru/wiki/index.php/Варенников_Валентин_Иванович/Неповторимое/Книга_5/Часть_7/Глава_4 (access. 24 February 2013).

[246] Според: *NATO and the Warsaw...*, наведено во: Šotra, Žarko, *Aktuelna informacija...* Deo 2, 14.

Од друга страна, советските раководители сметале дека односот на нуклеарните ракети од среден дострел, помеѓу двата блока, подолг период се задржува околу бројката од 1.000 единици, и тоа СССР - 975, спрема НАТО - 986. СССР истакнувал дека не го зголемува бројот на ракетните системи, туку само ги модернизира, заменувајќи ги старите СС-4 и СС-5 со новите СС-20.

Советскиот Сојуз, намерите на НАТО за инсталирање на споменатите ракети во Европа, го сметал за крајно опасен чекор, со кој ќе се наруши не само рамнотежата на ракетите, односно боевите глави со среден дострел, во корист на НАТО, туку и соодносот на стратешките интерконтинентални сили на СССР и САД. Тоа било поткрепено со фактот дека, додека на интерконтиненталните балистички ракети им бил потребен лет со траење од десетина минути до целите во СССР, што пружа можност за благовремено откривање и преземање одбрамбени мерки, на ракетите Першинг II (со дострел од 2.000 км и висока прецизност од 30-50 м) им бил потребен лет од само 5-6 минути до крајните удари врз целите на советска територија. Слична предност имале и крстосувачките ракети, кои летаат на висина од само 30-50 м над површината на земјата, поради што противвоздушната одбрана не е во можност навреме да ги открие и уништи.[247]

**Табела 11. Стратешките нуклеарни сили на САД и СССР и нивниот соднос во 1981 година[248]**

| Стратешки нуклеарни средства | САД | Соодност на силите | СССР |
|---|---|---|---|
| ИКБП | 1052 | 1 : 1.33 | 1398 |
| ПИКБП | 576 | 1 : 1,73 | 989 |
| Стратешки бомбардери | 316 | 2,1 : 1 | 150 |
| Вкупно носачи на стратешки нуклеарни проектили | 1944 | 1 : 1,3 | 2537 |
| Вкупно стратешки нуклеарни боеви глави | околу 9000 | 1,28 : 1 | околу 7000 |

Од наведените податоци и соодноси на вкупните нуклеарните потенцијали на двете суперсили Соединетите Држави и Советскиот Сојуз, во периодот на постоењето на двата блока, може да дојде до следните заклучоци:

[247] Šotra, Žarko, *Aktuelna informacija...* Deo 2, 15.
[248] *The Military Balance, 1981-1982...*, 3-4 и 107, прикажано кај: Ibid., Deo 1, 3.

- Во Европа постоела најголемата концентрација на вооружените сили и вооружување во светот, пред сé, поради интересите на двете суперсили;
- НАТО пактот имал поголем економски и технолошки потенцијал, што му овозможило подолго да истрае во трката во вооружување и на крајот на Студената војна да излезе како единствен светски воен сојуз за глобална безбедност. Варшавскиот пакт имал поповолна гео-стратешка положба и можности за зголемување на мирнодопските сили, но СССР морал да стационира значајни сили на Средниот и Далечниот Исток од СССР.
- НАТО имал предност во некои области, а Варшавскиот пакт во други и не може прецизно да се споредат таквите, не секогаш, симетрични бројки на односот на силите. Односот на силите на двата блока на европското боиште бил прилично урамнотежен, иако во одредени родови на војската и одредени видови на вооружување бил нееднаков. Варшавскиот пакт имал повеќе дивизии на копнената војска, оклопни и артилериски средства, како и вкупен број на борбени авиони. Од друга страна, дивизиите на НАТО бројчано биле посилни, а противоклопните средства и борбените авиони на неговите членки биле со подобри воено-технолошки карактеристики.
- Врз воениот однос на силите на двата блока влијаеле и квалитативните чинители како обученоста, моралот, раководењето и командувањето, географската положба, вложувањето во научно-технолошкиот развој на вооружувањето, како и крупните промени во економскиот и општествено-политичкиот живот и развој во поедини земји-членки. Така, општествено-политичката и економската криза во Полска, која започна во 1980 год., во најголем дел ги врзала полските вооружени сили (15 дивизии) за внатрешна употреба во решавањето на кризата, а барем уште толку дивизии на другите земји-членки на Варшавскиот пакт, во прв ред советски, биле борбено подготвени да ја следат ситуацијата во Полска. Значи, полската криза во 80-тите години влијаела врз промената на односот на силите на двата блока, уште повеќе затоа што во тој период Шпанија станала членка на НАТО.
- Големото количество на нуклеарно оружје и неговата уништувачка моќ, на обете блоковски страни, ги надминувала нивните потреби за одбрана и, покрај познатиот самоуништувачки крај во идната нуклеарна војна, во 80-тите двата блока започнале да развиваат доктрини за ограничена употреба на нуклеарно оружје и успешно водење на продолжена нуклеарна војна.

- Конвенционалното вооружување на модерните армии од двата воени сојузи, претрпело радикални промени во однос на тоа од Втората светска војна. Во прв ред повеќекратно се зголемила неговата огнена моќ и маневарската способност во сите воени родови, со што се зголемила брзината на изведувањето на борбените операции и можноста за истовремен напад на голем број на цели, го скратило времето на траењето на операциите, но се зголемиле и воените и цивилните загуби. Сето тоа доведувало до брзи и ненадејни пресврти и зголемување на можноста за постигнување на изненадувања, а конвенционалните сили ги приближило до нуклеарен судар.
- Вкупниот однос на силите помеѓу двата блока во Европа на ниту еден не пружал поволни изгледи за агресија. Воената моќ на двата блока бил таква што било каков обид за продор со воена сила на противничката територија изискувал големи подготовки и размери на нападот, а последиците за агресорот не можеле да се предвидат однапред, нити можел да се избегне ризикот од нуклеарна катастрофа. Може да се заклучи, исто така, дека европското боиште не би можело да остане изолирано од останатиот свет.
- Стратешката нуклеарна рамнотежа и поморската воена моќ - потребна на НАТО за засилување на силите во Европа, а на Варшавскиот пакт за изолирање на европскиот фронт од Северна Америка, имале огоромно значење за изедначувањето на вкупниот однос на силите на обата блока.
- Новите воени технологии станувале премногу скапи, па раководните тела на НАТО и Варшавскиот пакт, односно раководствата на САД и СССР, постојано барале од членките на блоковите да ги зголемуваат нивните воени буџети, со образложение дека другата страна издвојувала поголеми средства, што постојано ја поттикнувало трката во наоружување.
- Вкупната воена состојба во Европа и трката во наоружување помеѓу двата блока ја наметнале потребата од започнување преговори за разоружување и намалување на вооружувањето, како и зајакнување на меѓусебната доверба.
- И покрај познатите последици од двете светски војна, сепак во периодот на блоковската поделеност во Европа преовладувала политиката на закани со сила, мешање во внатрешните работи на други земји и поделбата на сфери на влијанија. Поради тоа, перманентно постоела опасноста од војна, агресивни притисоци и дискриминација во меѓународните односи, поради што помалите земји можеле да станат жртви на сударот на блоковите.

## VII.3. Преговорите за разоружување и ограничување на вооружувањето

Нуклеарната трка во вооружувањето, како основен атрибут на Студената војна, ги оптоваруваше економиите на двете суперсили. Иако, нуклеарното вооружување никогаш не било употребено од страна на суперсилите една против друга, изградбата на нуклеарниот арсенал барал огромни средства. Потпишувањето на договорите и ограничувањето на трката во вооружување, на некој начин, ги растеретувало економиите на двете суперсили.

### VII.3.1. Првите преговори и договори за разоружување

Создавањето на блоковите и блоковската поделеност во светот ја зголемиле напнатоста и стравот од избувнување на нова војна и се повеќе се засилило уверувањето за нивно неопходно постоење. Западните земји се плашеле од ширењето па комунизмот, додека Истокот се плашел Западот да не ги собори комунистичките системи во земјите кои биле под неговата сфера на влијание. Стравот на двете страни овозможил, без да се штедат средства, да се натрупува оружје и воен материјал во арсеналите на двата воени блока САД и СССР, како и на нивните сојзници. Ваквиот меѓусебен натпревар во безобѕирно вооружување се нарекува и уште „*Трка во вооружување*“ и овој термин е карактеристичен за периодот на Студената војна.

Со текот на времето трката во вооружувањето растела со драстично темпо кое економски ги исцрпувало двете страни. Доволно било некоја од земјите да создаде некакво ново оружје и противникот веднаш да ги мобилизира сите свои расположиви човечки, воено-технички и економски сили и ресурси за да го постигне истото. Трката во нуклеарното вооружување во понатамошниот период ќе биде намалена во таканаречениот „*Период на детантот*“, односно попуштање на затегнатоста преку преговори помеѓу двете суперсили Соединетите Држави и Советскиот Сојуз за намалување и ограничување на нуклеарното стратешко вооружување. Во тој период биле водени повеќе преговори и биле склучени голем број на договори за ограничување и намалување на вооружувањето, за што поопширно ќе стане збор во натамошниот текст.

Советскиот Сојуз презел иницијатива за свикување на Конференција за разоружување со цел да ја промовира својата надворешна политика, пред сојузниците од Варшавскиот пакт и пред останатите земји. Конференцијата се одржала во Женева на 18 јули 1955 година. Ова било прилика Советскиот Сојуз, по десталинизацијата, да се „појави како голема сила, призната од западните земји".

Соединетите Американски Држави го прифатиле овој состанок, бидејќи сметале дека Советскиот Сојуз расчистил со сталинизмот, дека се наоѓал во тешка економска ситуација и не можел да ја издржи трката во вооружување, па затоа ќе попушти пред американските услови. Соединетите Држави на Конференцијата побарале пооделно да разговара со земјите на Источна Европа, но на тоа се спротиставил Советскиот Сојуз со објаснување дека тие се суверени држави и со нив нема што да се разговара. Советскиот Сојуз го поставил и прашањето за формирање на систем на колективна безбедност и распуштање па блоковите. Меѓутоа, тоа било одбиено од Соединетите Држави, со објаснување дека таквиот предлог нема практична вредност за решавање на проблемите во тој период. Состанокот завршил со заклучокот дека членките на двата блока треба да изработат механизми, со цел заеднички да ги решаавaат проблемите.

Во периодот од 1956 до 1964 год., советското раководство и другите членки на Варшавскиот пакт изнеле неколку предлози за развојот на безбедноста и соработката меѓу двата блока. Во дипломатските контакти, особено со САД, Советскиот Сојуз барал да се создадат нови односи, врз чија база би се решавале спорните прашања. Овие предлози можат да се групираат во неколку фази и тоа:

1) Прашања од областа на разоружувањето,
2) Германскиот проблем и
3) Можност за економска, научно-техничка и културна соработка.

Овие советски предлози биле разгледувани и од ООН. Во 1958 год. СССР предложил да се склучи пакт за ненапаѓање меѓу Северноатлантскиот и Варшавскиот пакт. Договорот требало да трае до престанувањето на постоењето на двата блока. Соединетите Американски Држави како одговор на овие иницијативи на Советскиот Сојуз, предложиле свој план наречен „*Отворено небо*". Со овој план требало да се врши инспекција на воените

сили од воздух. Извештаите на инспекцијата би послужиле за преземање на мерки за разоружувањето. Советскиот Сојуз го одбил овој предлог и сметал дека со ова Северноатлантскиот пакт би добил предност во однос на Советскиот Сојуз и неговите сојузници од Варшавскиот пакт.

Взаемната недоверба на двете големи сили - САД и Советскиот Сојуз, нерешените прашања од Втората светска војна, зголемувањето на напнатоста, како и создавањето на две антагонистички воено-политички сојуз резултирало со блоковска биполаризација на меѓународните односи и со т.н. Студената војна. Политиката на Студена војна и периодот на блоковска биполаризација воспоставила нова рамнотежа на моќта во меѓународните односи и донела нови проблеми за меѓународната безбедност, со што се создала реална закана од избувнување на нуклеарна војна на глобално ниво. Овој период бил одбележан и со интензивната трка во вооружување, што резултирало со натрупување на огромни количини нуклеарно оружје во арсеналите на двете суперсили и нивните сојузници и со брз развој на воената индустрија во речиси сите развиени земји. Секако, проблематиката на разоружувањето во такви околности стана многу сложена и се поставила како првостепена важност за натамошната изградба на меѓународната заедница и глобалната безбедност.

Една од првите иницијативи за продолжување на процесот на разоружување бил предлогот предложен од осум земји, усвоен од страна на Генералното собрание на ОН на својата V седница, за формирање на т.н.. „*Комитет на дванаесетмината*“ (сите членови на Советот за безбедност на ОН плус Канада), кој требало да ја разгледа можноста за (и со тоа да состави предлог) формирање на заедничката *Комисија за разоружување*. Работата на оваа комисија требало да се реализира со *Програмата за пријава на бројниот состав на вооружувањето на оружените сили на земјите-членки на ОН*, како и дефинирањето на процедурите и временските рокови за спроведување на постепено разоружување.

Како се намалувала диспропорцијата во вооружувањето на двата воено-политички блокови, така дошло до првите приближувања на ставовите на главните преговорачки страни во Комисијата за разоружување. Првиот чекор во оваа насока бил ***француско-британскиот меморандум***, од 11 јуни 1954 год., како основа за иден можен компромис за забрана на употреба на нуклеарно вооружување „*освен во случај на одбрана од непосредна агресија*“.

Меморандумот значел поттик за промена на начинот на размислување за стратешкото нуклеарно вооружување и за промена на доктринарните принципи за негова употреба, па нуклеарното вооружување сé повеќе станувало средство за политичко и стратешко одвраќање, а сé помалку вооружување за воено-оперативни цели. Зачувувањето на рамнотежата во вооружувањето и постепеноста на мерките за стратешкото разоружување, како и ефикасната меѓународна контрола го заземале централното место во низата предлози, амандмани, и нацрт-договори за натамошното работење на *Комисијата за разоружување*, а проблемот на разоружувањето станувал сé повеќе проблем на глобалната безбедност.

Откако една група на јапонски риболовци починала како последица на радиоактивното зрачење по американските нуклеарни проби, светското јавно мислење, уплашено од последиците на радијацијата, се обединило околу тоа прашање и упатило барање до сите нуклеарни сили за целосен прекин на нуклеарните проби. Ова барање бил поставено на XII заседание на Генералното собрание на ОН во 1957 год., па трите нуклеарни сили (СССР, САД и Велика Британија) започнале преговори кои довеле до ***Договорот за забрана за проби со нуклеарно вооружување во атмосферата, во вселената и под вода***, потпишан во Москва на 5 август 1963 година. Договорот предвидувал и обврска на договорните страни за неширење на нуклеарното вооружување во други земји, но не забранувал вршење на подземни нуклеарни проби, кои продолжиле и понатаму. Голем успех во ограничувањето на ширењето на вооружувањето за масовно уништување била ***Спогодбата за Антарктикот*** од 1 декември 1959 год., со која таа област била прогласена за демилитаризирана територија, за која земјите-потписнички се обврзале да ја користат единствено за научни и истражувачки цели. Покрај тоа, во ноември 1963 год. Генералното собрание на ООН ја усвоило ***Резолуцијата на денуклеаризација на Јужна Америка***, врз чија основа сите земји од Јужна Америка потпишале ***Договор за забрана на користењето и ширењето на нуклеарно вооружување на просторите на Јужна Америка***.

И покрај овие успеси, главните проблеми како Студената војна, блоковската биполаризација и трката во вооружувањето не биле решени, со што би се постигнала потполна рамнотежа на силите и би се создале услови за попуштање на затегнатоста и намалување на трката во вооружување во светот.

## VII.3.2. Периодот на детантот и преговорите за ограничување на стратешкото вооружување - САЛТ, СТАРТ и СОРТ

**А) Детантот** како термин, потекнува од францускиот збор detente (попуштање), а од 70-тите години на минатиот век се користи во меѓународните односи за дефинирање на ситуација во која две меѓусебно непријателски расположени држави ги подобруваат дипломатските, политичките односи, односно ги намалуваат меѓусебните тензии. Во потесна смисла на зборот, терминот стана синоним за периодот на Студената војна, од средината на 60-тите години (поточно, по завршувањето на кубанската ракетна криза) до почетокот на 80-тите, кога Советскиот Сојуз и Соединетите Американски Држави настојуваа да ги подобрат меѓусебните односи и да пронајдат заеднички јазик во што повеќе спорни прашања, со што би спречиле избувнување на нуклеарен конфликт. Една од првите конкретни мерки на детантот било воспоставувањето на т.н. Црвен телефон или директна комуникациска врска меѓу Кремљ и во Белата куќа, врз основа на Меморандумот за договор за воспоставување на директна комуникациска линија (Memorandum of Understanding Regarding the Establishment of a Direct Communications Line), потпишан во Женева на 20 јуни 1963 год., по едвај избегнатиот нуклеарен конфликт во Кубанската криза. Се разбира, воспоставувањето на *„црвениот телефон“* не може да се нарече мерка за разоружување, но тоа бил еден од големите успеси на дипломатијата (вклучувајќи ја и воената дипломатија) во намалувањето на напнатоста и како можност за решавање на кризните ситуации, преку директни преговори на лидерите на двете суперсили (*„црвениот телефон“* прв пат бил употребен во 1967 год., за време на Арапско-израелската *„Шестдневна војна“*, кога двете суперсили се информирале меѓусебно во врска со движењето на нивните воени единици). Во секој случај, по воспоставувањето на *„црвениот телефон“* повеќе никогаш не се повторила ситуацијата кога Светот бил на работ на нуклеарно уништување, како за време на Кубанската ракетна криза.

Иако, во текот на целиот склоп на советско-американските односи, преговорите за ограничување на стратешкото вооружување биле во средиштето на вниманието и, според мислењето на едната и на другата страна, претставувале основен столб на меѓусебните односи, ваквото настојување

соочувањето, пред сé, да се регулира на нуклеарно-ракетно поле, среазмерно е од подоцнежен датум. Обиди да се ограничи политичкото соочување, биле правени уште во педесетите години на минатиот век. Тогаш САД не биле заинтересирани за стратешко договарање, бидејќи уживале очигледна надмоќ, а СССР сакал донекаде да има одврзани раце за да постигне стратешка рамнотежа. Тоа, се чини, не му појде од рака сé до крајот на шеесетите години од минатиот век, кога лидерите на САД и СССР - Џонсон и Брежнев, го направиле првиот и неуспешниот обид да го започнат САЛТ.[249]

Политиката на детант т.е. пошироко договарање за попуштање на затегнатоста, значи, не била потполно зависна од договарањето на воено поле, дури и му претходела, но затоа детантот добил на тежина дури кога двете суперсили сериозно се заинтересирале да ја спречат „бескрајната" трка во стратешко вооружување. Кога, најпосле, овој интерес бил најекспониран, политичките аспекти добивале, понекогаш, подредено место. Тоа најдобро може да се види на примерот со Виетнам, кога имено, по победата на Ричард Никсон[250] на претседателските избори во 1968 год., познатиот американски стручњак за односите на суперсилите Ричард Барнет се состанал со, исто така, познатиот советски експерт, директор на Институтот за САД и Канада, Георгиј Арбатов. Според сопственото сведочење, Бернет бил изненаден со спремноста на соговорникот да се заобиколи проблемот на виетнамската војна како „камен на сопнување" во односите помеѓу СССР и САД, кога Арбатов изјавил дека проблемот со Виетнам треба да се стави на страна, како недоволно важен за да ги наруши односите меѓу двете суперсили. Подоцна, американското бомбардирање на Хајфонг (Виетнам), каде биле оштетени и советски трговски бродови, не го спречило патувањето на Никсон во Москва, ниту потпишувањето на целата низа спогодби и договори, на чело со САЛТ-1, кои, сите заедно, требало да ја прават основата на детантот.[251]

На почетокот на детантот започнаа и активностите на суперсилите околу конкретните мерки за разоружување, така да веќе во ноември 1969 год. СССР и САД започнале преговори за ограничување на стратешкото вооружување, кои

---

[249] Густинчич, Јуре и Шешеринац, Димитрије, op. cit., 4.

[250] Ричард Никсон (1913 -1994) бил 37-от претседател на САД (од 1969 до 1974 г.) и единствен претседател на САД кој поднел оставка од функцијата, како резултат на аферата "Вотергејт". За време на неговата администрација започнал периодот на „детантот" т.е. попуштање на затегнатоста во односите со СССР. Во 1972 г. ги нормализирал односите и со НР Кина.

[251] Густинчич, Јуре и Шешеринац, Димитрије, op. cit., 4-5.

многу подоцна резултирале со конкретни договори, како ***Договорот за ограничување на стратешкото вооружување*** - ***САЛТ*** (англ. SALT - Strategic Arms Limitation Talks, рус. ОСВ - Переговоры об ограничении стратегических вооружений) и ***Договорот за намалување на стратешкото вооружување*** - ***СТАРТ*** (англ. START - Strategic Arms Reduction Treaty). Преговорите биле водени во два наврати, поради што и договорите ја носеле ознаката SALT I и SALT II (SALT II подоцна бил редефиниран во START I).



**Слика 9. Разговор помеѓу Леонид Брежнев и Ричард Никсон во Вашингтон - 1973 г.**

По интензивни преговори, од страна на американскиот претседател **Ричард Никсон** и советскиот лидер **Леонид Брежнев**, на 26 мај 1972 год. во Москва била потпишана спогодбата ***САЛТ I***, која де факто само го замрзнала бројот на стратешките нуклеарни проектили (вклучувајќи ги и нуклеарните проектили на подморниците) во аресеналите на двете суперсили. Спогодбата, истовремено, ја отворила новата проблематика во глобалното разоружување, која резултирала со потпишувањето на ***Договорот за неширење на нуклеарното оружје*** (англ. NPT - Non-Proliferation of Nuclear Weapons Treaty), кој стапил на сила во март 1970 година. Набрзо потоа, во 1972 год. САД и СССР ја потпишале ***Спогодбата за противракетна одбрана***, која забранувала усовршување на националниот одбрамбен систем базиран на противбалистички проектили (сведоци сме дека неодамнешниот еднostран

излез на САД од наведената спогодба и ангажираноста кон ревитализација на програмата за ракетен штит предизвика бурна реакција на Москва).

Втората рунда преговори, позната како **SALT-II** била водена во периодот 1972-1979 год., како продолжение на претходните преговори и на договорите SALT-I потпишани во нивни рамки. Тоа беа првите преговори за конкретно ограничување на понатамошната трка во вооружувањето и воопшто, за ограничувањето на нуклеарните арсенали на двете суперсили. На крајот на преговорите, САД и СССР (Џими Картер и Леонид Брежнев) на 18 јуни 1979 год. во Виена го потпишале договорот SALT-II, со кој се ограничувало производството на офанзивното нуклеарно вооружување. Меѓутоа, Вашингтон никогаш не го ратификувал, поради советската воена интервенција во Авганистан, истата година. Сепак, двете страни се согласиле дека, и покрај тоа, ќе го спроведуваат договорот. Договорот за прв пат ја одредил точната количина на стратешко нуклеарно вооружување, која двете земји можат да ја поседуваат. Покрај советската интервенција во Авганистан, Соединетите Држави и Советскиот Сојуз во јуни 1982 год. започнале преговори во Женева за проектилите со долг домет.

Детантот не се одразил само во процесите на разоружување меѓу нуклеарните сили, туку во голема мера влијаел на креирањето на другите безбедносни механизми во европскиот регион. Меѓу кои, секако најважна била **Конференцијата за европска безбедност и соработка - КЕБС** (англ. CSCE), која започнала во 1973 год., како мултилатерален форум за дијалог и преговорање меѓу Истокот и Западот. Преговорите траеле 2 години, одржани биле серија состаноци во Хелсинки и Женева, кои завршиле со усвојувањето на завршниот документ - ***Хелсиншкиот Завршен Акт*** (The Helsinki Final Act), кој на 1 август 1975 год. бил потпишан од страна на 35 шефови на држави. КЕБС до 1990 год. функционирал преку серија состаноци и конференции, на кои се воспоставувале норми и обврски на земјите во зајакнувањето на безбедноста во европскиот регион и периодично ја оценувал нивната имплементација.

Парискиот состанок на врвот во 1990 год. бил пресвртница во процесот на институционализирање на предизвиците поставени во периодот по Студената војна и паѓањето на *„железната завеса"* во Европа, бидејќи тогаш бил потпишан клучниот договор за контрола на вооружувањето - ***Спогодбата за конвенционалните вооружени сили во Европа*** (CFE - англ. Treaty on

Conventional Force in Europe), која во 1999 год. била прилагодена на новите околности, по распаѓањето на Варшавскиот пакт. Во раните 1990-ти, биле основани неколку канцеларии и институции, состаноците станале редовни, а работата на Конференцијата покомплексна, па така на средбата во Будимпешта во 1994 год., КЕБС бил преименуван во **Организација за безбедност и соработка во Европа** (ОБСЕ). Денес ОБСЕ е паневропска безбедносна организација, која вклучува 56 земји-учеснички на просторот од Ванкувер до Владивосток, а служи како инструмент за рано предупредување, превенција на конфликти, менаџирање на кризи и пост-конфликтна помош за отстранување на последиците. ОБСЕ прв развил сеопфатен и кооперативен приод кон меѓународната безбедност, која вклучува три димензии: воено-политичката, еколошко-економската и хуманитарната. Во втората половина на 90-тите години, важен инструмент во работата на ОБСЕ биле теренските мисии. Бидејќи немал сопствени сили или средства за воспоставување на мир, се користел главно со превентивна дипломатија, која вклучувала: контрола на вооружувањето, зголемување на довербата меѓу државите, мониторинг на човековите и малцинските права, следење на избори, итн.

**Б) Преговорите за ограничување на стратешкото вооружување *САЛТ* (рус. ОСВ; англ. SALT)** - биле серија билатерални преговори меѓу Соединетите Држави и Советскиот Сојуз за контрола на вооружувањето. Имало два круга на преговори и се потпишале две спогодби: SALT-I (1972) и SALT-II (1979). Преговорите за ограничување на нуклеарните аресенали започнале во 1969 год. во Хелсинки. По завршувањето на преговорите, од страна на лидерите на двете страни, биле потпишани договорите SALT-I и SALT-II, врз основа на кои, подоцна беа потпишани Договорите намалување на стратешкото вооружување START-I (1991) и START -II (1993).

- ***САЛТ-I*** - е општо прифатеното име за првиот договор за ограничување на стратешкото вооружување. Овој договор го ограничувал бројот на балистичките проектили и лансирни рампи на двете страни на тоа ниво, со кое располагале во тоа време. Договорот, исто така, предвидувал вооружување со нови балистички проектили, распоредени на подморниците, строго во она количество, во кое претходно било планирано да се заменат застарените проектили. Стратешките нуклеарни сили на СССР и САД го промениле својот карактер кон крајот на 60-тите години. Советската програма вклучувала

ангажирање на тешки балистички проектили со копнено наведување, како и воведување на новата ракетна крстосувачка подморница. Од 1968 год., Советскиот Сојуз секоја година воведувал до 200 нови ракети. Количеството на проектили, кои ги поседувале САД, од 1967 год. останал непроменет. Меѓутоа, САД го зголемувале бројот на проектилите на самостојни лансирни возила (МИРВ). Една од одредбите на договорот барал двете земји да го ограничат бројот на областите, заштитени со противракетните одбранбени системи (ПРО), на една област. СССР распоредил такви системи околу Москва во 1966 год., а Соединетите Американски Држави - околу 12 лансери на проектили во 1967 год.

Преговорите се одвивале од 17 ноември 1969 до мај 1972 год. Во текот на овој период, неколку средби биле одржани во Хелсинки и Виена. Подолг период преговорите не давале резултати и воделе во ќор-сокак, но во мај 1971 год. бил потпишан прелиминарниот ***Договор за противракетна одбрана (ПРО)***. Преговорите завршиле на 26 мај 1972 год. во Москва, со потпишувањето на ***Договорот за ПРО*** и ***Времената спогодба*** меѓу САД и СССР за одредени мерки, кои се однесувале на ограничување на стратешките офанзивни оружја.

САЛТ-I бил првата група на спогодби за ограничување на оружјето од стратешко значење и тој се засновал на документот наречен ***Декларација за основните принципи на односите СССР - САД***, во кој под точките 1, 2 и 6 стои дека: *„...двете страни се уверени дека во нуклеарниот век не постои никаква алтернатива, освен меѓусебните односи да се одржуваат на базата на мирољубива коегзистенција...“*, дека: *„...разликите во идеологиите не претставуваат никаква пречка за нормален развој на билатералните односи...“* и дека: *„...ќе ги вложат сите свои сили за да се избегне војна конфронтација и да се спречи избувнување на нуклеарна војна. СССР и САД сметаат како крајна цел на своите напори да се оствари општо и потполно разоружување и да се воспостави ефикасен систем на меѓународната безбедност во склад со целите и начелата на ООН.*“[252]

Групата на спогодби САЛТ, потпишани во 1972 год. и следните години се:

1) ***Спогодбата за балистичко-проектилска одбрана - БМД*** (англ. Ballistic Missile Defense) со која се ограничува распоредот на БМД системите на само два реона кај секоја страна;

[252] Ibid., 50.

2) ***Спогодбата за ограничување на стратешките офанзивни проектили*** со која се предвидувало 5-годишно замрзнување на вкупниот број на копнени и подморнички проектили и стратешки бомбардери на двете страни;
3) ***Протоколот за БМД***, од 3 јули 1974 год., со кој поранешната спогодба се корегирала, такашто распоредот на БМД системите се ограничувал на само еден реон (област) на секоја страна;
4) ***Договорот од Владивосток***, со кој се одредувале насоките за преговорите до 1985 год. и горната граница на вкупниот број на лансери на копно и море на 2.400, од кои само 1320 со повеќе боеви глави.[253]

Со оваа спогодба, Советскиот Сојуз имал право да изгради 2.358 лансери, од кои 950 на вкупно 62 подморници, а САД 1.764 лансери, од кои 710 на вкупно 44 подморници. Со тоа, Советскиот Сојуз имал бројна надмоќ од 594 лансери, но фактичкиот однос бил поинаков, бидејќи САД во тоа време располагале со проектилите МИРВ. Во моментот на склопувањето на оваа спогодба, всушност САД располагале со повеќе боеви глави од СССР, бидејќи проектилите „минутмен III“ (главно на копно) и „посејдон“ (главно на подморниците) биле опремени со по 3, односно со по 10 боеви глави. Вистинскиот однос во бројот на лансери на боеви глави и нивната огнена моќ т.е. односот на вкупната огнена сила, со тоа бил во функционална рамнотежа. Имено, СССР располагал со одреден број на боеви глави со многу голема огнена моќ од 25 до 50 мт. Потполно прецизен приказ на вистинскиот однос тешко може да се даде, поради тоа што некои елементи тешко е математички да се изразат. Покрај тоа, според искуството утврдено било дека само околу 80% од боевите глави од проектилите биле во исправна функција и само 80% од нив експлодирале.[254]

САЛТ-I, во суштина само ги одредил горните граници на вкупниот број лансери т.е. повеќе одредувал до која граница може да се оди во следните години. Оваа спогодба не ги намалила, ниту ги ограничила постоечките нивоа, а уште помалку значела ограничување на видовите на оружје. Може да се заклучи дека САЛТ-I дозволил натамошен пораст на оние непотребни арсенали на стратешко вооружување за взаемно уништување. Од друга страна, САЛТ-I не само што не го овозможил, туку и го поттикнувал продолжувањето на трката во вооружување. Тоа довело до понатамошно зголемување на бројот на МИРВ

[253] Ibid., 50.
[254] Ibid., 51.

проектилите и развој на нови орудија како: крстосувачките проектили, проектилите наречени МаРВ (англ. The maneuverable reentry vehicle) - со повеќе независно водени боеви глави кои самите се наведуваат на целта, корегирајќи ја својата движечка патека, како и бомбардерите Б-1 во САД и ТУ-26 во СССР.

Со договорот во Владивосток, САЛТ-I во извесна мера бил корегиран, со тоа што трката во квалитет делумно била канализирана, откако бројот на проектилите МИРВ бил лимитиран. САЛТ-I значи оставил доста проблеми за новите преговори, во кои двете страни ќе се соочат и со многу нови прашања. На пример, со прашањето за контролата, кое повторно се појавило поради отежнатиот увид во бројот на боевите глави на проектилите МИРВ, поради тоа што биле подвижни проектили, потоа поради можноста да се маневрира со лажни проектили, како и поради превратот во Иран, каде САД имале свои електронски инсталации за извидување на територијата на СССР.[255]

- ***САЛТ-II*** - Со првата спогодба САЛТ не ја снемало желбата и на САД и на СССР, на некој начин, да остварат надмоќ во однос на спротивната страна. САД, пред сé, настојувале да ги задржи и сочува порано стекнатите предности во некои области, а СССР да ја достигне и да ја надмине силата на американскиот нуклеарен арсенал. Ваквите настојувања биле поттикнувани од недостатоците на САЛТ-I, а тоа биле немањето решенија за проблемите во трката во областа на технологијата, односно во областа на квалитетот и неспособноста бројчано да се дефинираат квалитетните вредности на едната и на другата страна. Имено, сé потешко било било да се контролираат новите нуклеарни оружја со дотогаш прифатените средства за нивна контрола. Исто така, останал проблемот со верификацијата на спогодбата и нејзино спроведување во живот. На крајот, останале и тенденциите на обете суперсили за понатамошни вложувања во производството и развојот на нови нуклеарни стратешки оружја.

Со такво наследство и оптеретување започнале преговорите за САЛТ-II во 1973 год., една година по потпишувањето на спогодбата САЛТ-I во Москва. Преговорите САЛТ-II за ограничување на производството на нуклеарно оружје, кои се одвивале во периодот од 1973 до 1979 год., всушност, биле продолжување на преговорите за САЛТ-I.

---

[255] Ibid.




**Слика 10. Редослед на лансирањето на MINUTEMAN III (МИРВ)**
(Извор: *http://www.mindmap.0rg.pl/?mindmap=MIRV*)

Меѓутоа, скоро три години двете суперсили не успеале да изградат насоки за новата спогодба за ограничување на стратешкото оружје. Договорот од Владивосток, кој бил потпишан во ноември 1974 год., ги одредил новите т.н. идни граници на стратешките арсенали, но скоро сите наведени проблеми и прашања ги оставил нерешени.

Кон крајот на март 1977 год., администацијата на американскиот претседател Џими Картер направила обид радикално да се изменат целите на преговорите САЛТ. Новиот американски предлог содржел две варијанти:

1) Првата, т.н. *Сеопфатен предлог* ги содржела следните предлози:
   - горната граница на лансерите од Владивосток да се намалат на 1.800 до 2.000 (од тие само 550 би биле со МИРВ технологија),
   - бројот на советските тешки МИРВ проектили да се сведе на само 150, тестовите за интерконтиненталните балистички проектили од копно и од подморници да се сведат на шест пати годишно,
   - да се забрани воведување и употреба на системи, развиени на база на постоечките (на пр. проектилот СС-18 бил изведен од проектилот СС-9) и
   - дометот на крстосувачките ракети, кои се лансираат од копно и море, да се ограничи на 600 км, а оние кои се лансираат од авион на 2.500 км;

2) Втората варијанта, наречена *План на одложување*, која САД помалку ја посакувале, ја прифаќала горната граница од 2.400 лансери вкупно и предвидувала, останатите непријатни прашања за кои не била постигната согласност, да се одложат за подоцнежните рунди од разговорите. Во тие прашања спаѓале и проблемите со советскиот стратешки бомбардер ТУ-26 и крстосувачките проектили;[256]

Овие обиди на американскиот преговарачки тим доживеале потполно фијаско, откако советските претставници одбиле да разговараат и за двете варијанти, притоа изјавувајќи дека американските предлози, всушност значат еднострана желба да се оствари стратешка предност на САД, а на штета на Советскиот Сојуз. Отрезнувањето од овој неуспех во последната фаза од преговорите набрзо следело, откако кон крајот на 1977 год. двете делегации започнале сериозна, истрајна и мирна работа во градењето на договори, потребни за изработка на нацрт-спогодбата. Обете страни, без сомнение, биле свесни дека алтернатива на спогодбата нема, односно дека единствена алтернатива, во случај на неуспех, би била уништувачка трка во вооружување, па и можен нуклеарен судар. Резултатот од ваквиот приод на проблемот бил Нацрт-план за договор во три точки, кој опфатил некои елементи од договорот од Владивосток и некои од предлозите, содржани во неуспешниот американски предлог од март 1977 година. Рамките на овој Нацрт биле следниве:

1) Осумгодишен договор, кој би ги одредил/лимитирал горните граници на бројот на лансери на страешките орудија, како и посебни подграници на системите на МИРВ,
2) Тригодишен протокол, врз основа на кој, обете страни би се обврзале дека ќе го ограничат воведувањето на нови системи, посебно крстосувачките проектили и тешките проектили и
3) Изјава за принципите, во која двете страни би ги прифатиле обврските за значителните намалувања на постоечките оружја и за воздржувањата од развојот на нови оружја во иднина;[257]

Советската страна ги прифатила овие рамки, но се спротивставила на барањето да се прекине со воведувањето во употреба на стратешките проектили СС-18 и крстосувачките проектили во текот на траењето на важноста

[256] Ibid., 53.
[257] Ibid., 55.

на тригодишниот протокол. Од друга страна, САД се спротивставиле на советските напори, крстосувачките проектили да се вклучат во осумгодишниот договор, наместо во тригодишниот протокол. Поради тоа, повторно дошло до прекин на преговорите. Сé до посетата на советскиот министер Громико на Вашингтон, во септември 1977 год., не бил постигнат компромисен договор. Всушност, компромисот бил во тоа што САД се сложиле СССР да продолжи со модернизација на своите тешки проектили, вклучувајќи го и СС-18, сé додека не се достигне границата од 313 проектили, која била одредена уште со спогодбата САЛТ-I во 1972 година. За возврат, СССР прифатил прашањето за крстосувачките проектили да се вклучи во тригодишниот протокол, а не во договорот САЛТ. Договорот за ограничување на бројот на стратешките проектили бил постигнат во Виена на 18 јуни 1979 год. Исто така, се воведувало и ограничување на употребата на нуклеарното вооружување во вселената. Договорот бил потпишан од страна на Леонид Брежнев и Џими Картер.

Содржината на САЛТ-II ги опфаќал следниве ограничувања и насоки. Вкупниот број на сите лансери од 1 јануари 1982 год. на обете страни треба да биде по 2.250 лансери. Од тоа, бројот на МИРВ проектилите може најмногу да изнесува 1320, а бројот на МИРВ проектилите на копно и на подморници, од 1 јануари 1982 год., вкупно по 1.200, а само на копно вкупно по 820 проектили. Тоа е најкусата содржина на Спогодбата, која важела до 31 декември 1985 год., а протоколот важел 3 години. Всушност, тоа е конечниот резултат на скоро 7-годишните преговори.

Шест месеци по потпишувањето, Советскиот Сојуз го испратил т.н. „*ограничен воен контингент*“ во Авганистан, па така договорот никогаш не бил ратификуван од страна на Сенатот на САД. Сепак, неговите одредби се почитувале од двете страни. Интересно е да се види како изгледале стратешките арсенали на истекот од оваа спогодба во 1985 година. Според проценките на западните извори, ситуацијата била следна:

- САД располагале со 464 интерконтинентални балистички проектили на копно, а СССР со 820 проектили. Состојбата на подморниците би била следна: САД 736, а Советскиот Сојуз 352 проектили. Тоа значи дека САД имале точно 1.200 проектили т.е. колку што е одобрено со Спогодбата, а СССР 1.172 или 28 проектили помалку од одобрениот број;

- Според тие податоци САД располагале со 135 стратегиски бомбардери, а Советскиот Сојуз со ниту еден;
- САД истовремено имале 504 проектили со една боева глава на копно, а Советскиот Сојуз 360. На подморниците САД немале ниту еден проектил, кој не е МИРВ, а СССР имале 624 такви проектили. Бомбардери без крстосувачки проектили САД имале 225, а СССР 90 бомбардери. Значи вкупно САД имале 2.064, а СССР 2.264 проектили.[258]

Доаѓањето на Горбачов на чело на СССР значително ги забрзало преговорите за разоружување, такашто во декември 1987 год. претседателите Роналд Реган[259] и Михаил Горбачов на самитот на двете земји во Вашингтон потпишале ***Договор за уништување на проектили од среден домет***.

- **СТАРТ I и II** - Во 1991 год. бил потпишан ***Договорот за намалување на стратешкото вооружување (СТАРТ- I)***, со кој за 1/3 бил намален бројот на нуклеарните воени арсенали на суперсилите. Договорот за намалување на стратегиското вооружување I или СТАРТ-I бил потпишан од страна на Џорџ Буш постариот и Горбачов на 31 јули 1991 год. во Москва, а стапил во сила на 5 декември 1994 год. и бил со важност до 5 декември 2009 година. Според него, СССР и САД во рок од 7 години требало да го намалат бројот на проектилите со долг дострел и нуклеарните боеви глави од 10.000 на 6.000 единици, а боеви глави на бомбардерите - СССР би можеле да имаат 6.500, а САД - 8500. Договорот, исто така, забранувал производство, тестирање и распоредување на балистички проектили на воздухоплови и подморници, балистички и крстосувачки проектили, како и орбитални проектили. Договорено било и тоа, мобилните нуклеарни системи, базирани на земја, да се распоредат само во строго ограничени области. Реализацијата на договорот била попречена од настаните кои се развиле со распадот на СССР. Во мај 1992 год., во Лисабон бил потпишан дополнителен протокол, со кој на договорот се приклучиле Украина, Казахстан и Белорусија. На 6 декември 2001 год., владите на Руската Федерација и САД изјавиле дека ќе ги исполнат преземените обврски од СТАРТ-1. Според воените експерти, тогаш Руската Федерација имала 1136

[258] Ibid., 57.

[259] Роналд Реган (1911-2004) бил 40-тиот претседател на САД од 1981 до 1989 година. Се залагал за цврста монетарна политика и либерализација на пазарот, ги намалил државните трошоци и инфлацијата и придонел за зголемување на вработеноста во САД. Успешно ја решил кризата со американските заложници во Иран и ги подобрил односите со СССР.

стратешки носачи (лансери) и на нив разместени 5518 нуклеарни боеви глави, а САД - 1237 нуклеарни носачи и на нив 5.948 боеви глави.

- Горбачов, истата 1991 год., објавил мораториум за вршење на нуклеарни проби, на кој се придружила и Франција, а САД на тоа се согласиле во 1992 година. Со дипломатски активности на САД, мораториумот го прифатила и Велика Британија, која нуклеарните тестови ги вршела во САД.

Процесот на нуклеарното разоружување продолжил и по падот на СССР, со потпишувањето на новиот ***Договор за намалување на стратегиското вооружување II (СТАРТ II)*** меѓу САД и Руската Федерација (РФ) во јануари 1993 година. Со овој договор било предвидено намалување на американските и руските нуклеарни проектили со долг дострел за две третини и на нуклеарните боеви глави од 6.000 на 3.500 до 3.000 по страна. Официјален Вашингтон го ратификувал договорот во 1996 год., но наишол на силна опозиција во руската Дума, каде доминирале партиите на левицата и националистите. Но, по интензивно лобирање на рускиот претседател Владимир Путин и Думата во 2000 год. го ратификувала договорот. За 2007 год. бил предложен СТАРТ III.

- **СОРТ** - Откако администрацијата на американскиот претседател Буш (помладиот) се повлекла од СТАРТ III, тој бил заменет со многу „послабиот" ***Договор за намалување на стратегиското офанзивно вооружување (СОРТ)*** или т.н. ***Московски договор***. Овој договор предвидувал обострано намалување на стратешкото нуклеарно вооружување и нова *„стратегиска нуклеарна работна рамка*". Исто така, сите земји биле повикани да ги усвојат принципите за неширење на нуклеарното вооружување со цел спречување, терористите или оние земји, кои ги подржуваат нив, да дојдат во можност да поседуваат или развиваат оружје за масовно уништување и со него поврзаните материјали, опрема и технологија.

Понатамошните преговори довеле до потпишување на ***Договорот за намалување на стратегиското вооружување*** или познат како ***Нов СТАРТ***, меѓу Соединетите Американски Држави и Руската Федерација. Тој бил збир на мерки за натамошно намалување и ограничување на стратешкото офанзивно вооружување. Договорот бил потпишан на 8 април 2010 год. во Прага и по ратификацијата, стапил на сила на 5 февруари 2011 година. Се очекува да трае најмалку до 2021 година.

## VII.3.3. Останатите договори помеѓу САД и СССР за ограничување на вооружувањето

Покрај погоре изложените мошне важни Договори за ограничување и намалување на стратешкото вооружување (САЛТ, СТАРТ и СОРТ), САД и СССР, во периодот на Студената војна, потпишале и други договори и спогодби за разоружување, намалување и ограничување на нуклеарното вооружување:

1963 - **Договорот за делумна или ограничена забрана на нуклеарни проби**: Забрана за нуклеарни проби во атмосферата, под вода и Вселената.

1968 - **Договорот за неширење на нуклеарното вооружување (NPT)**. Потпишан од страна на САД, СССР, Велика Британија, Франција и Кина, како петте *„нуклеарни земји“* и други 187 земји, членки на ООН.

1972 - **Договорот за противракетна одбрана (ПРО)** или **за Анти-балистичките проектили (АБМ)**, помеѓу САД и Советскиот Сојуз, за ограничување на анти-балистичките системи, кои се користат во заштита од ракетен напад. Овој договор бил откажан од САД во 2002 година.

1973 - **Спогодбата за спречување на (или превенција од) нуклеарна војна**: Обврски на САД и СССР да се консултираат една со друга во услови на можна нуклеарна конфронтација.

1974 - **Договорот за ограничување (нуклеарен „праг“) на нуклеарните проби (TTB)**: Воспоставување на нуклеарниот „праг“ на ниво од 150 кт, односно забрана на нуклеарните тестови со јачина на моќност поголема од 150 кт.

1987 - **Договорот за уништување на нуклеарните проектили со среден дострел (INF)**: Елиминирање на тактичките („фронтовски“) нуклеарни системи и крстосувачки проектили со лансери на земја во Европа.

1994 - **Договорот за меѓусебно негаѓање** (англ. Mutual Detargeting Treaty): Соединетите Држави и Руската Федерација повеќе да немаат автоматски цели едната во другата земја; нуклеарните сили веќе не функционирале на начин кој претпоставува дека двете нации се непријатели.

1996 - **Договорот за сеопфатна забрана на нуклеарните проби (CTBT)**. Забрана на сите нуклеарни експлозии во сите услови; потпишан од 180, а ратификуван од 148 држави. САД го потпишале, но не го ратификувале.[260]

---

[260] Повеќе за овие договори види: Виоти, Пол и Каупи, Марк, *Меѓународни односи и светската политика : безбедност, економија, идентитет*, Скопје : Академски печат, 2009, 269-309, Поглавје 9: „Контрола на глобалното вооружување“.

## Глава VIII

## Крајот на Студената војна и распуштањето на Варшавскиот пакт - почетокот на транзицијата во земјите од Источна Европа

По повеќе од четири децении се појавиле првите знаци дека се ближи крајот на Студената војна и меѓусебниот натпревар во вооружување и за доминација и превласт во светот. Едната од спротивставените страни т.е. Советскиот Сојуз ќе снема сили и економска поткрепа за натамошно одржување на воениот баланс и противтежа против сѐ помоќниот, во економска и воена смисла, Запад, предводен од страна на Соединетите Држави.

Крајот на Студената војна, односно распуштањето на Варшавскиот пакт, може периодично да се подели на три фази:

1) 1985-1986 година,
2) 1987-1989 година и
3) 1990-1991 година.

Во првата фаза внатрешните односи меѓу источноевропските сојузници ги запазиле карактеристични особености на претходниот период со еден постојан дисидент во лицето на Романија и со декларативните апели за *„цврстина и промена“* во стилот *„Андропов“*. Пред и за време на „кадифените револуции“ во Источна Европа, карактерот на внатрешните противречности и разлики во ставовите бил многу подлабок и разностран.

Во втората фаза се издвоиле слични реакции и групирања на одделни земји и започнал периодот на *„перестројката“* и *„гласноста“* на Михаил Горбачов, кои подоцна го достигнале својот зенит, со сѐ посилен ефект и на Запад. *„Перестројка“* е општото име на реформите и новата идеологија на советското партиското раководство. Овој термин се користи за означување на процесите, иницирани од Горбачов во економската и политичката структура на Советскиот Сојуз во периодот од 1987 до 1991 година. Како почеток на *„перестројката“* се смета јануари 1987 год., кога на пленарната седница на Централниот комитет на КП на Советскиот Сојуз била најавена новата насока за реструктуирање во развојот на државата. *„Гласност“* е политички термин со кој се одбележува политиката на максимална транспарентност во активностите на владата и слободата на информирање во СССР во „ерата“ на Горбачов, во

втората половина на 80-тите години. „*Гласноста*“ била главна компонента на политиката на „*перестројката*“ и се одликувала во значително слабеење на цензура и отстранување на многу информациски бариери, кои постоеле во советското општество. „*Перестројката*“ и „*гласноста*“ се директно поврзани со името на Генералниот секретар на КПСС - Горбачов, кој ги иницираше големите коренити и суштински промени во сите сфери на советското општество.

И покрај широко прокламираните јавни декларации за пријателство и целосно идентичните ставови помеѓу СССР и земјите-членки, во 1987 год. се појавиле првите знаци на меѓусебна недоверба и заладување, дури и во односите помеѓу бугарскиот лидер Тодор Живков и Горбачов. Такво нешто Живков никогаш не дозволувал при контактите со Хрушчов и Брежнев. Исто така, сѐ повеќе заладувале и контактите на Горбачов со „*конзервативните*“ шефови на Источна Германија и Чехословачка - Ерих Хонекер и Густав Хусак, а односите со Чаушеску и понатаму останале сосем формални. Сепак, општата атмосфера за време на повеќекратните средби на лидерите на земјите-членки на Варшавскиот пакт, во текот на целата 1987 год. (вклучувајќи ја и последната средба во Берлин на 11 декември, веднаш по посетата на Горбачов во Вашингтон), продолжила да биде оптимистичка, а истовремено била создадена „подлога“ за една надворешно-политичка „офанзива“.

Во 1987 год., во рамките на Варшавскиот пакт, јасно се манифестирало уште едно продлабочување на противречностите помеѓу двете држави-членки Романија и Унгарија, овој пат на етничка основа. Во 1987 год. односите меѓу двете земји се влошија, поради романската програма за рурална систематизација. Имено, со неа се планираше уривање на илјадници села (меѓу нив и многу унгарски) во Трансилванија и преселување на населението во градовите, каде Романците имаа апсолутно мнозинство. Тоа Унгарците го сметаа како обид за етничко чистење на унгарското малцинство во Романија. Голем број етнички Унгарци ја напуштија Романија и пребегаа во матичната земја. Истовремено, во Будимпешта 40.000 луѓе протестираа пред романската амбасада. По демонстрациите, а на романско барање, Унгарија ги затвори конзулатот во Клуж и амбасадата во Букурешт. Сепак, романско-унгарскиот спор било разгледуван само во рамките на пактот. Во обид да се решат некои од прашањата околу правата на унгарското малцинство во Романија, новиот унгарски лидер Карољ Грос се сретна со Чаушеску во август 1988 год. во

романскиот град Арад. Тоа беше прва средба на лидерите на двете земји по повеќе од 10 години. Но, разговорите беа залудни, откако Романците ги отфрлија унгарските предлози за повторно отворање на дипломатско-конзуларните претставништва и да се прекине со руралната систематизација. Набргу потоа, за прв пат во историјата на Варшавскиот пакт, еден билатерален конфликт помеѓу земјите-членки бил интернационализиран. Во наредниот период Унгарија го покренала прашањето во врска со унгарското малцинство во Романија, па дури и побарала индиректна западна поддршка за тоа.

Во истиот период избил сличен етнички спор, но сега помеѓу членка на Варшавскиот пакт - Бугарија и земја од НАТО - Турција. Бугарскиот режим, на чело со Тодор Живков, започнал кампања за промена на личните имиња на припадниците на турското малцинство, заменувајќи им ги турските со бугарски народни имиња. Жестоката реакција на Турција и меѓународната заедница, Бугарија ја претставила како дел од *„агресијата на империјализмот врз социјализмот*". Но, сојузниците од пактот, со исклучок на СССР, одбиле да ја поддржат Бугарија во тоа. Сепак, до 1989 год. овие внатрешни противречности во Варшавскиот пакт биле прикриени и не излегувале на површината.

Друг значаен проблем кој се јавува во текот на 1988-1989 год., во односите на Москва со своите источноевропски сојузници, биле сé порешителните барања на Унгарија и Полска за драстично намалување и отстранување на советските војски од нивна територија. Исто така, внатрешно-политичките случувања во Унгарија и во Полска и понатаму предизвикувале големи дискусии.

Се издвоиле две спротивставени тенденции во позициите на земјите-членки на пактот, јасно изразени уште за време на XVIII седница на Советот на министрите за надворешни работи Варшавскиот договор, одржана во април во Берлин. Од една страна, Бугарија[261], Романија и Германската ДР сé поотворено упатувале напади кон Москва и другите сојузници за направените „отстапки" пред Западот и за предизвикување на внатрешна криза во *„социјалистичкиот систем*". Од друга страна, Чехословачка, Унгарија и Полска се заземале за

[261] Како и во претходните децении, бугарската влада продолжувала да одржува пријателска политика кон Москва, речиси до крајот на 1990 година. Дури во завршната фаза од распадот на Источниот блок, започнале да се појавуваат одделни разлики меѓу позициите на СССР и Бугарија, главно по прашањето за бројот на предвидените намалувања на војници и вооружувањето (м.б.).

еден неконфронтирачки и вонблоковски пристап, како и за радикално реформирање на социјалистичкиот општествено-политички поредок, вклучувајќи го и воведувањето на плуралистичка парламентарна демократија, нешто што било незамисливо до тој момент. Всушност, овие три земји од Централна Европа ќе ја имаат главната улога во распадот на советскиот блок.

На состанокот на ПКК (Букурешт), во јули 1989 год., беше решено дека секоја држава има право да води самостојна политика. Со тоа беше поништена претходната „*доктрина за ограничен суверенитет*" на Брежнев, што всушност, значеше „почеток на крајот" на Варшавскиот пакт. Значително влијание врз развојот на настаните во Источна Европа, секако имаше и обединувањето на Германија. На 8 ноември 1989 год. беше срушен Берлинскиот ѕид, по што во 1990 год. дојде до обединување на Германија, а тоа значеше и крај на постоењето на ГДР - поранешниот верен советски сојузник.

Последната фаза го бележи неумоливиот распад на источноевропскиот воено-политички сојуз. Кремљ, „срамежливо" и задоцнето, се обидел да влијае врз ситуацијата, поради што таквиот обид беше осуден на неуспех. Будимпештанскиот протокол од 1991 год. го означи крајот на постоењето на Организација на Варшавскиот договор. На 30 јуни 1991 год. започна последниот состанок на ПКК во Прага, под раководство на чехословачкиот претседател Вацлав Хавел. Следниот ден на 1 јули 1991 год., новите демократски државни лидери на земјите-членки го објавија распуштањето на Варшавскиот пакт. Притоа беа потпишани: ***Протоколот за прекинување на важноста на Договорот за пријателство и соработка и взаемна помош*** (од 14 мај 1955 год.) и ***Протоколот за продолжување на рокот на важноста на Договорот за пријателство и соработка помош*** (од 26 април 1985 год.).

Од 1991 до 1994 год., започна постепеното повлекување на советските трупи од Чехословачка, Унгарија, Источна Германија и Полска, со што се стави точка на историското постоење на Варшавскиот пакт. Во декември 1991 год., лидерите на Русија, Украина и Белорусија (земји-основачи на СССР) го објавија престанокот на ***Сојузниот договор*** од 1922 год. и ги потпишаа документите за создавање на Заедницата на независни држави. Распадот на Советскиот Сојуз и Варшавскиот пакт, воедно го означи и крајот на Студената војна. Со тоа, на европската и светската сцена остана да функционира единствено НАТО пактот, како систем за колективна безбедност.

Во светот предизивка огромен потрес она што се случуваше во Источна Европа во 1989 год., кога светот претрпе драматични промени како резлутат, главно, на радикалните политички промени, воведени од страна на советскиот лидер Михаил Горбачов со *„Перестројката“*. Иако, многу експерти и аналитичари се надеваа дека неколкуте реформи на Горбачов ќе го направат светот побезбедно и похумано место, сепак, ретко кој го предвиде падот на комунизмот и Берлинскиот ѕид.[262]

Малкумина веруваа дека овој радикален општествено-политички процес, може да се одвива по мирен пат. Дури и западните политички центри на моќ не ги испланирале таквите процеси на *„Перестројката“*. Повеќето експерти на меѓународните односи претпоставуваа дека Студената војна, која дотогаш однесе 25 милиони жртви, ќе продолжи и беа изненадени кога таа заврши по мирен пат.[263] Дури и познатиот американски политичар и државен секретар (1969 - 1977), од периодот на зенитот на Студената војна, Хенри Кисинџер[264], мислел дека не е можно некакво реформирање на Советскиот Сојуз. Прифаќањето на светот каков што е, а не каков што сакаме да биде (што значи постигнување на разбирање со СССР на Брежнев), за Кисинџер значи *„политичка зрелост“*. Ова не било единствено гледиште. Скоро сите што професионално ги изучувале политиката и надворешните односи верувале во *„постојаноста на комунизмот“* и затоа неговото светско пропаѓање, кон крајот на 80-тите години на минатиот век, било наполно неочекувано.

Нормално, многумина од Западот го поздравија крајот на Студената војна и премавнувањето на социјалистичкиот економско-политички систем, во кој, според аналитичарите од западните земји, на луѓето им биле ускратени слободите и правата, а со тоа и нивниот напредок. Дури, прочуениот филозоф и политичко-економски аналитичар Френсис Фукујама го толкува падот на социјализмот како конечен крај на историјата, тврдејќи дека западната либерална демократија е крајна точка на социокултурната и идеолошката еволуција на човештвото и конечна форма на човековото политичко

---

262 Бејлис, Џ., Смит, С., и Овенс, П., *Глобализацијата на светската политика*, Скопје : Табернакул, 2009, 72

263 Ibid., 72-73.

264 Хенри Кисинџер (род. 1923) бил американски политичар и дипломат. Бил државен секретар од 1969 до 1977 г. и во тој период одиграл важна улога во американската политика. Добитник е на Нобеловата награда за мир. Тој бил поборник на реалната политика во меѓународните односи и битно придонел во попуштањето на затегантоста во американските односи со СССР и Кина во текот на 70-тите години и во смирувањето на израелско-арапските тензии (м.б.).

уредување. Од друга страна, премавнувањето на социјалистичкиот систем кај западните политички центри постави низа проблематични прашања. Задачите со кои се соочија изгледаа многу големи, и тоа, од институционалната што подразбираше пронаоѓање нови задачи за колективните организации како НАТО, Обединетите Нации и Европската унија, до економскиот предизвик на олеснување на транзицијата во земјите што немаат искуство во водењето на пазарна економија и воспоставувањето на политички плурализам.[265]

Поранешните социјалистички земји од Источна и Централна Европа, како и од поранешниот СССР, во почетокот на 90-тите години на XX век започнаа со транзицијата на своите економски и општествено-политички системи. Транзицијата, пред сé, го означи патот на овие земји од еднопартиски политички систем во западен либерален систем на парламентарна демократија, како и патот од социјалистичко државно-планско стопанство во капиталистичка пазарна економија, а со тоа и приватизација на поранешното државно стопанство. Транзицијата, која бараше и радикални внатрешни реформи, поранешните земји од Варшавскиот пакт, повеќе или помалку, главно тешко ја пребродуваа со тешки последици врз целото општество. Посткомунистичкиот период кај одделни земји од поранешниот Варшавски пакт, исто така, бил обременет и со појави на национализам и меѓуетнички судири. Истовремено овој период на транзиција значеше и почеток на периодот на глобализација на светските економски и општествено-политички процеси.

Периодот на транзицијата, во 90-тите години на XX век, се разликуваше од една до друга поранешна социјалистичка земја од советскиот блок и земјите кои се појавија на европската сцена со распадите на поранешните СССР и СФР Југославија. Речиси сите тие земји јасно ги изразуваа своите претензии за членство во единствениот блок, кој преостана на светската сцена - НАТО и за интеграција во Европската Заедница (Унија), очекувајќи дека ќе наидат на релативно лесен прием. Меѓутоа, НАТО, а посебно Европската Заедница поставија низа услови и барања, кои требаше да се исполнат од страна земјите-претенденти, меѓу кои најважни беа спроведување на слободни повеќепартиски избори и извршување на успешна приватизација на стопанските капацитети.

[265] Бејлис, Џ., Смит, С., и Овенс, П., op. cit., 74.

Со крајот на Студената војна и исчезнувањето од глобалната политичката сцена на Варшавскиот пакт, геополитичката карта на Европа и Светот доживеа историски промени со што, може да се каже, започна нова ера на европската и на светската историја или пак можеби, според тврдењата на Фукујама, го доживеавме и крајот на историјата. Всушност, започна периодот на глобализацијата[266] на научно-технолошкиот, економскиот, политичкиот и културниот развиток на земјите во светот. Сѐ повеќе, насекаде околу нас ги сретнуваме и се соочуваме со термините како: „*глобален развој*“, „*глобална политика*“, „*светски поредок*“, „*глобална заедница*“, „*глобална интеграција*“, „*глобален тероризам*“ итн., а со навистина брзиот развиток на информатичко-електронските и комуникациските технологии, светот заличува на „глобално село“, како што и предвидел канадскиот медиумски теоретичар Маршал Меклуан во 1964 год., во своето дело *Разбирање на медиумите*[267].

[266] Поопширно за глобализацијата кај: Бејлис, Џ., Смит, С., и Овенс, П., Ibid., 2-33.
[267] Наведено во: Ibid., 9.

# Глава IX
# Значењето и улогата на Варшавскиот пакт во меѓународните односи и Студената војна во втората половина на XX век

## IX.1. Значењето и улогата на Варшавскиот пакт

По завршувањето на Втората светска војна се создаде нова структура на глобалните меѓународни односи, во кои Соединетите Држави и Советскиот Сојуз се издвоиле како воено најсилни земји-победнички, но меѓусебно противречни и раздвоени со непомирливите идеолошки разлики, како и различните општествено-политички и економски системи. Во овие различни системи почивал и антагонизмот на капиталистичкото и социјалистичкото економско и политичко уредување. Во таквите околности, како своевиден „бедем“ пред советскиот експанзионизам во Европа, бил формиран НАТО пактот со цел - јакнење на одбрамбените сили на државите-членки на овој пакт, планирање на заедничка одбрамбена политика и проширување на соработката на сите останати подрачја, пред сé стопанското. На советска реакција не требало долго да се чека и шест години по создавањето на НАТО пактот (1949 год.), бил создаден Варшавскиот пакт, под патронат на СССР.

Варшавскиот пакт бил создаден на 14 мај 1955 год., како резултат на потпишувањето во Варшава на повеќестраниот ***Договор за пријателство, соработка и взаемна помош***, од страна на шефовите на владите на Албанија, Бугарија, Чехословачка, ГДР, Полска, Романија, Унгарија и СССР. Создавањето на воениот блок на европските социјалистички земји бил одговор на создавањето на НАТО, на порастот на членките на Западноевропската унија[268], а особено на приемот на СР Германија во структурите на НАТО на 6 мај 1955 година. Варшавскиот пакт, во согласност со член 51 од Повелбата на Обединетите Нации[269], бил официјално регистриран во секретаријатот на ООН како регионален и одбрамбен воено-политички сојуз. Како што веќе беше напомнато, Договорот бил потпишан на рок од 20 години; во 1975 год. бил продолжен на 10 години, а во 1985 год. - на уште 20 години.

[268] Италија и Германија биле примени во Западноевропската унија во 1954 (м.б.).
[269] Kałużny, Ryszard, op. cit., 190.

Може да се каже дека Варшавскиот пакт бил производ на Студената војна и одговор на воено-политичкото поврзување на западните капиталистички земји. Тој бил формиран како противтежа на Северноатлансткиот пакт, а идејата водела потекло уште од последните години на Втората светска војна, кога Советите најавиле дека би се формирале два идеолошки центри на моќ на светско ниво. Варшавскиот пакт го легитимирал присуството на советските војски во Источна Европа, по завршувањето на окупацијата на СР Германија и Австрија во мај 1955 година. Исто така, тој ја институционализирал советската контрола над армиите и надворешните политики на земјите од Источна Европа, не дозволувајќи им да имаат сопствена национална територијално-одбрамбена стратегија. Варшавскиот пакт станал реална воена организација во почетокот на 60-тите години со концепцијата за тотална нуклеарна војна, во која армиите на земјите-членки би биле вооружени со нуклеарно оружје и подготвени за воено учество во првиот ешалон на советската офанзивна операција, во која Европа би била фронт на нуклеарни воени дејства.

Една од основните функции на Варшавскиот пакт била легитимирање на евентуална советска воена интервенција во случај на опасност по советските интереси во Источна Европа - формулирана по инвазијата на Чехословачка како „***доктрина за ограничен суверенитет на државите од советскиот блок***". Таква воена интервенција на Здружените вооружени сили на Варшавскиот пакт во земја-членка била извршена во Чехословачка во 1968 год., која била и нивна единствената воена акција. За разлика од оваа интервенција, Унгарската револуција во 1956 год. била задушена од страна на советските војски, под команда на маршал Конев - командантот на Здружените вооружени сили на Варшавскиот пакт. Во 1981 год. подготовката за воена интервенција на војските на Варшавскиот пакт, крај границите со Полска, предизвикало воведување на воена состојба во земјата.

СССР со двострани договори ги уредувал присуството на своите војски (чл.5 од Варшавскиот договор), воеността производство и трговија, како и контролата над нуклеарното оружје. Двостраните договори за присуство на советски војски биле обновени: со Полска на 17 декември 1956 год. (по Полскиот октомври); со ГДР во март 1957 год.; со Унгарија на 28 мај 1957 год. (по задушувањето на револуцијата), а со Чехословачка бил потпишан на 16 октомври 1968 год. (по воената интервенција).

Највисок политички орган на Организацијата на Варшавскиот договор бил Политичко-консултативниот комитет (ПКК), на чиишто советувања учествувале комунистичките лидери на земјите-членки. Под формата на орган за консултации по сите важни прашања на меѓународните односи, Политичко-консултативниот комитет бил користен од страна на СССР за наложување на единствена надворешна блоковска политика и за колективен притисок врз некоја земја-членка, доколку ќе пројавела и најмала самостојност (во различни периоди - Албанија, Романија, Унгарија, Чехословачка и Полска).

За разлика од НАТО, во кој воените и цивилните структури биле во сложено взаемно дејство на воено-политичките односи со испреплетен, но јасно определен и потполно функционален систем на демократија и хиерархија, Варшавскиот договор бил воен сојуз со развиен единствен систем на планирање, водење и командување.

Со создавањето на воено-политичките блокови се создале услови за развој на една мултилателарна воена дипломатија, каква денес ја знаеме. Нејзината првична улога била решавање на отворените воено-политички прашања помеѓу сојузничките земји, внатре во секој одделен блок, како и усогласување и координирање на заедничкото функционирање на повеќенационалните воени структури, поради што повеќето штабови и повисоките оперативни состави ја губеле еднонационалната компонента. Заемната оперативност на единиците и повеќенационалниот состав на воените штабови, врховната команда и разните административни структури, на блоковите им наложувале голема променливост на бројот на кадрите и потреба од организирање на нови стандарди и методологии. Стандардизацијата на мерките и оперативните процедури, со кои одела и стандардизацијата на вооружувањето, воената опрема и системите на водење и командување, станале приоритет на дејствувањето на мултилатералната воена дипломатија.

Во тој контекст, далеку поголеми предизвици стоеле пред мултилатералната воена дипломатија на НАТО пактот, бидејќи неговите вооружени сили, првенствено, биле организирани како збир на национални сили на неговите земји-членки. Имено, секоја земја-членка градела сопствени вооружени сили со специфична организациска структура, систем на водење и командување, воена индустрија и слично, кои ги вклучувале во заедничката структура на пактот. Во согласност со тоа, во воената структура на НАТО пактот

регионалните компетенции на командите биле доста високи, со прилично висока самостојност во нивното планирање и оперативниот надзор. Поради сето тоа, повисоките командни инстанци во НАТО пактот имале, главно, координациска улога.

Од друга страна, во Варшавскиот договор, СССР остварил апсолутна доминација, па вооружените сили на сојузничките армии биле организирани и структуирани, не само по примерот на советската армија, туку во најголем можен начин и исто како неа. Поголемиот дел од сојузничкиот офицерски кадар се школувал во советските воени академии, а највисокиот команден кадар скоро стопроцентно бил со завршено советско воено образование. Советските воено-индустриски капацитети бил најголемиот снабдувач на земјите-членки на Варшавскиот пакт со воена опрема и вооружување, додека воената индустрија на земјите сојузнички, главно, имала второстепено значење. Системот на водење и командување бил организиран строго хиерархиски, на чело со единствена команда и идентична командна структура за сите земји-членки на пактот, па во тој контекст, сите поважни функции во тие структури ги заземале советски офицери.



**Слика 11. Лидерите на земјите-членки на Варшавскиот пакт на состанокот на ПКК во Берлин (ГДР) на 29 мај 1987 година** (Од лево кон десно: Густав Хусак, Тодор Живков, Ерих Хонекер, Михаил Горбачов, Николае Чаушеску, Војцех Јерузелски и Јанош Кадар)

(Извор: http://www.v-like-vintage.net/uploads/images/Cropped700/00054592.jpg)

Подоцна, со развојот на детантот, се појавила потребата и за меѓусебно комуницирање на двата спротивставени блока, па така биле воспоставени постојани воени мисии во седиштата на нивните највисоки тела. Сé повеќе доаѓале до израз намалувањето на тензиите и ширењето на меѓусебната блоковска комуникација, а посебно по потпишувањето на договорите САЛТ-I и САЛТ-II. Со унапредувањето на програмата за нуклеарно разоружување, мулилатералната воена дипломатија сé повеќе попримала улога на контролен механизам во спроеведувањето на одделните одредби на тие договори и програми. Со завршувањето на Студената војна и исчезнувањето на блоковската поделеност, задачата на мултилатералната воена дипломатија дополнително се проширила и на некогашните вонблковски земји. Таа во Европа станала основен механизам во создавањето на доверба и надзор врз производството, распределбата и распоредувањето на офанзивните вооружени системи. Освен воените мисии, како главен инструмент на воено-дипломатскиот мулилатерализам, сé поважна улога добивале и специјализираните воени комисии, чија задача била да ги следат процесите на разоружување и контрола на редукцијата на оружјето за масовно уништување.

Официјалната документација на Варшавскиот пакт, за целиот период на неговото постоење, не ни дава многу податоци за некакви несогласувања помеѓу неговите членки, освен случајот со албанското разидување и во одредени периоди романското несогласување со СССР и другите земји-членки. Меѓутоа, во процесот на изградбата на воените и политичките структури на Варшавскиот договор, бугарското раководство настапувало, несомнено, како најверен сојузник на Москва, поради што уживало нејзина постојана доверба и благосклоност. Истовремено, во 50-тите и 60-тите години, кога трајно се сменил центарот на конфликтот помеѓу двата воено-политички блока на Стариот континент - од регионот на Балканот во Централна Европа, како лојален сојузник на СССР се пројавува и Источна Германија. Тоа било последица и на релативно слабото значење и улога што воените стратези во Москва ја давале на своите балкански сојузници, во споредба со континуираното зголемено внимание на „северозападното крило“ на Варшавскиот пакт. Сепак може да се заклучи, дека единствени источноевропски раководители, кои постојано застанувале зад ставовите на Советскиот Сојуз биле лидерите на НР Бугарија и Германската Демократска Република.

Со почетокот на *„перестројката“* во Советскиот Сојуз се променила целата негова надворешна политика. Советскиот Сојуз започнал да се залага за принципите на колективна безбедност и почитување на суверените права на народите, самостојно да го изберат сопствениот пат на развој. СССР не ги попречувал мирните *„кадифени револуции“*, од 1989-1990 год., во земјите од Источна Европа и обединувањето на двете Германии во 1989 година. Периодот од 1989 до 1991 година ќе го означи и падот на советскиот реалсоцијалистички општествено-политички систем и едноумието. Таквиот советски колапс ќе доведе и до пад на сите просоветски комунистички влади во земјите на Источна Европа, што всушност значело и крај на советскиот блок. Целиот процес завршил со самораспуштањето на Организацијата на Варшавскиот договор, по цели 36 години, на состанокот на лидерите на државите и владите на нејзините земји-членки во Прага на 1 јули 1991 година.

## IX.2. Студената војна како историски процес

И покрај политичките и идеолшките разлики и конфликтните интереси Студената војна не се претворила во вистинска разурнувачка војна. Многумина овој период го нарекуваат и *„долг мир“*, но сепак, за време на Студената војна континуирано се воделе и многу локални војни, поттикнати од революционерни, етнички, ралигиозни и други противречности. Зошто не дошло до Трета светска војна во која би биле инволвирани САД, Советскиот Сојуз и нивните сојузници, научните експерти и теоретичари го објаснуваат со следниве причини:

а) Нуклеарното оружје - им било достапно и на двете суперсили САД и Советскиот Сојуз, такашто ниту една страна не сакала го преземе ризикот и да ги постигне своите цели со примена на сила како што тоа го практикувале големите сили низ историјата. Лидерите на двете страни можеле да ги увидат катастрофалните последици од една идна нуклеарна војна, па токму затоа државните врвови на двете страни апстинирале од употреба на сопственото нуклеарно вооружување.

б) Биполаризацијата - според некои теоретичари заменувањето на мултиполарниот свет со биполарна структура на моќ, по Втората светска војна, придонесе за стабилноста на меѓународниот поредок. Според овие тврдења,

предноста на биполарната распределба на моќта во однос на мултиполорноста е во тоа што одговорноста за одржување на меѓународниот мир и поредок е концентрирана, а не диспанзирана. Исто така, конфликтите и чекорите преземани за нивно решавање, помеѓу две клучни страни, се поедноставни, отколку во мултиполарен систем на моќта кога постојат судири и интеракции помеѓу повеќе земји - светски сили.

в) Застареноста на голема војна - според овој став, согледувањето дека за една голема војна потребни се огромни трошоци, за развиените индустриски земји било клучно прашање. Тоа било очигледно и за двете страни во Првата светска војна, а екстремниот реваншизам и расизам на Хитлер, непостојаноста и нескромноста на Мусолини и на одреден број јапонски високи офицери биле потребни за да започне Втората светска војна. Таа војна, всушност, и ги потврди катастрофалните последици од една војна во индустриско време. Од оваа гледна точка, долгиот мир по 1945 год. би се случил и доколку не постоеше нуклеарното оружје.[270]

Иако, блоковската поделба се засновала врз длабоко спротивставените погледи за тоа кој е најдобриот начин на идеолошко, политичко и економско организирање на едно општество, сепак може да се каже дека Студената војна со сета своја противречност, била еден управуван конфликт во кој двете страни ги препознале ограничувањата на она што смеат и она што не смеат да го прават. Студената војна се водела во една рамка на неформални правила, кои се почитуваа во даден момент на кулминација на светска криза и во меѓусебните односи. Сепак, факт е дека што и да ги поделило двете суперсили, како економијата, идеологијата и желбата за глобално влијание, тие целосно се согласувале во еден еден, но најбитен поглед, а тоа била потребата од спречување на нуклеарна војна, односно дека во една таква војна ќе нема победник, туку само две поразени страни, а и човештвото би било уништено. Токму тоа била причината, поради која НАТО и Варшавскиот пакт биле во голема мера претпазливи во поголемиот период од Студената војна. Доколку се земе во предвид вистинскиот страв од избувнување на една нуклеарна војна, примарната цел на двете страни не била да ја уништат другата страна, иако имало некои навестувања за таквата можност, туку тоа повеќе било одржување

[270] Виоти, Пол и Каупи, Марк, op. cit., 87.

на нуклеарната рамнотежа, како средство за одвраќање на противникот од употреба на нуклеарно оружје. Во рамките на тие стравувања од нуклеарна војна, двете страни ги задржувале своите претензии, избегнувајќи потези, кои би довеле до опасна ескалација, што се случило само еднаш - за време на Кубанската криза (1962), кога двата блока биле најблиску до нуклеарен судар.

По затегнатоста со Кубанската ракетна криза и Виетнамската војна, дошло до релаксација т.е. детант во односите меѓу двете суперсили, односно до првите преговори Ричард Никсон - Леонид Брежнев за ограничување на стратешкото вооружување, кои финиширале со договорите за контрола на вооружувањето, потпишани од страна на споменатите лидери на Соединетите Американски Држави и Советскиот Сојуз, во мај 1972 година. Оваа попуштање во меѓусебните односи нагло се влошило со советската интервенција во Авганистан кон, крајот на 1979 год., што придонело за изборот на Роналд Реган за престедател на САД, кој во голема мера го зголемил американското воено зајакнување. Случувањата во Полска и советските притисоци на полскиот врв, да го спречи реформистичкото работничко движење, олицетворено во синдикатот *Солидарност* и неговиот лидер Лех Валенса, дополнително ги влошило односите меѓу двата блока. Советската интервенција во Авганистан се одразила многу негативно поради огромните човечки и материјални загуби, што всушност имало катастрофални последици врз економијата и јавното мислење во СССР, а исто така дошло и до прилично заладување на односите со САД.

Една од причините, поради кои Михаил Горбачов во 1985 год. застанал на чело на државата и партијата во Советскиот Сојуз, бил јасно видливиот голем пад на советската економија и стопанството, воопшто. Еден од првите чекори на Горбачов бил повторна релаксација на односите со САД и Западот, сé со цел да дојде до запирање на уништувачкото трошење на средства во Трката во вооружување, во услови на економска криза. Најпознат негов чекор била политичко-економската стратегија „*Перестројка*" (рус. престројување, реструктруирање), чија цел била воведување на делумна демократизација и економски поттик во советското социјалистичко општество, односно стопанство. Многумина го поставувале прашањето - дали Горбачов го посакувал и очекувал тоа што овие промени во внатрешната и надворешната политика на Советскиот Сојуз предизвикале редица настани, кои довеле до распад на самиот СССР и советскиот блок, а со тоа и до конечен крај на Студената војна (?).

Крајот на Студената војна и распадот на Советскиот Сојуз и неговиот социјалистички блок, како и нарушувањето на глобалната воено-политичка рамнотежа, кон крајот на 80-тите години на минатиот век, предизвика дисперзија на позициите на моќ. Додека Источниот блок ослабнал и се распаднал на помали независни единици, САД одеднаш станаа осамен хегемон на чело на НАТО, без ниту една држава или воен сојуз, кој би можел макар и делумно да му парира во отвореното воено и дипломатско натпреварување. Сепак, со бројните правни акти, стандарди и договори на меѓународното право, применувани од цела низа меѓународни организации, овие остатоци од Советскиот Сојуз и неговиот блок биле поврзани за САД и НАТО, Европската унија итн., истовремено, држејќи ги заедно, но на разумна дистанца.

# Заклучок

Кога во мај 1945 год. војната завршила, Европа постепено започнала да се уредува, во согласност со одлуките на конференциите во Јалта и Потсдам. Но заедно со тоа и со завршувањето на победничката еуфорија, помеѓу сојузниците во антихитлеровската коалиција се заострувале геополитичките и идеолошките судири. Почнала да се наѕира Студената војна. Според мислењето на мнозинството историчари, таа започнала во март 1946 год. со историската фраза за *„железната завеса“* на Винстон Черчил во Фултон. Истовремено, тој ги повикал Соединетите Американски Држави и Велика Британија во воено-политички сојуз против СССР и предложил да се искористат предностите на американскиот монопол над атомското оружје и под закана за уривање на советските градови, да го принудат Советскиот Сојуз на отстапки околу прашањето на Берлин и Германија воопшто.

Едно од најзначајните обележја на Студената војна било формирањето на двата воено-политички блока: Организацијата на Северно-атлантскиот договор (НАТО пакт) во април 1949 год. и Организацијата на Варшавскиот договор (Варшавски пакт) во мај 1955 година.

Првично, идејата на Договорот за НАТО била дека при евентуален напад од страна на Советскиот Сојуз против некоја од европските земји-членки или од Северна Америка, Соединетите Американски Држави ќе го сфатат како напад против самите себе и бидејќи имале најголема и најдобро вооружена армија тие би можеле и најефикасно воено да интервенираат. Од друга страна, од 1950 до 1954 год. Советскиот Сојуз силно се спротивставувал на вклучувањето на СР Германија во воени сојузи, гледајќи во тоа како на клучен фактор за евроатлантскиот и европскиот систем на сигурност. Во тој период советската дипломатија дала серија пропагандни предлози со цел да се спречи СР Германија да влегува во коалиции и воени сојузи (во март и јули 1954 год., СССР, дури им предлагал на САД, Велика Британија и Франција ,свое учество во НАТО).

Како противтежа на НАТО и како одговор на влегувањето на СР Германија во НАТО, во главниот град на НР Полска, на 14 мај 1955 година бил потпишан Варшавскиот пакт или поточно *Договорот за пријателство,*

*соработка и взаемна помош*, кој во основата бил воено-политички сојуз на социјалистичките земји во Европа. Организацијата на Варшавскиот договор бил создадена со цел да се спротивстави на НАТО пактот, кој од официјална Москва бил доживуван како закана. Договорот постоел низ целиот период на Студената војна. Во моментот на потпишување во него учествувале Бугарија, Германската Демократска Република, Албанија (во 1968 год. еднострано го денунцира Договорот), Полска, Романија, СССР, Чехословачка и Унгарија.

Со тоа меѓу Западот и Истокот и формално се спуштила „*железната завеса*“ и се официјализирала блоковската поделба. Заштитувајќи се од можна агресија, геополитички претензии, идеолошки несогласувања, двата блока меѓусебно воено се натпреварувале, но сепак запазувајќи го, макар и кревок, мирот во Европа. Варшавскиот пакт опстојувал околу 36 години. Во тоа време ниту еднаш не било покренато прашањето за истовремено распуштање на двата блока, на НАТО пактот и на Варшавскиот пакт. Како замена за двата пакта и блоковската поделеност, се предлагало да се создаде еден општоевропски систем за колективна безбедност.

Создавањето на регионални воено-политички сојузи бил долг период на окрупнување на светската политичка сцена, а во исто време, биполарноста на центрите на моќ била очигледна и недвосмислена. Формирајќи соодветна противтежа и силна заедничка надворешна закана, декларативно интегрирани во Обединетите Нации, двете суперсили ги предводеле двете струи на светската идеолошка матрица. Со сложени разузнавачки активности била водена студена војна, а со вооружувањето со оружје за масовно уништување бил одржуван студен мир.

Воено-политичкиот сојуз создаден со потпишувањето на Варшавски договор бил еден од основните инструменти на советската воена и политичка контрола над Источна Европа, кој бил потпишан откако Советскиот Сојуз не успеал да го спречи вклучувањето на СР Германија во НАТО, со чии војски западниот воен сојуз станал реална воена сила, која можела да биде сериозна закана за советските интереси. *Договорот за пријателство, соработка и взаемна помош* го формализирал веќе постоечкиот советски социјалистички блок, декларирајќи се како рамноправен и многустран сојуз на Советскиот Сојуз и неговите сојузници-сателити од Источна и Централна Европа.

При потпишувањето на Варшавскиот договор биле создадени два главни органи на организацијата - политички и воен. Така биле создадени: во согласност со член 6 - Политичко-консултативниот комитет (ПКК), како главен политички орган на Варшавскиот договор, односно во согласност со член 5 - Обединетата команда на Обединетите вооружени сили (ОВС) на земјите-членки како главно воено тело на организацијата, на чело со Главниот командант и при него, создадениот Штаб на Обединетите вооружени сили.

Политичко консултативниот комитет како централен и највисок орган, кој имал заедничка надлежност, ги разгледувал и одлучувал, како за сите важни меѓународни прашања, така и за воените прашања од работата на организацијата. Во ПКК сите членки биле застапени од нивните највисоки партиски и државни функционери или други претставници на високо политичко ниво. ПКК бил утврден како основно јадро за воено-политичка соработка и заедничко координирање на акциите. Во рамките на овој комитет биле формирани два органи: Постојана комисија за разгледување на надворешно-политичките прашања и Обединет секретаријат со претставници од сите членки и со седиште во Москва. Може да се заклучи дека ПКК бил најавторитативниот орган во Варшавскиот пакт, во кој од формално-правно гледиште, рамноправни биле претставниците од сите земји-членки на Договорот.

Во рамките на воената структура на Варшавскиот договор, најзначајни воени органи биле Обединетата команда и Штабот на ОВС. Основни задачи и функции на овие тела било перманентно разгледување и решавање на прашањата од областите на воената стратегија и одбраната на земјите-членки на пактот, во случај на вооружена агресија, како и преземањето на сите мерки околу одбраната и нивната координација помеѓу армиите на државите-членки. Врховен заповедник на ОВС бил Главниот командант, а негови заменици биле министрите за одбрана на земјите-членки на Варшавскиот договор. Воените органи на Варшавскиот договор биле строго централизирани и со единствен систем на командување. Тоа го налагало потребата од постојано посветување на внимание во развивањето и спроведувањето на конкретни мерки во организирањето на одбраната на земјите-членки и за одржувањето на борбената готовност на ОВС. Обединетите вооружени сили биле борбено подготвувани, во секој момент воено да одговорат на евентуална агресија од страна на една или повеќе држави врз една или повеќе земји-членки на пактот.

Во Варшавскиот пакт главна и водечка улога, се разбира, имал Советскиот Сојуз. Неговите сателити од пактот ги играле улогите на лојални сојузници и „послушници“. Секоја нивна иницијатива за водење на самостојна национална политика, макар и во контекст на социјалистичките принципи, била осудувана од страна на советскиот државен врв и од страна на останатите земји-членки на пактот, а да не зборуваме за воведување на некои коренити реформи со либерално-демократски предзнак, карактеристичен за Западот. Во таквите моменти, Советскиот Сојуз и неговите сојузници не се дрзнувале ниту од воена интервенција.

Таков, класичен пример била советската интервенција и крвавото задушување на Унгарската контрареволуција во 1956 год., која безмалку значела отфрлување на социјалистичкото уредување, воведување на повеќепартиски систем и отргнување од социјалистичкиот блок и директното советско влијание. Карактеристично за оваа интервенција било тоа што во неа не учествувале армиите на останатите земји-членки на Варшавскиот пакт, туку само советските трупи. За разлика од унгарскиот пример, „*Прашката пролет*“, односно реформите за „*самостоен пат во социјализам*“ во Чехословачка во 1968 год. биле задушени откако воено интервенирале сите земји-членки на пактот, освен две земји-основачи Романија, која се дистанцирала од советската надворешна политика, како ии Албанија, која отпорано го откажала активното учество во пактот.

Треба да се истакнат и примерите со земјите-дисиденти во Варшавскиот пакт - Албанија и Романија, кои одбивајќи да извршат десталинизација, според „новиот курс“ на советското раководство на чело со Хрушчов, заземен по смртта на Сталин и посебно по XX Конгрес на КПСС, започнале да водат свои самостојни национални, како надворешни, така и внатрешни сталинистички политики. Во тој контекст, треба да се напомене дека и лидерите на комунистичките партии во овие две земји Енвер Хоџа и Георге Георгиу-Деж биле личности, кои докрај останале тврдокорни сталинисти.

Меѓутоа, несогласувањата не биле само од идеолошка природа. Исто така, овие две земји не ги прифатиле советските планови, предложени лично од Хрушчов, а спроведувани преку Советот за взаемна економска помош, за водење на една планска централна економија во социјалистичкиот блок. Според тие централни планови секоја земја би се сконцентрирала на

производство на стоки за широка потрошувачка и на земјоделски производи, но само на оние за што одделната земја-членка имала традиционални навики. Сето тоа би било на сметка на индустријализацијата и изградбата на мегаломански капацитети од металургијата, големи енергетски капацитети, итн. Така, традиционално земјоделските неразвиени земји би го снабдувале СССР и другите индустриски земји од пактот со руда и суровини, земјоделски производи и стоки за широка потрошувачка, а за возврат од овие земји и Советскиот Сојуз би увезувале готови технолошки производи и средства за производство.

Увидувајќи дека со нивното прифаќање би потпаднале под индустриска и технолошка зависност од Советскиот Сојуз, Албанија и Романија ги одбиле ваквите предлози и започнале да водат сопствена национална економија со силен акцент на индустријализацијата, со што значително би се намалил увозот и технолошката зависност од други земји. Поради овие идеолошки и стопански несогласувања, Албанија, иако земја-основач и потписник на Варшавскиот договор, користејќи ја својата географска положба на немање заедничка граница како и одалеченоста од СССР и неговите сојузници, ја прекинала секоја соработка со довчерашните сојузници, етикетирајќи ги како „*ревизионисти на вистинскиот социјалистички пат на Сталин*". Дури дошло и до целосен прекин на дипломатските односи со Советскиот Сојуз во 1961 година. Во 1962 год. Албанија ја откажала поддршката на Варшавскиот пакт и го напуштила СЕВ, а по инвазијата врз Чехословачка во 1968 год. и официјално го откажала членството во Варшавскиот пакт. Во своите напори за остварување на својата самостојна национална и надворешна политика, како и за самостоен стопански (посебно плановите за индустријализација на земјата) развој, Албанија го искористила советско-кинеското заладување на односите и пронашла свој покровител и заштитник во голема социјалистичка НР Кина и нејзиниот водач Мао Цетунг, кој исто така цврсто стоел на сталинистички позиции. Сојузот Тирана-Пекинг траел сè до 1978 година, кога дошло до конечен раскин на односите, по што во Албанија започнал периодот на самоизолација.

Од друга страна, Романија многу потпретпазливо ја водела својата национална политика и дистанцираност од Советскиот Сојуз и Варшавскиот пакт. Тоа секако, се должело на нејзината неповолна географска положба. За разлика од Албанија, Романија имала долга граница со СССР и скоро од сите страни се граничела со земји-членки од Варшавскиот пакт, освен на запад каде

се граничела со СФР Југославија, која не била членка на Варшавскиот пакт, но и таа била социјалистичка земја. Поради тоа, кај романскиот државен врв постоел перманентен страв од можна советска интервенција. Токму затоа, иако водела сосем самостојна надворешна политика и во тој контекст имала добри односи со повеќето земји на Западот, Израел, НР Кина (посебно по кинеско-советскиот судир), Албанија, СФР Југославија (Чаушеску бил личен пријател со југословенскиот претседател Тито), Романија никогаш не го откажала своето членство во Варшавскиот пакт и не ги прекинала дипломатските односи со Советскиот Сојуз или било која членка на пактот.

Може да се заклучи дека комунистичките национални режими во Албанија и Романија, иако имале сталинистички предзнак, на лидерот на Варшавскиот пакт - Советскиот Сојуз му задале силен удар врз неговата монополска положба и со тоа допринеле врз намалувањето на неговата контрола. Со тоа, овие режими давале индиректна поддршка за поттикнување на самостојни национални правци во државните раководства на останатите земји-членки на Варшавскиот пакт, како на пример, во Чехословачка, каде самостојниот национален пат значел и обид за поголеми идеолошки и политички реформи.

Да се навратиме на меѓународните односи на светско поле и Студената војна, која во основа била борба и антагонизам помеѓу тоталитаризмот и едноумието, од една, и парламентарната демократија, од друга страна, односно борба за светска доминација, помеѓу двата спротивставени политички и економски системи. Комунистичките идеи од Октомвриската револуција, прикриени со модерна фасада во национални бои, по Втората светска војна во цела низа на земји од Источна и Централна Европа се претвориле во официјални државни програми за изградба на социјализам во светот, се разбира според советскиот модел. Наспроти овој блок, стоел капиталистичкиот блок на земји и либерално-демократскиот Запад, односно НАТО пактот, кој бил предводен од страна на Соединтетите Држави. Иако се претставувал и декларирал како демократски, западниот воено-политички сојуз ништо помалку не заостанувал од СССР и Варшавскиот пакт во своите инволвирања во внатрешните работи на трети земји и во своите отворени претензии за доминација во светски рамки.

Блоковската поделба во периодот на Студената војна го делела светот повеќе од четириесет години и истовремено му се заканувала на човештвото со масовно уништување. Студената војна однела повеќе милиони жртви, повеќето од нив од земјите од таканаречениот Трет свет т.е. неразвиените и полуколнијалните земји од Азија, Африка и Јужна Америка. Меѓутоа, и покрај високо платената цена на ваквите закани и жртви, Студената војна, всушност успеала да создаде едно ниво на стабилност во светски рамки. Имено, многу современици на светската биполаризација го издигнувале односот на суперсилите врз основа на тоа дека светот, во кој две урамнотежени сили си го ограничуваат дејството една на друга, веројатно е постабилен отколку светот во кој би постоеле повеќе блокови или земји, кои би се натпреварувале меѓусебно. Токму од таа причина, голем број денешни историчари, политички аналитичари и експерти на блоковската поделеност гледаат, не само како на една меѓународна стварност во дадениот период, туку и на нешто што било и пожелно во дадениот историски и политички момент.

Да заклучиме дека сепак кај двете суперсили и спротивставени страни во Студената војна опстојувало стравувањето од една разорна атомска, односно нуклеарна војна. Тоа на крајот имало за последица што не дошло до употреба на атомското и нуклеарното оружје и до избувнување на една катастрофална светска нуклеарна војна, во која би немало победник. Стравот од таквата војна бил взаемен. Челниците на Соединетите Американски Држави и Советскиот Сојуз сфатиле каква опасност за целото човештво се крие во новото оружје за масовно уништување на живите суштества. Може да се каже дека Студената војна била сложен политички и полувоен однос, кој значеше меѓусебен натпревар на двата блока, но остана „*студена*" во поголемиот период и не ескалира во самоуништувачка војна, токму поради постоењето на истото тоа нуклеарно вооружување.

Со крајот на Студената војна и со распадот на центрите на моќ дошло и до дисперзија на конфликтите, како и до голем број, помали или поголеми, воени интервенции на САД и мировните мисии на ОН во земјите на Третиот свет. Западните земји го искористија процесот на распаѓањето на социјалистичкиот блок, одлучно интензивирајќи го трендот на интеграција и испитувајќи ги начините за нејзино продлабочување и натамошно проширување. Создавањето на Европската унија, нејзината еволуција и

зајакнувањето на нејзините членки, натрупувањето на огромен капитал и индустриски потенцијал, како и успешниот продор на Исток, на европските народи им даде поттик за да продолжат со интеграциите. Додатен потстрек за повторното обединување на Европа, може да се заклучи, е и надежта дека, покрај НР Кина и Руската Федерација, сега Европската Унија е единствено способна да прерасне во достоен партнер, но и конкурент на американскиот надворешно-политички примат. Притоа, како посебна погодност во таа смисла, треба да се земе во предвид фактот дека и двата споменати сојузи, НАТО и Европската унија, се дел од единствената евро-атлантска интересна групација, дека во голема мера се меѓусебно зависни и дека едни на други не претставуваат директна и отворена закана.

Без оглед на критиките кои можат да се упатат кон Варшавскиот договор, факт е дека, до почетокот на 90-тите години, во Европа никој не се осмелил да војува. По состанокот во Прага на 1 јули 1991 год. и распуштањето на Организацијата на Варшавскиот договор, станале реалност многу воени конфликти во кои биле инволвирани САД и НАТО и тоа: војната во поранешна СФР Југославија, косовската криза и бомбардирањето на СР Југославија од страна на силите на НАТО, нападот врз Ирак со операцијата „Пустинска бура“, а подоцна и рушењето на режимот на Садам Хусеин, војната против талибанскиот режим во Авганистан и други воени конфликти насекаде низ светот.

# Извори и литература

## а) Извори:

1. *Assessing the NATO/Warsaw Pact Military Balance*, Washington, D.C. : The Congress of the United States : Congressional Budget Office, 1977.

2. *Варшавския договор*, available at: http://www.referati.org/varshavskiq-dogovor/48048 /ref (access. 2 August 2012).

3. Kissinger, Henry, *Memoari*. Knjiga prva i Knjiga druga, Zagreb : Vjesnikova press agencija Mladost, 1981.

4. *List of OECD-Organisation for Economic Co-operation and Development*, in Department of International Economic and Social Affairs, „World Economic Survey 1979-1980", New York : United Nations, 1980.

5. *NATO and the Warsaw Pact : force comparisons*, Brussels : NATO, 1982.

6. *New Technology for NATO: Implementing Follow-On Forces Attack*, Washington, DC : U.S. Government Printing Office, June 1987.

7. *О военной доктрине государств - участников Варшавскога договора*, aviable at: http://law7.ru/base29/part3/d29ru3827.htm (access. 4 February 2013).

8. Петровић, Др Ненад, *Депеше југословенског војног изасланика из Будимпеште 1956-1957*, u „Vojno-istorijski glasnik", 2007, br. 1-2, str. 181-196.

9. *Savetovanje političkog konsultativnog komiteta država-članica Varšavskog ugovora : Berlin, 28-29. maja 1987. godine*, Beograd : Ambasada SSSR u SFRJ, 1987.

10. *Sipri at Forty : 1966 to 2006*, Stockholm : International Peace Research Institute, 2006.

11. *Soviet News*, No. 3165 (May 16, 1955), pp. 1-2.

12. *The Military Balance : 1979-1980*, London : IISS Publications, 1979; *The Military Balance : 1981-1982*, London : IISS Publications, 1981.

13. *Treaty of friendship, co-operation and mutual assistance*, aviable at: http://chnm.gmu.edu/1989/archive/files/The%20Warsaw%20Pact_d7223aede6.pdf (access. 6 february 2013).

14. Čerčil, Vinston S., *Drugi svetski rat*, Tom VI. „Trijumf i tragedija", Beograd : Prosveta, 1964.

**б) Литература:**


1. Aleksandrov, Valentin A., *Varšavski ugovor i mir u Evropi : 25 godina multilateralne vojno-političke organizacije 7 socijalističkih zemalja Evrope*, Moskva : Novosti, 1980.
2. Антосяк, Алексей В., *Зарождение народных армий стран-участниц Варшавского договора, 1941-1949 гг.*, Москва : Наука, 1975.
3. Babić, Manojlo, *Nestanak Varšavskog ugovora*, u „Međunarodna politika“, 42 (986), str. 28-30, Beograd : Jugoslovenska stvarnost, 1991.
4. Бахов, Анатаолий. Сергеевич, *Организация Варшавского договора : правовые аспекты*, Москва : Наука, 1971.
5. Бејлис, Џ., Смит, С., и Овенс, П., *Глобализацијата на светската политика*, Скопје : Табернакул, 2009.
6. Benko, Vlado, *Zgodovina mednarodnih odnosov*, Ljubljana : Znanstveno in publicistično središče, 1997.
7. Богетић, Драган, *Југословенско-совјетски односи у светлу војне интервенције у Чехословачкој 1968 године*, у: „1968 - четрдесет година после“: зборник, стр. 129-161, Београд : Институт за новију историју Србије, 2008.
8. Barnet, Džon... et al., *Ilustrovana istorija sveta*, Tom 4. Savremeni svet (redaktori: Vojvodić, M., Stanković, Đ.), Beograd : Narodna knjiga, 1983, str. 308-365.
9. Bartoš, Milan, *Međunarodno javno pravo - ugovorno pravo*, Beograd : Službeni list SFRJ, 1986.
10. Berend, Ivan, *Centralna i Istočna Evropa*, Podgorica : CID, 2001.
11. Bleicken, Jochen... et al. (autori), *Povijest svijeta : od početka do danas*, Zagreb : Naprijed, 1977.
12. *Варшавска конференција европских земаља за осигурање мира и безбедности у Европи, [2] : 11-14 маја 1955*, Букурешт : Државно издавачко предузеће за политичку литературу, 1955.
13. „Варшавский договор“, *Большая Советская Энциклопедия.* третье издание, Т.4, Москва : Государствнноенаучное издательство Большая советская енциклопедия, 1971, стр. 314-316.
14. „Varšavski ugovor“, *Vojna enciklopedija*, drugo izdanje, T.10, Beograd : Redakcija Vojne enciklopedije, 1971-1975, str. 298-299.

15. Vereš, Vladimir, *Politički i strategijski aspekti transformacije armije u Sovjetskom Savezu i Rusiji : promena u sovjetskoj armiji od 1985. do avgusta 1991. godine*, u: „Vojske i promene u evropskim socijalističkim zemljama": zbornik (ured. Zlatko Isaković), str. 29-42, Beograd : Institut za evropske studije, YUPeace - Centar za istraživanje mira i konflikata, 1994.
16. Vereš, Vladimir and Marčesku, Nikolaj, *Changes in the Soviet Union and Warsaw Treaty Military Policy and Doctrine*, Belgrade : Centre of the armed forces for strategic research and studies „Marchal Tito", 1988.
17. Vilić, Dušan i Ilić, Radosav, *Nuklearna modernizacija blokova u Evropi*, Beograd : Predsedništvo Savezne konferencije SR VSJ, 1984.
18. Виоти, Пол и Каупи, Марк, *Меѓународни односи и светската политика : безбедност, економија, идентитет*, Скопје : Академски печат, 2009.
19. Владимиров, С. А. и Теплов Л., *Варшавский договор и НАТО : два курса, две политики*, Москва : Международные отношения, 1979.
20. Волт, Стивен М., *Потеклото на сојузите*, Скопје : Табернакул, 2009.
21. Vukadinović, Dr. Radovan, *Odnosi među evropskim socijalističkim državama : SEV i Varšavski ugovor*, Zagreb : Školska knjiga, 1970.
22. Gati, Charles, *The Bloc That Failed : Soviet-East European relations in transition*, Bloomington [etc.] : Indiana University Press, 1990.
23. Гедис, Џон Луис, *Хладни рат : ми данас знамо*, Београд : Clio, 2003.
24. Густинчич, Јуре и Шеширинац, Димитрије, *Супер силе и супер оружја*, Београд : Политика, 1979.
25. Deletant, Dennis and Ionescu, Mihail, *Romania and the Warsaw Pact : 1955-1989*, Washington : Woodrow Wilson International Center for Scholars, 2004.
26. Diedrich, Torsten und Süß, Walter, *Militär und Staatssicherheit im Sicherheitskonzept der Warschauer-Pakt-Staaten*, Berlin : Ch. Links, 2010.
27. Димишковски, Слободан, *Воената политика на суперсилите и неврзаните земји : моќ и немоќ на современата воена сила*, Скопје : Комунист, 1985.
28. Žic, Zoran, *Mesto i uloga Organizacije Varšavskog ugovora u međunarodnim odnosima u Evropi*, Beograd : Institut za međunarodnu politiku i privredu, 1978.
29. Жуков, Геннадий П., *Варшавский договор и вопросы международной безопасности*, Москва : Издатель. социально-экономической литературы, 1961.
30. Kalić, Dušan (ured.), *Svet posle Drugog svetskog rata*, Knj. 1, Beograd : Sloboda, 1975, str. 391-477.

31. Kenedi, Pol, *Uspon i pad velikih sila : Ekonomska promena i ratovanje od 1500. do 2000. godine*, Podgorica : CID ; Beograd : Službeni list SRJ, 1999.
32. Кремптон, Ричард Џ., *Балкан после Другог светског рата*, Београд : Clio, 2003.
33. Куликов, Виктор Г., *Военная доктрина Варшавского Договора носит оборонительный характер*, Москва : Новости, 1988.
34. Лакер, Волтер, *Историја Европе : 1945-1992*, Београд : Clio, 1999.
35. Лобов, Владимир Н., *Варшавский Договор : История и современность*, Москва : Воениздат, 1990.
36. Lüthi, Lorenz M., *The People's Republic of China and the Warsaw Pact Organization, 1955-63*, In: „Cold War History" (November 2007), Vol. 7, No. 4, , стр. 479-494.
37. Мальцев В. Ф., *Организация Варшавского договора: 1955-1985 : документы и материалы*, Москва : Издательство политической литературы, 1985.
38. Matović, Ivan (odg. urednik), *Evropa danas i bezbednost Jugoslavije*, Beograd : Generalštab JNA, Centar za strategijska istraživanja, 1982.
39. Milardović, Anđelko, *Srednja Europa između mita i zbilje*, Osijek : Pan liber, 1998.
40. Miller, D. M. O., Kennedy, W. V., Jordan, J. and Richardson, D., *The balance of military power : an illustrated assessment comparing the weapons and capabilities of NATO and the Warsaw pact*, London : Salamander books, 1981.
41. Miller, Steven E., *Conventional Forces and American Defense Policy*, Princeton, N.J. : Princeton University Press, 1986.
42. Научный совет АН СССР, *Социалистическое содружество и хельсинкский процесс*, в: Нарочницкий, А. Л. (ед.) и др., „История внешней политики СССР и международных отношений", Москва : Международные отношения, 1988.
43. Нарочницкий, А. Л. (ред.), Институт истории СССР (Академия наук СССР) и др., *СССР и братские социалистические страны Европы в 70-е годы,* Москва : Наука, 1988.
44. *Организация Варшавского договора : 1955-1975 : документы и материалы*, Москва : Издательство политической литературы, 1975.
45. Petković, Ranko, *Dvadeset godina Ujedinjenih nacija*, Beograd : Sedma sila, 1965.
46. Petković, Ranko, *Rekvijem za Varšavski ugovor i NATO*, u: „Međunarodna politika" (1990), Beograd : Međunarodna politika, br. 41 (954), стр. 7-9.

47. Petković, Ranko, *Sistemi bezbednosti u evropskom prostoru*, Zagreb : Fakultet političkih nauka, Institut za političke nauke, 1981.
48. Петковић, Ранко, *XX век на Балкану: Версај, Јалта, Дејтон*, Београд : Службени лист СРЈ, 1996.
49. Petranović, Branko i Zečević, Momčilo, Agonija dve Jugoslavije, Šabac : Zaslon, 1991.
50. Petrović, Bojan, *Odnosi između Varšavskog pakta i evropskih neutralnih i nesvrstanih zemalja - savremena kretanja i perspektive u devedesetim godinama*, Beograd : Institut za medunarodnu politiku i privredu, 1987.
51. Пешевска, Маргарита, *Меѓународните односи по Втората светска војна*, Скопје : Менора, 1999.
52. Пешевска Маргарита, *Светот во транзиција,* Скопје : Менора, 2002.
53. Pirec, Dušan, *Kriza realnog socijalizma? : društveno-ekonomske karakteristike i protivurečnosti istočnoevropskih socijalističkih zemalja*, Beograd : Ekonomika, 1985.
54. Radovanović, Ljubomir, *Odumiranje blokovske politike*, Zagreb : Centar za dokumentaciju i informacije o suvremenom radničkom pokretu - Božidar Adžija, 1964.
55. *Свет после Другог светског рата.* Том 1 и 2, Београд : Слобода,1975.
56. Stanič, Janez, *Razpotja komunizma*, Ljubljana : Cankarjeva založba, 1980.
57. Сулакшин, С.С. (науч. ред.) и др., *История России : Учебник для учителя*, Москва : Научный эксперт, 2012, Глава 25, 26, 27 и 28.
58. Уткин, Анатолий И., *Доктрины атлантизма и европейская интеграция*, Москва : Наука, 1979.
59. Fodor, Neil, *The Warsaw Treaty Organization: a political and organizational analysis*, London : Macmillan press, 1990.
60. Фукујама, Френсис, *Крајот на историјата и последниот човек,* Скопје : Култура, 1994.
61. Хју, Питер, *Поим за глобална безбедност*, Скопје : Табернакул, 2009.
62. Holloway, David and Sharp, Jane M. O., *The Warsaw pact : alliance in transition?*, London : Macmillan press, 1984.
63. Чубарьян, Александр Оганович, *Европа XX века : проблемы мира и безопасности*, Москва : Международные отношения, 1985.
64. Šotra, Žarko, *Aktuelna informacija : Vojne snage Severnoatlantskog pakta i Varšavskog ugovora u Evropi.* Deo 1 i Deo 2, Beograd : Savez rezervnih vojnih starešina Jugoslavije : Predseništvo SK SRVSJ, 1982 i 1983.

**в) Литература достапна на интернет и интернет сајтови (web sites):**

1. Варенников, Валентин И., *Неповторимое*, Часть 6. *„Генеральный штаб Вооруженных Сил“*, Москва : Советский писатель, 2001, Глава II: „Откуда исходит угроза миру“, available at: *http://www.mysteriouscountry.ru/wiki/index.php/Варенников_Валентин_Иванович/Неповторимое/Книга_5/Часть_7/Глава_4* (access. 24 February 2013).

2. *„Варшавски договор“*, available at: *http://www.decommunization.org/Communism/Bulgaria/Warsawpact.htm* (access. 11 August 2012).

3. *Договор о дружбе, сотрудничестве и взаимной помощи, Варшава, 14 мая 1955 г.*, aviable at: *http://www.law.edu.ru/norm/norm.asp?normID=1168226* (access. 7 february 2013)

4. Яковлев, Николай Н., *Война и мир по-американски*, Москва : Педагогика, 1989, Глава: „’Ядерная’ чума и смерть из космоса“, available at: *http://militera.lib.ru/research/yakovlev_nn3/05.html* (access. 17 february 2013)

5. Kałużny, Ryszard, *Układ Warszawski (1955-1991)*, w: „Zeszyty Naukowe WSOWL“, Nr. 1 (147), 2008, pp. 190-196, available at: *http://chomikuj.pl/knes26/Bezpiecze*c5*84stwo+narodowe/Uk*c5*82ad+Warszawski+(1955+-+1991)+-+Ryszard+Ka*c5*82u*c5*bcny,2193827767.pdf* (access. 28 August 2012).

6. *Организация Варшавского Договора*, aviable at: *http://www.law--4u.ru/laws-952-1.html* , *http://www.law--4u.ru/laws-952-2.html* , http://www.law--4u.ru/laws-952-3.html and *http://www.law--4u.ru/laws-952-4.html* (access. 28 february 2013).

7. *Organisation for European Economic Co-operation*, available at: *http://www.oecd.org/general/organisationforeuropeaneconomicco-operation.htm* (access. 25 february 2013).

8. Hoffenaar, Jan and Findlay, Christopher (eds.), *Military planning for European theatre conflict during the cold war*, in: „An oral history roundtable: Stockholm, 24-25 April 2006“, ETH Zurich : Center for Security Studies, 2007, aviable at: *http://www.css.ethz.ch/publications/pdfs/ZB-79.pdf* (access. 25 february 2013).

# ПРИЛОЗИ:

## а) Прилог 1

Modern History Sourcebook:
The Warsaw Pact, 1955

### TREATY OF FRIENDSHIP, CO-OPERATION AND MUTUAL ASSISTANCE

Between the People's Republic of Albania, the People's Republic of Bulgaria, the Hungarian People's Republic, the German Democratic Republic, the Polish People's Republic, the Rumanian People's Republic, the Union of Soviet Socialist Republics, and the Czechoslovak Republic, May 1, 1955.

The contracting parties,

Reaffirming their desire for the organisation of a system of collective security in Europe, with the participation of all the European states, irrespective of their social and state systems, which would make it possible to combine their efforts in the interests of securing peace in Europe.

Taking into consideration at the same tirne the situation obtaining in Europe as the result of ratification of the Paris agreements, which provide for the formation of a new military grouping in the shape of the "Western European Union" together with a remilitarised Western Germany, and for the integration of Western Germany in the North Atlantic bloc, which increases the threat of another war and creates a menace to the national security of the peaceloving states,

Convinced that, under these circumstances, the peaccloving states of Europe should take the necessary measures for safeguarding their security, and in the interests of maintaining peace in Europe.

Guided by the purposes and principles of the United Nations Charter,

In the interests of further strengthening and promoting friendship, co-opcration and mutual assistance, in accordance with the principles of respect for the independence and sovereignty of states, and also with the principle of noninterference in their internal affairs,

Have resolved to conclude this Treaty of Friendship, Co-operation and Mutual Assistance:

**Article 1**. The contracting parties undertake, in accordance with the Charter of the United Nations Organisation, to refrain in their international relations from the threat or use of force, and to settle their international disputes by peaceful means so as not to endanger international peace and security.

**Article 2.** The contracting parties declare their readiness to take part, in the spirit of sincere co-operation, in all international undertakings intended to safeguard international peace and security and they shall use all their energies for the realisation of these aims.

Moreover, the contracting parties shall work for the adoption, in agreement with other states desiring to co-operate in this matter, of effective measures towards a general reduction of armaments and prohibition of atomic, hydrogen and other weapons of mass destruction.

**Article 3.** The contracting parties shall take council among themselves on all important international questions relating to their common interests, guided by the interests of strengthening international peace and security.

They shall take council among themselves immediately, whenever, in the opinion of any of them, there has arisen the threat of an armed attack on one or several states that are signatories of the treaty, in the interests of organising their joint defence and of upholding peace and security.

**Article 4.** In the event of an armed attack in Europe on one or several states that are signatories of the treaty by any state or group of states, each state that is a party to this treaty shall, in the exercise of the right to individual or collective self-defence in accordance with Article 51 of the Charter of the United Nations Organisation, render the state or states so attacked immediate assistance, individually and in agreement with other states that are parties to this treaty, by all the means it may

consider necessary, including the use of armed force. The states that are parties to this treaty shall immediately take council among themselves concerning the necessary joint measures to be adopted for the purpose of restoring and upholding international peace and security.

In accordance with the principles of the Charter of the United Nations Organisation, the Security Council shall be advised of the measures taken on the basis of the present article. These measures shall be stopped as soon as the Security Council has taken the necessary measures for restoring and upholding international peace and security.

**Article 5.** The contracting parties have agreed on the establishment of a joint command for their armed forces, which shall be placed, by agreement among these parties, under this command, which shall function on the basis of jointly defined principles. They shall also take other concerted measures necessary for strengthening their defence capacity, in order to safeguard the peaceful labour of their peoples, to guarantee the inviolability of their frontiers and territories and to provide safeguards against possible aggression.

**Article 6.** For the purpose of holding the consultations provided for in the present treaty among the states that are parties to the treaty, and for the purpose of considering problems arising in connection with the implementation of this treaty, a political consultative committee shall be formed in which each state that is a party to this treaty shall be represented by a member of the government, or any other specially appointed representative.

The committee may, form the auxiliary organs for which the need may arise.

**Article 7.** The contracting parties undertake not to participate in any coalitions and alliances, and not to conclude any agreements the purposes of which would be at variance with those of the present treaty.

The contracting parties declare that their obligations under existing international treaties are not at variance with the provisions of this treaty.

**Article 8.** The contracting parties declare that they will act in the spirit of friendship and co-operation with the object of furthering the development of, and strengthening the economic and cultural relations between them, adliering to the principles of mutual respect for their independence and sovereignty, and of non-interference in their internal affairs.

**Article 9.** The present treaty is open to be acceded to by other states-irrespective of their social and state systems-which may express their readiness to assist, through participation in the present treaty, in combining the efforts of the peaccloving states for the purpose of safeguarding the peace and security, of nations. This act of acceding to the treaty shall become effective, with the consent of the states that are parties to this treaty, after the instrument of accedence has been deposited with the government of the Polish People's Republic.

**Article 10.** The present treaty is subject to ratification, and the instruments of ratification shall be deposited with the government of the Polish People's Republic.

The treaty shall take effect on the date on which the last ratification instrument is deposited. The government of the Polish People's Republic shall advise the other states that are parties to the treaty of each ratification instrument deposited with it.

**Article 11.** The present treaty shall remain in force for 20 years. For the contracting parties which will not have submitted to the government of the Polish People's Republic a statement denouncing the treaty a year before the expiration of its term, it shall remain in force throughout the following ten years.

In the event of the organisation of a system of collective security in Europe and the conclusion of a general European treaty of collective security to that end, which the contracting parties shall unceasingly seek to bring about, the present treaty shall cease to be effective on the date the general European treaty comes into force.

Done in Warsaw, on May 1, 1955, in one copy each in the Russian, Polish, Czech, and German languages, all the texts being equally authentic. Certified copies of the present treaty shall be transmitted by the government of the Polish People's Republic to all the parties to this treaty.

Source (Извор): from Soviet News, No. 3165 (May 16, 1955), pp. 1-2.
*http://chnm.gmu.edu/1989/archive/files/The%20Warsaw%20Pact_d7223aede6.pdf*

## б) Прилог 2

### Договор о дружбе, сотрудничестве и взаимной помощи

### (между Народной Республикой Албанией, Народной Республикой Болгарией, Венгерской Народной Республикой, Германской Демократической Республикой, Польской Народной Республикой, Румынской Народной Республикой, Союзом Советских Социалистических Республик и Чехословацкой Республикой)

**Варшава, 14 мая 1955 г.**

Договаривающиеся Стороны,

Вновь подтверждая свое стремление к созданию системы коллективной безопасности в Европе, основанной на участии в ней всех европейских государств, независимо от их общественного и государственного строя, что позволило бы объединить их усилия в интересах обеспечения мира в Европе,

Учитывая вместе с тем положение, которое создалось в Европе в результате ратификации парижских соглашений, предусматривающих образование новой военной группировки в виде "западноевропейского союза" с участием ремилитаризуемой Западной Германии и с включением ее в Североатлантический блок, что усиливает опасность новой войны и создает угрозу национальной безопасности миролюбивых государств,

Будучи убеждены в том, что в этих условиях миролюбивые государства Европы должны принять необходимые меры для обеспечения своей безопасности и в интересах поддержания мира в Европе,

Руководствуясь целями и принципами Устава Организации Объединенных Наций,

В интересах дальнейшего укрепления и развития дружбы, сотрудничества и взаимной помощи в соответствии с принципами уважения независимости и суверенитета государств, а также невмешательства в их внутренние дела,

Решили заключить настоящий Договор о дружбе, сотрудничестве и взаимной помощи и назначили своими уполномоченными:

(следуют фамилии уполномоченных),
которые, представив свои полномочия, найденные в должной форме и полном порядке, согласились о нижеследующем.

**Статья 1**

Договаривающиеся Стороны обязуются в соответствии с Уставом Организации Объединенных Наций воздерживаться в своих международных отношениях от угрозы силой или ее применения и разрешать свои международные споры мирными средствами таким образом, чтобы не ставить под угрозу международный мир и безопасность.

**Статья 2**

Договаривающиеся Стороны заявляют о своей готовности участвовать в духе искреннего сотрудничества во всех международных действиях, имеющих целью обеспечение международного мира и безопасности, и будут полностью отдавать свои силы осуществлению этих целей.

При этом Договаривающиеся Стороны будут добиваться принятия, по соглашению с другими государствами, которые пожелают сотрудничать в этом деле, эффективных мер к всеобщему сокращению вооружений и запрещению атомного, водородного и других видов оружия массового уничтожения.

**Статья 3**

Договаривающиеся Стороны будут консультироваться между собой по всем важным международным вопросам, затрагивающим их общие интересы, руководствуясь интересами укрепления международного мира и безопасности.

Они будут безотлагательно консультироваться между собой всякий раз, когда, по мнению любой из них, возникнет угроза вооруженного нападения на одно или несколько государств - участников Договора, в интересах обеспечения совместной обороны и поддержания мира и безопасности.

**Статья 4**

В случае вооруженного нападения в Европе на одно или несколько государств - участников Договора со стороны какого-либо государства или группы государств, каждое государство - участник Договора в порядке осуществления права на индивидуальную или коллективную самооборону, в соответствии со статьей 51 Устава Организации Объединенных Наций, окажет государству или государствам, подвергшимся такому нападению, немедленную помощь, индивидуально и по соглашению с другими государствами - участниками Договора, всеми средствами, какие представляются ему необходимыми, включая применение вооруженной силы. Государства - участники Договора будут немедленно консультироваться относительно совместных мер, которые необходимо предпринять в целях восстановления и поддержания международного мира и безопасности.

О мерах, предпринятых на основании настоящей статьи, будет сообщено Совету Безопасности в соответствии с положениями Устава Организации Объединенных Наций. Эти меры будут прекращены, как только Совет Безопасности примет меры, необходимые для восстановления и поддержания международного мира и безопасности.

**Статья 5**

Договаривающиеся Стороны согласились о создании Объединенного Командования их вооруженными силами, которые будут выделены по соглашению между Сторонами в ведение этого Командования, действующего на основе совместно установленных принципов. Они будут принимать также другие согласованные меры, необходимые для укрепления их обороноспособности, с тем чтобы оградить мирный труд их народов, гарантировать неприкосновенность их границ и территорий и обеспечить защиту от возможной агрессии.

**Статья 6**

В целях осуществления предусматриваемых настоящим Договором консультаций между государствами - участниками Договора и для рассмотрения вопросов, возникающих в связи с осуществлением настоящего Договора, создается Политический Консультативный Комитет, в котором каждое государство - участник Договора будет представлено членом Правительства или другим особо назначенным представителем.

Комитет может создавать вспомогательные органы, которые окажутся необходимыми.

**Статья 7**

Договаривающиеся Стороны обязуются не принимать участия в каких-либо коалициях или союзах и не заключать никаких соглашений, цели которых противоречат целям настоящего Договора.

Договаривающиеся Стороны заявляют, что их обязательства по действующим международным договорам не находятся в противоречии с положениями настоящего Договора.

**Статья 8**

Договаривающиеся Стороны заявляют, что они будут действовать в духе дружбы и сотрудничества в целях дальнейшего развития и укрепления экономических и культурных связей между ними, следуя принципам взаимного уважения их независимости и суверенитета и невмешательства в их внутренние дела.

**Статья 9**

Настоящий Договор открыт для присоединения других государств, независимо от их общественного и государственного строя, которые выразят готовность путем участия в настоящем Договоре способствовать объединению усилий миролюбивых государств в целях обеспечения мира и безопасности народов. Такое присоединение вступит в силу с согласия государств - участников Договора после передачи на хранение Правительству Польской Народной Республики документа о присоединении.

**Статья 10**

Настоящий Договор подлежит ратификации, и ратификационные грамоты будут переданы на хранение Правительству Польской Народной Республики.

Договор вступит в силу в день передачи на хранение последней ратификационной грамоты. Правительство Польской Народной Республики будет информировать другие государства - участники Договора о передаче на хранение каждой ратификационной грамоты.

**Статья 11**

Настоящий Договор останется в силе в течение двадцати лет. Для Договаривающихся Сторон, которые за год до истечения этого срока не передадут Правительству Польской Народной Республики заявления о денонсации Договора, он будет оставаться в силе в течение следующих десяти лет.

В случае создания в Европе системы коллективной безопасности и заключения с этой целью Общеевропейского Договора о коллективной безопасности, к чему неуклонно будут стремиться Договаривающиеся Стороны, настоящий Договор утратит свою силу со дня вступления в действие Общеевропейского Договора.

Составлено в Варшаве четырнадцатого мая 1955 года в одном экземпляре на русском, польском, чешском и немецком языках, причем все тексты имеют одинаковую силу. Заверенные копии настоящего Договора будут направлены Правительством Польской Народной Республики всем другим участникам Договора.

В удостоверение чего уполномоченные подписали настоящий Договор и приложили к нему печати.

(Подписи)

Источник (Извор): Юридическая Россия - Федеральный правовой портал
http://www.law.edu.ru/norm/norm.asp?normID=1168226

## в) Прилог 3

### О ВОЕННОЙ ДОКТРИНЕ ГОСУДАРСТВ - УЧАСТНИКОВ ВАРШАВСКОГО ДОГОВОРА

В современной обстановке возрастает значение правильного понимания целей и намерений государств и военно-политических союзов в военной области, воплощенных в их военных доктринах. Сознавая это и исходя из необходимости окончательного устранения войны из жизни человечества, прекращения гонки вооружений, исключения применения военной силы, укрепления мира и безопасности и осуществления полного и всеобщего разоружения, государства - участники Варшавского Договора решили изложить принципиальные положения своей военной доктрины, которая лежит в основе деятельности Варшавского Договора, отражает общность оборонительных военно-политических целей его государств - участников и их национальных военных доктрин.

I

Военная доктрина Варшавского Договора, как и каждого из его участников, подчинена задаче недопущения войны - как ядерной, так и обычной. В силу самой природы социалистического общественного строя эти государства не связывали и не связывают свое будущее с военным решением международных проблем. Они выступают за решение всех спорных международных вопросов лишь мирным путем, политическими средствами.

В ядерно-космический век мир стал слишком хрупким для войны и силовой политики. В условиях, когда накоплены колоссальные количества самых смертоносных вооружений, человечество оказалось перед проблемой выживания; мировая война, тем более ядерная, имела бы катастрофические последствия, не только для стран, непосредственно вовлеченных в конфликт, но и для самой жизни на Земле.

Военная доктрина государств - участников Варшавского Договора является строго оборонительной, исходит из того, что в нынешних условиях применение военного пути для решения любого спорного вопроса недопустимо. Суть ее состоит в следующем:

Государства - участники Варшавского Договора никогда, ни при каких обстоятельствах не начнут военных действий против какого бы то ни было государства или союза государств, если сами не станут объектом вооруженного нападения.

Они никогда не применят первыми ядерное оружие.

Они не имеют территориальных претензий ни к какому государству ни в Европе, ни вне Европы.

Они не относятся ни к одному государству, ни к одному народу как к своему врагу; наоборот, готовы со всеми без исключения странами мира строить отношения на основе взаимного учета интересов безопасности и мирного сосуществования. Государства - участники Варшавского Договора заявляют, что свои международные отношения твердо основывают на уважении принципов независимости и национального суверенитета, неприменения силы или угрозы силой, нерушимости границ и территориальной целостности, разрешения конфликтов мирны путем, невмешательства во внутренние дела, равноправия и остальных принципов и целей, предусмотренных Уставом ООН и хельсинским Заключительным актом и всеобщепризнанными нормами международных отношений.

Выступая за осуществление мер разоружения, государства - участники Варшавского Договора вынуждены содержать свои вооруженные силы в таком составе и на таком уровне,которые позволили бы им отразить любое нападение извне против любого государства - участника Договора.

Вооруженные силы союзных государств поддерживаются в боеготовности, достаточной для того, чтобы не позволить застигнуть себя врасплох; а в том случае, если на них все же будет совершено нападение, они дадут сокрушительный отпор агрессору.

У государств - участников Варшавского Договора никогда не было и нет стремления обладать вооруженными силами и вооружениями сверх того, что необходимо для этих целей. Они строго придерживаются, таким образом, пределов достаточности для обороны, для отражения возможной агрессии.

II

Государства - участники Варшавского Договора считают первейшим долгом перед своими народами надежное обеспечение их безопасности. На большую, чем у других стран, безопасность союзные социалистические государства не претендуют, но и на меньшую не пойдут. Существующий в настоящее время военно-стратегический паритет остается решающим фактором недопущения войны. Однако дальнейшее повышение уровня паритета не приносит, как показывает опыт, больше безопасности. Поэтому они будут продолжать прилагать усилия для сохранения равновесия военных сил на все более низком уровне. В этих условиях прекращение гонки вооружений и осуществление мер реального разоружения приобретают поистине историческое значение. У государств в наше время нет иного пути, как достижение договоренностей о радикальном понижении уровня военного противостояния.

Государства - участники Варшавского Договора решительно выступают с этих позиций. В полном соответствии с оборонительной сутью своей военной доктрины они последовательно добиваются следующих основных целей:

Первое. Скорейшее полное и всеобщее запрещение ядерных испытаний в качестве первоочередной меры в деле прекращения разработки, производства и совершенствования ядерных вооружений, их поэтапное сокращение и полная ликвидация, недопущение распространения гонки вооружений на космическое пространство.

Второе. Запрещение и ликвидация химического и других видов оружия массового уничтожения.

Третье. Сокращение в Европе вооруженных сил и обычных вооружений до уровня, при котором ни одна из сторон, обеспечивая свою оборону, не имела бы средств для внезапного нападения на другую сторону, для развертывания наступательных операций вообще.

Четвертое. Строгий контроль за всеми мерами разоружения, основанный на сочетании национальных технических средств и международных процедур, включая создание соответствующих международных органов, обмен военной информацией, проведение инспекций на местах.

Пятое. Создание в различных регионах Европы и в других районах мира зон, свободных от ядерного, химического оружия, а также зон пониженной концентрации вооружений и повышенного доверия, осуществление военных мер доверия в Европе на взаимной основе и достижение договоренностей о таких мерах в других районах, а также на морях и океанах. Взаимный отказ государств - участников Варшавского Договора и стран - членов Североатлантического союза от применения военной силы и принятие обязательств поддерживать отношения мира, ликвидация военных баз на территории других государств; вывод войск в пределы национальных границ, взаимный вывод из зоны непосредственного соприкосновения двух военных союзов наиболее опасных наступательных видов вооружений, а также уменьшение концентрации в этой зоне вооруженных сил и вооружений до минимального согласованного уровня.

Шестое. Считая ненормальным продолжающийся раскол Европы на противостоящие военные блоки, государства - участники Варшавского Договора выступают за одновременный роспуск Североатлантического союза и Варшавского Договора и в качестве первого шага - ликвидацию их военных организаций, создание в конечном итоге всеобъемлющей системы международной безопасности.

* * *

Государства - участники Варшавского Договора предлагают государствам - членам Североатлантического союза провести консультации с целью сопоставления военных доктрин обоих союзов, анализа их характера, совместного рассмотрения направлений их дальнейшей эволюции, имея в виду снять накапливавшиеся годами взаимные подозрительность и недоверие, достигнуть лучшего понимания намерений друг друга, обеспечить, чтобы военные концепции и доктрины военных блоков и их участников базировались на оборонительных началах.

Предметом консультаций могли бы стать также сложившиеся дисбалансы и асимметрии по отдельным видам вооружений и вооруженных сил и поиск путей их устранения на основе сокращения у того, кто оказался впереди, при том понимании, что такие сокращения приведут к установлению все более низких уровней.

Социалистические государства - участники Договора предлагают провести такие консультации на авторитетном экспертном уровне с участием военных специалистов стран обеих сторон. Они готовы к проведению таких консультаций уже в 1987 году. Консультации могли бы проводиться в Варшаве или в Брюсселе, либо поочередно в каждом из этих городов.

Берлин, 29-го мая 1987 года,

За Народную Республику Болгарию

Тодор Живков
Генеральный секретарь ЦК Болгарской коммунистической партии,
Председатель Государственного совета Народной Республики Болгарии

За Венгерскую Народную Республику

Янош Кадар
Генеральный секретарь Венгерской социалистической рабочей партии

За Германскую Демократическую Республику

Эрих Хонеккер
Генеральный секретарь ЦК Социалистической единой партии Германии,
Председатель Государственного совета Германской Демократической Республики

За Польскую Народную Республику

Войцех Ярузельский
Первый секретарь ЦК Польской объединенной рабочей партии,
Председатель Государственного совета Польской Народной Республики

За Социалистическую Республику Румынию

Николае Чаушеску
Генеральный секретарь Румынской коммунистической партии,
Президент Социалистической Республики Румынии

За Союз Советских Социалистических Республик

М.С.Горбачёв
Генеральный секретарь ЦК Коммунистической партии Советского Союза

За Чехословацкую Социалистическую Республику

Густав Гусак
Генеральный секретарь ЦК Коммунистической партии Чехословакии,
Президент Чехословацкой Социалистической Республики

Источник (Извор): http://law7.ru/base29/part3/d29ru3827.htm